**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Деведесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана 28 април 2005 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Дами и господа пратеници, ја отворам Деведесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Орданчо Тасев, Љубчо Георгиевски, Зоран Томиќ, Елеонора Петрова-Митевска, Есад Рахиќ, Ванчо Ѓорѓиев, Славица Станковска, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Ганка Самоиловска-Цветанова, Љубисав Иванов-Ѕинго, Зоран Крстевски, Анѓелка Пеева-Лауренчиќ, Андреј Жерновски, Стојан Андов, Али Ахмети и Рафис Алити, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата поканети се претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците: Силвана Бонева и Марјан Ѓорчев.

Министерот за транспорт и врски достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Коста Прешовски и Абдилаќим Адеми.

Министерот за здравство достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Кенан Хасипи и Мите Николов.

Министерот за економија достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Борко Ангелковски, Есад Рахиќ и Абдилаќим Адеми.

Министерот за внатрешни работи достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Ванчо Стаменков, Џевдет Насуфи и Иван Анастасовски.

(Некои од пратениците влегуваат во салата)

Само да ги информирам сите дека седницата е веќе започната, кој сака да слуша, може да слуша, кој не, може слободно да излезе.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Илија Србиновски, Ѓорѓе Паљошковски и Михајло Георгиевски.

Министерот за одбрана достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам пратеникот Силвана Бонева да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Пратеничкото прашање се однесуваше на тоа кој како ќе ги покрие долговите на општините за да може непречено да функционираат и да се спроведе процесот на децентрализација.

Во одговорот од страна на Владата имаат кажано дека ќе се нарпави план за разрешување на долговите изготвен од страна на Министерството за финансии, а кој што ќе биде донесен од страна на Владата на Република Македонија. Потоа, втора фаза е дека ќе започнат преговори помеѓу доверителите и општините за да се постигне согласност за планот кој што го има направено Министерството за финансии одобрено од Владата. И, подоцна по постигнувањето на согласноста помеѓу договорените страни дека ќе се воспсотави процедура за реализација на планот.

Моето прашање би гласело, што ќе се случи доколку не се постигне спогодба со договорените страни односно, доколку доверителите не се согласат да отстапат односно да отпишат 50% од сегашните долгови по камати.

БидејќИ времето на договорната економија заврши сега сме пазарно стопанство со приватна сопственост што треба да биде светост и како, на кој начин Владата ќе ги натера овие луѓе, доверителите, кој што во најголем дел се приватни претпријатија да се откажат од 50% од обврските што ги имаат направено општините кон нив по основ на камати. Понатаму, велат, дека другите 50% од обврските по основ на камати ќе се подмират од странски донатори.

Од кои странски донатори мисли Владата да ги подмири обврските за да можат непречено да започнат општините со децентрализацијата и работењето? Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Госпоѓо Бонева прашањето е упатено повторно до Владата.

Во име на Владата, министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Не се работи за договорни економии, нема потреба од таков сарказам од страна на госпоѓата Бонева. Македонија преговара за своите долгови со сите меѓународни, билатерални и мултелатерални доверители за репрограми, за отпис и тоа е нормално во светот.

Конкретно на прашањето, на дополнителното прашање. Ние ќе понудиме на донаторска конференција на донаторите да донираат дел од каматите кои ги создале општините, не по вина на Владата. Доколку се согласат, ќе се подмират. Доколку не се согласат, долговите ќе останат на општините. Истото ќе биде и со оние кои имаат побарувања од општините, не за главницата, туку се работи за каматите. Доколку тие сакаат да отпишат 50% со цел долговите да се репрограмираат како основица и потоа понатаму

да си ги измируваат обврските од страна на општините, ќе се прифати таа варијанта.

Ако тие одбијат, тие во најголем дел се приватни, има некои доверители од јавниот сектор, ако тие прифатат, тоа ќе се спроведе. Ако не прифатат, општините во текот на идниот тпериод ќе треба да си ги подмируваат долговите и тоа ќе падне на товар на општините. Која општина колку се задолжила и како ќе си ги подмири обврските ќе одлучуваат органите на децентрилизираните општини и за тоа впрочем граѓаните донесле одлука и кога ги бирале тие што ги создале долговите и кога ги бирале сега новите власти кои треба да ги разрешат долговите. Тука нема ништо спорно. Се работи за добра волја од страна Владата, општините, приватните доверители и Меѓународната донаторска конференција, која ќе ја свикаме. Колку резултат ќе се постигне, толку ќе се олесни на општините. Колку резултат, условно, нема да се постигне, за тој дел долговите ќе си останат на општините. Дел од долговите, во одговорот прецизно пишува, кои ќе ги преземе Владата на Република Македонија.

Се работи само за добра волја и за план за надмирување на тоа. Крајниот товар не може да се избегне ако не се оди во правец во кој ние предлагаме дека ќе биде на товар на општините, сами. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине минситре.

Го молам пратеникот Марјан Ѓорчев да се произнесе дали е задоволен од одговорите добиени од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнителни прашања.

Има збор пратеникот Марјан Ѓорчев.

Повелете господине Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Благодарам господине потпретседателе,

Првото прашање кое што го поставив беше во делот на трансформацијата односно повторното работење на рудниците "Злетово" и "Тораница" во насока на изнаоѓање решение за еден регион кој што целосно зависи од производството на оловоцинковата руда и два града односно Пробиштип, Злетово и Крива Паланка се зависни од работењето на овие рудници. И, голем број на вработени 1400 во рудници "Злетово" и 500 во "Тораница", значи 2000 фамилии.

Она што е одговорно од страна на Владата е дека веќе се продадени на тендер и двата рудника на "Трафаргал-рисрсис" ДОО Скопје.

Јас во моето прашање токму се насочив на тоа, дали Владата има сознанија дали се работи за фирма поштенско сандаче, кои што ги има по Европа и ги нудат своите понуди низ сиромашните земји од Средна и Источна Европа. И, во насока на тоа дали таквите фирми имаат цел навистина да работат рудниците "Злетово" и "Тораница" или само тие капацитети да не бидат конкуренција на другите олово-цинкови рудници широм Европа и светот.

Ја замолувам Владата, не само што прашувам да ги провери сите потенцијални, би рекол, други инвеститори, вклучително и оваа фирма, нејзините биланси, можности за развој затоа што двете основни стратегии на Светската банка и на ММФ се елиминирање на сиромаштијата И олеснување на стопанскиот раст. Со вакви фирми Македонија не може да го зголеми стопанскиот раст и да ја елиминира сиромаштијата.

Дали на Владата и се познати капацитетите на оваа фирма? Тоа е моето дополнително прашање.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ѓорчев.

Дали некој ќе одговори во името на Владата или одговорот ќе биде по писмен пат.

Ќе добиете писмен одговор на дополнителното прашање.

Повелете за второто прашање.

**Марјан Ѓорчев:** Јас сум делумно задоволен со одговорот, со тоа што би сакал да укажам дека во делот на мерките за поддршка на извозот, повторно, само декларативно се наведуваат, пред се мерките на промоција на нашата презентација на економските потенцијали широм светот, на саеми и воведувањето на стандардите за квалитет. Меѓутоа, објективно отсуствуваат реални мерки во делот на одредени олеснувања кои што ќе овозможат нашитес токи да бидат поконкурентни на странските пазари и во таа насока, ја прашувам Владата, дали за таа цел ќе биде изготвена стратегија или друг оперативен годишен или среднорочен план за конкретни мерки во поглед на даноците, давачките, сите оние мерки, царини за репроматеријали и сето она што претставува ослободување од одредени давачки према државата за да може нашиот производ да биде поконкурентен на странските пазари.

Само на таков начин ние можеме да се бориме во услови на ситуација каква што е во нашата монетарна политика со светските цени на исти такви производи кои што конкурираат од други земји. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете, господине минситре.

**Никола Поповски:** Благодарам. Дополнителното прашање повторно се повикува на мерки и активности кои Владата ќе ги преземе за поттикнување на извозот. Јас повторно ќе укажам дека

извозот е супстракт на вкупната економска состојба во Република Македонија и ние не можеме било која мерка да ја гледаме изолирано дека е во насока на поттикнување на извозот или не, затоа што македонското стопанство особено во материјалното производство 80% од својот бруто домашен производ го разменува со светот, заради големината на македонската економија.

Во таа смисла сите мерки што ги презема Владата едновремено се и мерки за поттикнување на извозот.

Во врска со прашањето дали дополнителни дирекни стимулации за извоз или намалување на царините ќе има во оваа година, одговорот е директен, не надвор од тоа што Владата го зацрта во макроекономската политика за оваа година. Тој документ објавен е во “Службен весник “ и достапен ви е да не го елаборираме. Тие мерки што се таму наведени се тие со кои ќе има индирекни стимулации и ослободување.

Во врска со царинската заштита, ослободувањата односно намалувањата на царинската заштита за одредени видови на сегменти и на производи, имаат динамика по неколку основи, зависно дали имаме договор за слободна трговија, дали се однесува намалувањето константно на царинските стапки на договорот на Светската трговска организација или со договорот за Европската унија. По сите тие основи ставките континуирано се намалуваат и тука промена во овој момент од зацртаното нема да има, што значи континуираната промена продолжува во насока на поголема либерализација.

Нашето видување е дека мерките даваат резултат. Јас само за крај ќе искажам еден податок. Во првиот квартал од оваа година јануари, вевруари, март сумарно, растот на извозот во Република Македонија е 30,6%, а растот на увозот е 12,8%. Како што гледате извозот расте повеќе од дупло од растот на увозот. Дури и кога ќе го изолираме влијанието на курсот на доларот ние имаме дупло и повеќе од дупло поголем раст на извозот отколку увозот. И, во овој момент покриеноста на увозот со извоз ја имаме подигнато до границата од 70%, што за нас е одличен резултат ако успееме да го задржиме до крајот на годината виза-ви стварноста дека на пример секогаш варирало меѓу 55 до 60, 61% во последниве неколку години.

Веднаш да кажам и уште еден податок дека трговскиот дефицит на Република Македонија во првите три месеци е 216 милијони долари и тоа е значително помал од соодветните периоди во изминатите години. Ако го проектираме на ниво на една година ќе видиме дека односите во трговијата со светот, барем во првиот и сме охрабрени дека таквата позиција на Македонија до крајот на годината ќе го намали трговскиот дефицит од постојниот во 2004, 2003, 2002 и особено 2001 кога имаше ред други причини, поголеми дефицити во трговската размена.

Тоа е кратко, одговор на дополнителното прашање.

**Слободан Најдовски:** Господине Караџоски, процедурално, повелете.

**Жарко Караџоски:** Господине потпретседателе, седницата ја почнавме токму на време, а меѓутоа од името на пратеничката група, барам половина час пауза, затоа што овдека работиме со четворица министри и една вице-премиерка, другото е заменици. Владата не е комплетна така да голем број од прашањата кои сакаме да ги поставиме, не се тука претставниците на Владата.

Затоа бараме половина час пауза, вие да обезбедите Владата да биде комплетна.

**Слободан Најдовски:** Господине Караџоски овде имаме единаесет претставници на министерствата. Пауза за пратенички прашања сега не може. Вие ако сакате за тоа време можете додека поставуваат прашања за оние министри што се тука, за другите ќе ви се одговори писмено.

Продолжуваме со работа.

(Реакција на пратеникот Караџоски)

Продолжуваме со работа, вие барате да ги обезбедиме сите министри, да ги имаме тука. Продолжуваме со работа, немате повеќе право на дискусија.

Господине Ѓорчев, имате нешто, не сте приајвени, а гледам кревате рака.

Господине Ѓорчев министерот за финансии вас ви одговори на дополнително прашање, по дополнително прашање вие немате право на повеќе дополнителни прашања. Тоа е. Така е по Деловникот, не е друго.

Продолжуваме. Го молам пратеникот Коста Прешоски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од минситерот за транспор ти врски или сака да постави дополнително прашање. Има збор пратеникот Коста Прешоски.

Повелете господине Прешоски.'

**Коста Прешоски:** Благодарам потпретседателе, во целсот сум задоволен од одговорот.

**Слободан Најдовски:** Благодарма господине Прешоски.

Го молам пратеникот Абдулаќим Адеми да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од минситерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Абдилаќим Адеми. Повелете господине Адеми.

**Абдилаќим Адеми:** Ви благодарам господине потпретседател,јас исто така сум задоволен од одговорот што го добив од страна на министерот за транспорт и врски. Немам дополнително прашање.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Адеми.

Го молам пратеникот Кенан Хасипи, не е тука.

Го молам пратеникот Мите Николов да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за здравство или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Николов Мите. Повелете господине Николов.

**Мите Николов:** Ви благодарам господине потпретседател, задоволен сум од одговорот на минситерот за здравство и верувам во тоа дека желбата од 800 доктори по медицина и стоматологија кои после долгите исцрпувачки студии чекаат повеќе години во агенциите за

вработување се со цел да го обавуваат својот животен позив, одржување и подобрување на здравјето на граѓаните, ќе започне постепено да се реализира.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Николов.

Го молам пратеникот Борко Ангелковски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од минситерот за економија или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Борко Ангелковски, повелете.

**Борко Ангелковски:** Благодарам господин потпретседателе, задоволен сум од одговорот, во целост.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Знгелковски.

Господинот Есат Рахиќ не е присутен.

Го молам пратеникот Абдилаќим Адеми да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од минситерот за економија или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Абдилаќим Адеми, повелете.

**Абдилаќим Адеми:** Ви благодарам господине потпретседател. Иако нема претставник од Министерството за економија, јас ќе кажам дека од одговорот што го прочитав на поставеното прашање на минатата седница можам да констатирам дека Министерството по економија на таксативен начин ја наброја или ја напиша постапката како е направена приватизацијата. Но, од тоа што може да се види во пракса, таму може да се забележи дека приватизацијата во “Алумина” не е извршена на регуларен начин и тука има злоупотреби. Но, и покрај тоа, сигурно дека тоа останува да се објасни во судските постапки, така како што е констатирано од ова Министерство. Затоа немам дополнително прашање за Министерството по економија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Адеми.

Го молам пратеникот Ванчо Стаменков да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од минситерот за внатрешни работи или сака да постави дополнително прашање.

Повелете господине Стаменков.

**Ванчо Стаменков:**Благодарам потпретседателе,

Имам каков таков одговор.

Прво, пратеничкото прашање што го поставив не е во целост доставено од службите на Собранието до министерот, тука е грешката, па во тој контекст настапила грешка во одговорот посебно во првиот дел од прашањето.

Јас барав колку лични карти се издадени во Кочани, а не на територијата на цела Македонија во сите подрачни министерства.

Друга работа исто во одговорот не барав колку граѓани излегле од Македонија во периодот од 13.03. до 27.03. туку барав колку на денот на гласањето на 27 март биле отсутни од државата. Работите се испомешани, па мислам дека министерот треба уште еднаш да го провери ова.

Првиот дел од прашањето се однесува на Кочани, а не на цела Македонија.

Вториот дел од прашањето се однесува колку граѓани отсуствувале од Република Македонија, а се жители на општина Кочани. Ако немате увид во избирачкиот список, тогаш можете да дадете одговор, имате увид кои се граѓани на Кочани.

Третиот дел на прашањето исто не се однесува за изборниот процес, јас не сум навел поплаки во врска со изборите, туку имам конкретно кажано колку случаи на насилство и нарушувње на јавниот ред и мир има пријавено во општина Кочани во периодот од 13.03.2005 година до 27.03.2005 година и што е преземено од министерот за внатрешни работи.

Тоа се тие работи, а не поплаки во врска со изборите. Имаме потешки нарушувања на јавниот ред и мир и случаи на насилство кои воопшто не се поврзани со изборите. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стаменков.

Има збор министерот за внатрешни работи, господинот Михајловски.

**Љубомир Михајловски:** Господине пратеник како сте го поставиле прашањето така сте добиле одговор. Колку лични карти, сакате да ви го цитирам прашањето? За да ви појаснам, бидејќи се работи за Кочани, што не сте го прецизирале за Кочани, во Секторот за внатрешни работи Кочани во периодот што сте го навеле односно што сте барале информација, издадени се 536 лични карти на барање на граѓаните на 13 март 2005 година издадени се 146 лични карти а на 27.03.2005 година издадени се 67 лични карти.

Во периодот од 13.03.2005 година до 27.03.2005 година 7 граѓани од подрачјето на Кочани пријавиле престојувалиште во странство.

Тоа е дополнително што можам да ви кажам во моментот, инаку прашањето е јасно што сте го поставиле, така сме одговарале. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре, по однос на прашањето како е поставено, прашањето е поставено од службите онака како што е во стенограмот односно онака како го поставил пратеникот.

Господинот Џевдет Насуфи не е тука.

Го молам пратеникот Иван Анастасовски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Иван Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван потпретседател, господа министри,

Бидејќи сега го добив одговорот на моето пратеничко прашање од министерот за внатрешни работи. Од брзината на која е одговорено прашањето навистина сум задоволен. На 20-ти го имам поставено прашањето денеска веќе го имам

одговорот од министерот и тоа е навистина за поздравување.

Меѓутоа, од друга страна што е напишано внатре, тоа е друг момент и каков е одговорот. Значи, министерот прецизно има одговорено на она што јас го побарав во писмена форма и тоа го објаснува така како што е.

Од друга страна, бидејќи се работи за припадници на резервниот состав од три општини Куманово, Тетово и Арачиново, моето залагање и потренцирање на резервниот состав кој доаѓа од општина Куманово што точно во прашањето е наведено колкав е бројот, тоа значи онака како јас го имам формулирано прашањето во тој дел навистина не е можно тоа да се направи. Во делот на граничната полиција од Министерството за одбрана луѓето се префрлуваат за да немаме дополнителни финансиски средства од буџетот. Тоа го респектирам, меѓутоа, од друга страна 53-те лица од резервниот состав од мојата општина од кои, според информациите што ги имам некои се и по 12 години со договор на дело со кои секој ден седиме, тоа се некои мои пријатели, пиеме кафе, навистина имаат сериозен проблем, а од друга страна барам дополнително дали може да се најде некоја друга формула за да им се излезе во пресрет на овие лица, бидејќи имам и такви најави дека на една од владините седници тоа прашање кое беше експлоатирано по медиумите во последните два-три дена, ако не се лажам, на една од владините седници ќе се најде ова прашање за резервниот состав.

Дополнително од мое име и од името на резервниот состав со кој разговарам, седам секој ден, дали е можно да се најде некоја друга форма да се излезе во пресрет на овие луѓе кои не се многу на број, но сепак е значителен бројот.

**Слободан Најдовски:** Господине министре, дали ќе одговорите на прашањето? Повелете.

**Љубомир Михајловски:** За информација на господинот пратеник се работи за резервен полициски состав, значи со тие луѓе Министерството нема склучено договор за дело. Треба да разликувате што е резервен полициски состав, што е вработување по договор за дело, што е редовно вработување.

Со Законот за внатрешни работи е регулирано дека припадниците на резервниот состав се повикуваат заради извршување на работи и работни задачи и тие се резервисти кои Министерството ги повикува по потреба. Тие лица што се, Министерствот нема обврска за прием на истите, тие резервисти се викаат за потреби кога се појавуваат на Министерството за внатрешни работи и ја исполнуваат таа своја должност како резервисти.

За ваше информирање таа структура што ја кажувате вие дали може да влезе, тоа е веќе друго прашање, зборуваме за финансирање од буџет, зборуваме за редовни вработувања за кои Министерството не води само политика, водат и другите структури во Владата. Инаку да не правиме заблуда овде меѓу нас ниту тие медиуми што ги читате, се работи за резервисти кои се должни да се јават на покана на Министерството за внатрешни работи како резервисти, немаат никаков договор за дело со Министерството за внатрешни работи.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре,

Го молам пратеникот Илија Србиновски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Илија Србиновски.

**Илија Србиновски:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Прашањето е одговорено паушално, јас убаво кажав овој Комбинат поседува 25 илјади хектари, требаше да се каже од тие илјади хектари колку плаќа концесија на државата. Вели дека пет години има ослободување од закупнина, зошто се ослободени од оваа закупнина како Комбинат кога велиме дека земјата е веќе државна сопственост. Зошто да плаќа приватниот сектор а овие да бидат ослободени.

Второ, тогаш нагласив дека во Комбинатот на времето работеа 5.000 вработени, сега работат 700, пак не плаќаат закупнина, а каj е таа површина, кај е тој доход. Колку државата зема пари од оваа земја што ја поседува овој Комбинат?

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Србиновски.

Има збор заменикот министер за земјоделие господинот Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Не знам зошто пратеникот не сака да го каже целиот одговор. Во одговорот точно стои Пелагонија и не само Пелагонија, туку сите други претпријатија кои се трансформираа по Законот за трансформација на општествен капитал. Во Законот е регулирано дека тие треба да бидат ослободени пет години да не плаќаат надомест за земјиште односно концесија за користење на земјиштето, а во Законот за земјоделско земјиште во членот 62 е кажано дека сите оние претпријатија кои се трансформирани да се направи непосредна спогодба односно директно да се склучи договор за моменталното земјиште кое во тој период го користеле. Тоа е направено со Пелагонија и не само со Пелагонија, туку со сите други претпријатија кои во фаза на тој период се трансформираа од општествени во приватни претпријатија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Србиновски.

Го молам пратеникот Ѓорѓе Паљошковски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или сака да постави дополнително прашање.

Пратеникот не е присутен.

Го молам пратеникот Михајло Георгиевски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Михајло Георгиевски.

**Михајло Георгиевски:** Благодарам потпретседателе,

Прашањето се однесуваше за недомаќинското работење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Тоа прашање е базирано врз основа на Државниот завод за ревизија.

Според одговорот кажува дека таква работа немало значи немало недомаќинско работење. Јас сепак држам до тоа што го утврдил Државниот завод за ревизија.

Поради тоа не сум задоволен од одговорот.

**Слободан Најдовски:** Не сте задоволен, а немате дополнително прашање.

Има збор заменик министерот за земјоделие господинот Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Во Извештајот од Државниот ревизор никаде не стои дека има недомаќинско трошење на средствата. Тоа стои во новинарските написи кои го читале Извештајот, давале свој коментар и тн., а во Извештајот никаде не стои дека имало недомаќинско работење, во Извештајот стои само мерки кои треба да се преземат во однос на подобрување на формалниот дел на трошењето на средствата од Буџетот на Министерството. За 2003 година, тоа е широк извештај, па ако сакате јас можам само да го коментирам.

Извештајот се однесува за 2003 година, тој констатирал на пример дали имало јавен тендер за склучување на договор за закуп што е направено во 1998 година или има исплатено повеќе средства за патни трошоци, а не биле предвидени во Буџетот. Меѓутоа, кога се правеше Буџетот не знаевме дека судот ќе ни врати голем број на вработени кои се прогласени за технолошки вишок, што значи дека ние од Министерството за финансии баравме одобрение за исплата на патните трошоци на оние вработени кои по судски пат се вратени во Министерството. Тоа го имаме добиено и така им е исплатено, бидејќи имавме обврска тоа да го исплатиме.

Има забелешки од типот дека во Програмата за поттикнување на земјоделието немало средства за поддржување на сточарското производство, а тие средства се исплатени од Фондот за земјоделие, бидејќи тогаш постоеше Фондот за земјоделие, а во Програмата на Фондот постоеше поддршка за развој на сточарсатвото. Така тие средства се исплатени по Програмата на Фондот и од средствата на Фондот, а не по Програмата за поттикнување на развојот на земјоделието.

Има и други коментари или од типот не сме имале доволен број на ревизори. Тогаш ни едно министерство немаше ревизори, сега веќе има, и ние имаме примено еден ревизор, сега сме во постапка на примање на друг ревизор.

Има забелешка како нема раководител на Секторот за книговодство. Секторот за книговодство не е кај нас, тие се вработени во Службата за општи и заеднички работи и ние побаравме од нив тие работи да се отстранат и да се постави сектор за книговодство.

Има забелешки од таков тип, има предложено мерки кои треба да се надминат. Ние комплетно го анализиравме и предложивме мерки и активности, тоа ќе го доставиме до Влада, во однос на подобрување на формалниот дел во однос на исплатувањето на средствата наменети по програмите.

Еден дел има дека не е извршена, согласно Законот за извршување на буџетот, префрлување на средства од една програма во друга. Ние имавме проблем, бидејќи затекнавме програма за здравствена заштита на животните каде имавме голем дел на обврски кои беа останати од 2002 година, па моравме да ги исплатиме од Програмата за 2003 година, така што моравме да префрлуваме од една програма во друга за да можеме да ја ублажиме таа состојба. Тоа е правено со одлука на Влада онака како што бара Законот за извршување на буџетот, но не знам од кои причини не го виделе тој документ, односно таа одлука и кажува дека се трошени средства без донесување на таков документ.

Уште еднаш само да повторам, да не должам во оваа работа, Извештајот е голем и не е коректно да го коментирам, ќе одземам многу време. Во Извештајот никаде не е констатирано дека има недомаќинско трошење. Претпоставувам дека почитуваниот пратеник го прочитал од весник каде нормално весниците коментираат, даваат свои изјави и тн. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џамбазовски.

Го молам пратеникот Жарко Караџоски, да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за одбрана или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Господине потпретседателе, прво нема на кого да го искажам задоволството затоа што министерот за одбрана не е тука, тука е заменикот во ред, меѓутоа, заменикот не може да го приушти тоа задоволство што може министерот.

Морам да признам дека она што го добив во вид на одговор ако го погледнете, а веројатно пратениците имаат, ќе видат дека прашањето е поголемо од одговорот што значи во никој случај не можам да бидам задоволен од еден ваков одговор. Можеше барем министерот да се потруди нешто повеќе да каже од она што го прашав, а не буквално да го препише одговорот од она што јас го поставив како прашање.

Очигледно е дека проблемот кој го поставив за поранешните лица во ЈНА кои не беа преземени

од страна на АРМ со таа спогодба помеѓу Глигоров и генералот Аџиќ, очигледно е дека нема решение ниту Владата знае како тој проблем да го реши и најлесно е да се напише еден ваков празен одговор.

Не сум задоволен и би сакал доколку заменик министерот знае нешто повеќе да каже во тој правец.

**Слободан Најдовски:** Рековте ако знае заменик министерот да каже, но не поставивте прашање.

Има збор заменик министерот за одбрана господинот Талат Џафери.

**Талат Џафери:** Благодарам господине потпретседател,

Прво, на господинот пратеник Караџоски да му кажам како правник дека обврската за преземање на офицери и граѓански лица од бившата ЈНА не произлегува од договорот Глигоров-Аџиќ, туку обврската произлегува и правата произлегуваат од одлуката на Владата број 3/92 од која претходеше Законот за одбрана објавен во "Службен весник 8/92" и со овие документи се определени роковите во кои бившите офицери од ЈНА и граѓанските лица во служба на ЈНА надвор од територијата на Република Македонија ќе можеа да го остварат тоа право првично со Одлуката на Владата, а рокот беше 15 април пролонгиран до 15 мај и со измени на таа одлука некаде до 1 јули 1992 година требаа тие лица да се пријават во надлежжните институции, односно да се стават на располагање на Министерството за одбрана тогаш.

Таа обврска произлегуваше, пријавата да се врши во подрачните единици на Министерството за одбрана и сходно на тоа, тие лица не го испочитувале тој рок што се предвидува со тие акти. Уште повеќе што такво едно право сум искористил и јас лично и затоа и овие работи господине Караџоски ги знам, бидејќи ме тангираа и лично и од таа причина помалку е битно дали ви причинува задоволство или не да го добиете одговорот од мене, туку на тие луѓе кои ви се обраќаат треба искрено да им кажете дека тие прво не го испочитувале тоа што требале да го испочитуваат, а за причините, затоа што не можеле и не го обезбедиле е друга работа. Затоа тие луѓе неможете да ги држите така во искушение и треба точно и јасно да им кажете дека такви можности во моментов, во Министерството за одбрана нема. Треба себе си да си најдат начин да си го решаваат својот статус во други институции во државата.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине заменик министер.

Сега завршивме со писмено поставените прашања, што беа до сега поставени.

Пред да преминеме на поставување пратенички прашања за денеска, господине Караџоски дали половина час е доволно?

(пратеникот Жарко Караџоски потврдува дека е доволно).

Ако сакате може и повеќе.

Добро, половина час пауза.

Во меѓувреме од сите пратенички групи да се достави редоследот, сите оние кои немаат доставено за поставување пратенички прашања, па ќе продолжиме во 11,20 часот.

Благодарам.

(Пауза од 10,47 до 11,22 часот)

Предлагам да почнеме со работа.

Ги повикува претаниеците кои имаат намера да поставуваат пратенички прашања и претставниците на министерствата и на Владата да ги заземат своите места.

Прв за поставување пратенички прашања е господинот Караџоски Жарко. Одиме по оној однапред утвтден редослед што го имаме во првиот дел, по еден пратеник од секоја пратеничка група. Редоследот го почнуваме со претставник од опозицијата.

Има збор пратеникот Караџоски Жарко.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:**Благодарам потпретседателе. Јас имам три прашања.

Првото прашање ќе го упатам до Министерството за транспорт и врски на Република Македонија, но ќе биде доста кратко. Се надевам дека одговорот ќе биде поголем.

Моето прашање е, до каде е Проектот за изградба на станови што ќе се издаваат на лица со ниски приходи?

Ова прашање содржи потпрашање-Зошто за становите не се склучуваат анекс-договори и не се дополнуваат со станарите кои имаат легални договори за закуп? Толку, ова прашање е кратко, но се надевам дека одговорот ќе биде поопширен.

Второто прашање е до Министерството за образование, до министерот. Ова прашање, почитуван министре, што сега ќе го поставам сите овие денови предизвикува огромен интерес што кај граѓаните, што и кај вработените во вашето Министерство, односно во образованието. И, бидејчи како пратеник наша основна задача е да ги слушаме залоѓбите на граѓаните, поточно да ги информираме за она што следи, оваа година се изнаслушавме за проектите во Министерството за образование, во смисла на реформи итн, за воведување на задолжителната матура, на онаа државна, не знам како да ја наречам, што треба да почне да се применува од оваа година. Меѓутоа, морам да потсетам, морам да го кажам тоа што сум го добил како информација, скоро во сите средни училишта од каде што за неполн месец дена, буквално завршува школската година, до ден денеска нема упатства, поточно немаат никаква информација од Министерството за образование на кој начин и како таа матура ќе се полага. Односно, што предвидува и како тоа треба да се реализира.

Морам да потенцирам дека средните училишта, јас доаѓам од Прилеп, таа информација сум ја слушнал во Прилеп, не знам за другите градови,

но во суштина навистина и вработените во средните училишта, но и граѓаните како родители на деца кои таму учат, немаат поим, не знаат како оваа матура треба да се оствари и што таа значи во иднина. Навистина би барал еден конкретен одговор, заради мене но и заради пошироката јавност.

Кога сме тука, морам да прашам, во контекст на ова, во средните училишта се воведува една пракса, особено во гимназиите, да децата, после втора година се определуваат што би студирале за да бидат насочени во наредната трета година, што навистина е голем проблем. Дете на возраст од 16 години да размислува што ќе студира е навистина една тешка работа.

И тоа е проблем, затоа што до минатата година пракса беше тоа да се утврдува во општи насоки, а по завршуваето на гимназијата да има право да се определи онаму каде што сака.

Оваа новина, Министерството за образование ја воведува, навистина е кочница за децата, но и за професорите, затоа што на некој начин ние, како родители, но и тие како професори треба да сугерираме спротивно на она што децата во овој момент можат да го изразат како слободна волја.

Прашањето би било во контекст, заедно со матурата и во овој дел дали Министерството опстојува на таа негова одлука да мора после втора година децата да се определуваат во насоки во смисла на тоа тие насоки да влијаат на изборот на високото образование во иднина.

Тоа би било второто прашање. Се надевам дека вев јасен.

Третото прашање, кога размислував дали да го поставам, затоа побарав господине потпретседателе пауза, еве гледате дека е продуктивна, затоа што не бев сигурен дали министерката за правда ќе дојде, па сега кога ја гледам тука можам да го поставам ова прашање.

Овие денови, навистина најактуелно прашање е токму посетата на министерката во Хаг. Бевме сведоци сите пратеници, но и пошироката јавност, од она што нас не интересираше што се случува таму и тоа што се случува конкретно по оние четири предмети што Хаг ги седе во опсервација, за да, евентуално, покрене постапка.

Морам да потенцирам дека со информациите од средствата за информирање слушавме дека наводно Хаг тие предмети ќе ги врати во Република Македонија, од друга страна дека тие предмети ќе ги третира за завршени, од трета страна дека ќе има мешовите комисија, од страна на Хашккот трибунал и нашето судство што во иднина ќе работи на тие случаеви овде.

Со оглед дека посетата на министерката и јавниот обвинител на Република Македонија беше толку, според мене, сигурно министерката знае повеќе, дека една од главните цели што таму беше е токму да се дефинира судбината на овие четири случаеви. Бидејќи, да не заборавиме, во Хаг, Република Македонија е застапена со две обвиненија, против Љубе Бошковски и Јохан Трчуловски, логички е и Македонскиот народ да се интересира што ќе се случи со оние преостанати четири за кои можеме да слушнеме информации само од средствата за јавно информирање. Мислам дека е вистински момент да го искористиме присуството на министерката која е тука на оваа седница па изворно и автентично да слушнеме што навистина таму се случувало и што ние како држава презедовме, односно што во иднина ќе преземеме во однос на овие случаеви.

Толку почитуван претседателе. Се надевам дека ќе добијам одговор.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Првото прашање е до Министерството за транспорт и врски. Има збор заменик министерот за транспорт и врски господинот Дејан Кошутиќ.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Вака, одговорот би бил во оваа насока:

Во 2003 година Владата го раскина Конкурсот што беше веднаш по изборите 2002 година распишан, заради големаниза на неправилности што беа вон договорот што беше потпишан со Европската финансиска институција, со тоа што, јас само би потенцирал дека еден од главните предуслови на Договорот беше дека спомнатите згради, станбени објекти кои беа предмет на Договорот, во моментот кога се изврши технички прием на зградата, тогаш Министерството за транспорт и врски имаше обврска, според веќе определените критериуми да распише конкрус на кој што ќе се изберат добитниците на становите. Тоа не беше спроведено со првичниот конкурс и затоа беше раскинат.

Актуелната состојба е следна, во најскор период Министерството за транспорт и врски ќе го распише конкурсот за веќе примените, каде се извршени техничките приеми на станбените објекти, ќе прејудицирам дека тоа ќе бидат пред се во општината Чаир, каде е веќе извршен техничкиот прием и се создадени предуслови за распишување на нов конкурс. Како ќе се вршат техничките приеми на згради, така ќе се распишуваат конкурси за конкретните станови. Со тоа што оние апликанти кои на првичниот конкурс што беше од страна на Владата поништен, со одлука на Влада во 2003 година, заклучокот на Владата беше да добитниците на тие станови, кои ги исполнуваат критериумите предвидени со овој конкурс ќе бидат вреднувани со додатни 10 бодови, за да на крајот, сепак се запазат нивните интереси и исполнувањето на сите тие критериуми.

Не е толку едноставно, од проста причина што во 2002 година беше првичниот конкурс. Имаме конкретен случај во Велес каде беа предметни три згради. Становите, според конкурсот беа веќе распределени, меѓутоа состојбата на теренот беше сосема поинаква. Имено, едната зграда со изградба беше дојдена до втора плоча, втората беше во темели, а за третата е дискутабилно

дали воопшто ќе може да се почне, затоа што претходно не беа решени имотно правните односи од страна на надлежните институции,.

Во секој случај Министерството за транспорт и врски не дека не го заборава, туку нема намера да го кочи тој проект. Така што, како што истакнав на почетокот во најскоро време ќе биде распишан конкурс за објектите за кои што е извршен технички прием.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Кошутиќ.

Дали господине Караџоски сте задоволни од одговорот или имате дополнително прашање?

Збро има пратеникот Караџоски Жарко.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Дополнително прашање е она што го кажав на почетокот, зошто за станов ите не се склучуваат анекс-договори. Не слушнав. Не се доделуваат на станарите кои имаат легални договори за закуп.

Ако би можеле во таа насока.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Господине Кошутиќ, ќе одговорите ли на дополнителното прашање?

Има збор заменикот министер за транспорт и врски господинот Кошутиќ, повелете.

**Дејан Кошутиќ:** За тоа го потсетив господинот Караџоски дека заклучокот од Владата во 2003 година не беше само да се раскине конкурсот што беше спроведен по Парламентарните избори во 2002 година, туку со вториот заклучок беше заклучено дека за станарите кои ги исполнуваат условите за кои господинот Караџоски поставува прашање бидат бодувани со додатни 10 бодови за да се заштити нивната регуларност според критериуми, поднесувањет на потребните документи.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Кошутиќ.

Второто прашање е до министерот за образование.

Има збор министерот за образование, господинот Азис Положани.

Повелете господине Положани.

**Азис Положани:** Благодарам.

Баш така ќе настапам, како што рече пратеникот во своето прашање, во функција на објаснување на некои состојби поврзани со активизирањето на оваа проблематика во последно време.

Имено, подготовката за реализација на законските обврски што произлегуваат од Законот за средно образование и со концепцијата за матура, почнати се уште порано, некаде од минатата година и при крајот на минатата година беа направени сите потребни подготовки и доставени информации преку структурите на Министерството за образование до местата, до училиштата, наставниците, родителите итн. Јас оставам можност за одредени средини, поради одредени прични, можда не секаде информациите отишле таму како што треба и на време како што треба. Ние сме направиле подготовки и дека се е пренесено како што треба, тоа е повеќе од точно и јасно.

Проблемот со воведувањето на матурата, кој што е еден инструмент за транспарентност и квалитетност за самото средно образование секогаш може да предизвикува и одредени реакции кои што во самиот процес на реализација на истата се вкалкулирани. Тоа е од искуството на многу земји, па тоа не може да биде исклучок и кај нас.

Затоа, веројатно некои претходно преземени чекори, во одредени моменти, почнувајќи од 1993 -1994 па и после Законот, после 1998 година, што предмет на законска одредба, не беа соодветно имплементирани токму поради таквите конфузии или поради таквите реакции што од време на време создаваат чувство на несигурност кај родителите и кај децата, поради несоодветното информирање и објаснување на состојбите.

Така, ја користам можноста да кажам и следно дека нема никаква конфузија и не треба да има во однос на ова прашање. Тоа што ние го правиме сега е дека овие две години, пред да ја воведеме државната матура како главен инструмент во реформскиот зафат во овој контекст, на кој што подолго време се работи, во овие две години и досегашниот завршен испит во средното образование го именувавме како училишна матура, се со цел ниту да ги казниме, ниту на некој начин да ја отежнуваме работата или обврските према образованието. Напротив, да 2007 година, што е предвидена според сите документи да биде година кога ќе се имплементира и државната матура, паралелно со училишната, како алтернатива, да и учениците и родителите и училиштата во целина, а и централните органи што тоа ќе го спроведуваат, како што се делови од Бирото за развој на образованието или т.н. Центар за оценување и матура да бидат што поподготвени во реализација и имплементација на истата во таа година.

Оваа година го реализираме тоа што беше со Правилникот од 1994 година веќе на сила и што, за чудо не се реализираше само во делот, како завршен испит само кон делот на одличните ученици.

Имаше еден Правилник од 1993 година, кој што овозможуваше изземање на одличните ученици од тој завршен испит. 1994 година беше донесен друг правилник што е уште на сила, а особено што вчера Уставниот суд поведе постапка за оценување на нашиот Правилник што е приближно ист, дури можеби и полесен од оној од 1994 година, што беше како мотивација за покренување на постапка зошто и одличните ученици да полагаат завршен испит.

Господо пратеници,

Сигурно знаат и новинарите, медиумите тоа често го промовираат дека проблемот на

транспарентност и инструмент за квалитет во средното образование беа токму одличните ученици, поради т.н. надувувањето на оценките во последната година за да тие полесно имаат проодност при упис на факултетите. Нема никаква логика ни интерес да од тој, макар и завршен испит, не веќе матурски испит до 2007 година, било како ние го нарекуваме, во суштина е исто, само номенклатурата е друга , да се изземаат одличните ученици. Кој е аргументот?

Проблемот во овој процес токму тука се создаваше, во надувување на оценките за да тие определуваат определени односи за полесни услови за прием. Мислам дека ние и покрај Одлуката на Уставниот суд што се однесува на еден член што создава конфузија, тоа ќе го надминеме со соодветен предлог и брза постапка тука во Собранието, нема никаков проблем, затоа што и постојниот Правилник што важеше и до сега од 1994 година тоа и го бара.

Затоа мислам дека подготовките за воведување во матура, не оваа година, туку во 2007 година, се благовремено направени, се информирани. Реакција има, да, може да има, затоа што во таквите реформски зафати се вкалкуулирани таквите реакции, бидејќи тоа е природата на нејќтата во самиот процес и дека ние ќе бидеме подготвени 2007 година тоа навидстина го направиме, затоа што на крајот на краиштата тоа е заеднички интерес и е дел од Законот што тука заедно го донесовме и во измените. Но и во претходниот  Закон, во основниот Закон, без измените, таа обврска постоеше.

Сигурно дека ќе направиме дополнителни разговори, контакти, состаноци во цела Македонија, што се во тек, а и се направени до сега, за евентуалните конфузни елементи во овој процес се елиминираат, затоа што работата не е конфузна, туку е конфузен проблемот што инплементацијата на овој реформски зафат понекогаш има такви реакции за кои што требаат подлабоки, почести и посодржински да се објаснуваат.

Во однос на другото прашање, мислам дека нема такво укажување од наша страна во втора година да се ориентираат, но веројатно во склоп на подготовките за матурските испити, државната матура што ќе биде после две години, овие две години ние само го правиме тој завршен испит, го нарекуваме училишна матура за да полесно ја подготвиме и јавноста, децата и сите тие за успешно да пристапиме во 2007 година. Значи, ова нешто, можеби евентуално може да биде во функција на подготовка за таа година да децата порано се ориентираат, предметите што би сакале да ги земат како нивни избор, при подготвување на испитот за матура.

Тука не се работи за нивна ориентација, нивна определба, туку за нивните афинитети во однос на природните науки, во однос на општествените науки, во однос на тие предмети кои што можат да се бираат, ученикот да ги избира, да се ориентираат и да почне благовременот подготовката во тој правец. Не се работи за нивна обавезна ориентација за студирање во втора година. Тоа не е во таа функција и мислам дека добро е тоа што го покренавте.

Веројатно тоа ќе треба да биде дополнителен наш напор и таа насока подетално да ја објаснуваме. Затоа ги имаме овие две години, затоа овие две години ние воведуваме т.н. матура како завршен испит за да го подготвиме амбиентот подобро за тоа време.

Инаку, подготвен сум во секое време за оваа цел да се зголеми напорот, сите мораме да бидеме свесни и како општество дека треба да се направат и дополнителни напори, за кои сметам дека имаме време за надминување и на такви состојби во кои треба да се дообјаснуваме во функција на тој што е доимплементатор, родителите, навистина се да им биде јасно во однос на тоа што ги чека и тоа што значи ние што го преземаме.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министер.

Дали господине Караџоски имате дополнително прашање.

**Жарко Караџоски:** Да.

**Слободан Најдовски:** Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Во самиот одговор на министерот се гледа дека ова комплексно прашање и навистина и доста интересно, јавноста е доста загрижена.

Јас немав намера да зборувам за матурата како воведување, знам тоа што значи и како е воведено, меѓутоа на крајот на краиштата тука е и Уставниот суд и тој ќе каже што ќе биде во однос на тоа. Јас сакам да ви свртам внимание дека во одредени училишта нема упатство, во градот Прилеп како град, јас не велам дека Министерството не сработило, можеби некои од службите нешто утнале, но како министер да ја исконтролирате таа работа - дали во сите средни училишта е доставено упатството како треба да се одвива матурата, која за неколку месеци ќе дојде.

По однос на второто прашање, навистина ме радува што од министерот слушам дека е проблем, затоа што за нас како родители, а и од професорите ни беше пренесено дека ако сега децата се определат во определени насоки, на пример јазици, општествена, природна наука, дека таа ќе биде пресудна при изборот на факултет, доколку дојде до премислување. Заради тоа создаваше проблем и сега е проблем заради тоа што децата на таа возраст не можат да одлучат како афинитет имаат.

Мене ме радува министерот што презема иницијатива тој проблем да го дообјаснат, да ги сослуша и родителите, но и наставниците и тоа навистина да биде решено во интерес на децата.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Третото прашање е упатено до министерот за правда, госпоѓа Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Во врска со посетата на Јавното обвинителство на Хашкиот трибунал можам да ве информирам дека на 23.04 со Јавниот обвинител на Република Македонија Александар Прчевски оствaривме средба со Јавниот обвинител во Хаг, Карла Дел Понте и со други претставници од Јавното обвинителство кои работеле на петте предмети превземени од Република Македонија.

Нашето инсистирање беше да бидеме информирани за сите активности што се преземени за сите случаи од Република Македонија, бидејќи се работи за предмети кои не се земени по случаен избор, туку поради основано сомневање за сторени кривични дела против човечноста и меѓународното хуманитарно право. Значи, се работи за предмети што се во фукусот на вниманието на македонската јавност и затоа е потребно да бидеме информирани за сите дејствија.

За предметот Љуботен, како што знае македонската јавност и пратениците, подигнато е обвинение и тој предмет и понатаму е во судска надлежност.

За останатите 4 предмети ни беше соопштено дека истрагата е прекината од декември месец 2004 година поради барање на Советот за безбедност на Обединетите нации да бидат завршени до крајот на 2004 година.

Бидејќи господинот Караџоски е адвокат по професија, претходно работел како адвокат, овие термини во правото мислам дека би требало да му бидат познати и поради значењето на овие предмети за Република Македонија, за граѓаните на Република Македонија нашето инсистирање беше за овие 4 предмети, бидејќи Хаг ја има прекинато постапката и ќе ги врати во надлежност на Република Македонија да бидеме информирани за секој предмет поединечно. Што е тоа што е преземено од страна на Хаг за предметите повеќе од две години кои се во Хаг. Нашиот интерес е да знаеме покрај списите во времето што од Република Македонија се испратени во Хаг, да знаеме што е тоа што Хаг го има преземено како истражно дејствие, како дејствие во истрагата, затоа што од сите овие работи ќе зависи и натамошното постапување.

Со оглед на тоа што се работи за прашање што е стручно, а не политичко, значи ова прашање не треба да се политизира, туку заради јакнење на независноста на судството, со оглед на тоа што и Јавното обвинителство е независен орган, потребно е од органи кај нас да се оствари стручна и независна натамошна претпоставка што подразбира тим од Јавното обвинителство составено од страна на Македонското јавно обвинителство во соработка со Обвинителството во Хаг да ја продолжат натамошната комуникација и натамошните контакти за да може да се разговара поединечно за секој предмет и внимателно да се одвива процесот на предавање на предметите. Од значење е за правосудните органи, бидејќи тие се надлежни во натамошната постапката внимателно да се остварува процесот на предавање на предметите.

Ние баравме овој процес да се отвора во натамошна заедничка комуникација, а не да ни ги испраќаат сите предмети заедно по писмен пат, во еден пакет, туку да има контакти, да има разговор за предметите и на дејствијата што се превземени во Хаг.

На тоа наше инсистирање од страна на претставниците на Јавното обвинителство во Хашкиот трибунал ни беше позитивно одговорено, тие го прифаќаат овој наш предлог и дека може да не информираат за сите поединечни дејствија.

Доколку има некое друго инсистирање, а мислам дека со ова пратеникот доби информација за активностите, но сепак ако има нешто дополнително можам да дадам и дополнителна информација.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓа Мери Младеновска.

Дали господине Караџоски сте задоволни од одговорот или имате дополнително прашање.

Има збор пратеникот Жарко Караџоски:

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Нема да кажам дали сум задоволен или не, туку ќе го кажам следново.

Почитувана министер, правните термини мене ми се многу јасни, точно е тоа дека сум адвокат и ги знам термините, меѓутоа да не заборавиме една работа. Јас сум овде пратеник и поставувам прашање во интерес на јавноста и на сите граѓани, кои не се сите адвокати како што не се и сите министри. Впрочем и вие бевте адвокат и вас ви се многу добро познати термините.

Немаме намера да го политизираме ова прашање апсолутно. Факт е дека јавноста се интересира особено кога веќе имаме два конкретни случаи на обвинение каде што вие сте свесни како министерка, секој ден по весниците и по медиумите се зборува за тоа. Нормално дека сакаме да знаеме како граѓани на Република Македонија што се случува. Сигурно и за тоа појдовте во Хаг, не само да го видите Љубе Бошковски.

Значи, според вас, да ве прашам како дополнително прашање, она што го слушнавме од јавноста дека наводно ќе се формира некоја комисија, мешовите, помеѓу Хашкиот трибунал и нашето судство по однос на овие 4 предмети. Не ни е тоа мешање во работата на нашето судство, јас сакам да ве прашам вас, со оглед како што велите вие треба да оставиме судството само да си ја врши работата како независна власт. Ако е тоа независно согласно нашиот Устав и закони, се знае што е независно.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Има збор министерот за правда, госпоѓа Мери Младеновска-Ѓеоргиева.

Повелете госпоѓа Младеновска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Се работи за предмети кои беа во Република Македонија, овде се постапуваше на барање на Хашкиот трибунал, беа предадени во надлежност и сега поради прекинување на натамошната постапка, поради прекинување на истрагата тие предмети треба да се вратат во надлежност на Република Македонија.

Точно се знае кои се надлежностите на нашите правосудни органи, да се применуваат законите во Република Македонија, се знае кои се надлежностите на Хашкиот трибунал.

Комуникацијата помеѓу претставници на Јавното обвинителство од Република Македонија и Хашкиот трибунал, е поради информирање за тоа кои се дејствијата кои се преземени од страна на Хашкиот трибунал. Станува збор за мешање на Хашкото обвинителство во понатамошната постапка по предметите тука, но за да може да ја продолжат натамошната постапка нашите правосудни органи треба да имаат валидни информации за тоа што две години е преземено во Хаг за овие случаи. Улогата на Хаг е да помогнат на нашите јавни обвинители во давање на информациите што ќе ја олесната натамошната постапка овде, а не на мешање на работите за натамошно постапување.

Нашиот интерес е да знаеме што е тоа што Хаг има направено со овие предмети за две години, кои активности ги преземаме, кои докази ги утврдувале и истовремено кога ќе се враќаат предметите секој поединечно и внимателно покрај списите што ние сме ги испратиле во дополнение да се добијат доказите што се изведени од Хашкото обвинителство.

Тие се согласија да ги достават дополнителните докази што се утврдувани, а нормално за да може да им биде објаснето на нашите обвинители за поединечни дејствија потребна е заедничка информативна и консултативна средба. Точно се знае кој какви надлежности има, трансферот е потребен односно за да може да се изврши внимателно, но и квалитетно предавање во правна смисла на зборот потребен е ваков контакт и комуникација.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Младеновска - Ѓеоргиева.

Следниот за поставување пратенички прашања е пратеникот Каме Петров.

Повелете господине Петров.

**Каме Петров:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитуван потпретседателе на Собранието, почитуван претседател на Влада и членови на Влада, колешки и колеги пратеници,

И јас имам три пратенички прашања да поставам.

Првото прашање го упатувам до Владата на Република Македонија и тоа гласи: “Дали Владата на Република Македонија има сознание дека Државниот завод за геодетски работи, посебно неговото одделение за премер на катастар не ја извршува правосилната судска одлука во врска со ништовноста на приватизацијата на Велешка топилница, со тоа што одбива да изврши бришење на хипотеките на овој металургиски гигант на веќе прогласените незаконски стопанственици “Инвестаст” од Скопје и другите правни лица утврдени со одлуката”.

Кон ова прашање го поднесувам следното образложение.

Со пресуда број ПС бр. 114 од 2001 година донесена на 20.05.2004 година, а во присуство и на второ тужениот А.С.Ц. група од Панама и други фирми од Панама, Основниот суд во Велес утврдил дека приватизацијата на “Инвеста” се другите фирми учеснички во приватизацијата на Тополницата е ништовна.

Второстепениот суд, значи Апелациониот суд во Скопје по жалба на незадоволните странки ја потврдува пресудата на Првостепениот суд и се отфрла жалбата од нив како неоснована и ја враќа приватизацијата во поранешната положба.

Врз оваа основа Одборот на доверители објавува меѓународен тендер за продажба на МХТ “Злетово” АД Велес кој согласно пресудата е единствениот сопственик на Топилницата без никакви заложни обврски.

За овој републички гигант единствен интерес имаат пријавено повеќе експертски фирми кои имаат намера Топилницата да ја купат, да ги реактивираат нејзините капацитети и да вратат на работа повеќе од илјада луѓе.

Со таков интерес за привлекување на странски инвестиции и посебно во услови на интерес на работниците на Топилницата Одделението за премер и катастар во Велес при Државниот завод за премер и катастар не врши бришење на хипотеките запишани на законските сопственици со што создава конфузија кај потенцијалните купувачи, двостепена блокада на целата законска продажба во Топилницата.

Да потсетам дека оваа приватизација започната во 2001 година со непосредна спогодба и заверена нотарски.

Познато е дека пресудата за утврдување на ништовност на приватизација, значи враќање на целокупната работа во поранешната состојба.

Според одлуката на судот и со утврдувањето на незаконската приватизација се утврдува дека приватизацијата како и да не се случила. Дека таа не пости, како тие да не постојат односно не произведуваат никакви правни дејствија.

Според тоа не барам усмен одговор на денешната седница, по можност барам проверување на моите наводи и писмен одговор.

Второто прашање е упатено до Министерството за финансии и се однесува за Велешкиот Агрокомбинат “Лозар”. Прашањето гласи: “Дали Министерството при донесувањето на решението за поништување на одлуката на регионалната

единица во Прилеп број 16 - 2679/7-3 од 19.07.2004 година го имаше во предвид својот наод дека приватизацијата во Комбинатот е незаконска".

Во образложението би сакал да истакнам неколку елементи кои мислам дека не се земени во предвид.

За Агрокомбинатот "Лозар" во целиот изминат период е применуван досегашниот закон за трговски друштва кој подразбира рамноправна одговорност на сите 19 друштва.

Мислам дека исто така дека и статутот на Акционерското друштво не е целосно земено предвид, што исто така подразбира дека ако платиш 20 или 30 илјади евра го купуваш целиот мотел "Лозар", општо познат на македонската јавност на езерото Младост, а не на пример претставувач акционер 1% од акциите.

Според мене круцијален факт што исто така треба да се земе предвид е делбениот биланс на овие друштва во смисла каде се отидени доларите односно финансиските обврски, дали во друштвата што се државни, како што е на пример водостопанскиот сектор, или најголем товар имаат токму оние другите односно повторно државните, или делбените биланси се договарани во четири очи и дали истите се усвоени согласно Законот од Собранието на Акционерското друштво.

И за ова прашање барам писмен одговор.

Третото прашање е упатено до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и до Министерството за финансии. Дали државата ги презема потребните мерки и ги исполнува своите обврски во реализацијата на Шпанскиот кредит во изградбата на Хидросистемот "Лисиче" во Велес.

Кон ова прашање мислам дека е потребно кратко образложение.

Во 2003 година донесовме посебен Закон за задолжување на Република Македонија за набавка на хидромеханичка и друга опрема за објектот Лисиче, при што тој се реализира.

За да се испочитува овој закон потребна е неопходна поддршка од Република Македонија.

Прашањето е засновано на фактот е што објектот треба да се заокружи наредната година, некаде во септември 2006 година или и негово евентуално предвремено полнење. Со тоа ќе се исполни желбата на еден цел регион за здрава и чиста вода за пиење и наводнување за потребите на над 70 илјади граѓани.

Според тоа прашањето е дали нашата држава ги исполнува обврските према Кралството Шпанија да акредитира средства во износ од околу 10 милиони евра.

Одговорот исто така може да биде во писмена форма.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Петров.

Првото прашање е поставено до Владата на Република Македонија.

Молам во име на Владата на Република Македонија ќе одговори претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Владо Бучковски.

Повелете господине претседателе.

**Владо Бучковски:**Благодарам потпретседателе.

Владата со сериозност следи се што се случува околу Топилницата Велес бидејќи по иницијатива на Второстепената владина комисија се доведовме во позиција да може Одборот на доверители да го распише јавниот тендер кој завршува на 11 мај оваа година.

Поради интересот кој веќе е издржан извесно е дека ќе може на овој тендер да се избере конечно нов газда кој ќе стопанисува на оној начин на кој посакуваат граѓаните, пред се имајќи во предвид дека таму имаме проблеми не само од сверата на економијата, туку и на екологијата и пошироко.

Значи еден од стратешките инвеститори убедливо повеќе објекти рестартираше во меѓувреме и изрази волја да биде стратешки партнер и во приватизацијата на Топилница Велес.

Проблемите кои постојат и кои се наследени кулминираа во последните неколку години и заради проблемот кој говори пратеникот Каме Петров, Владата реагираше и кај директорот на Геодетска управа и има ветување од нејзина страна дека ќе има разрешување на директорката на Велешкиот катастар.

Тоа веројатно е дел од една мрежа во која е вплетена директорката на велешкиот катастар и дел од структурите од велешкиот суд кои доведоа до тоа да имаме една од најконраверзните приватизации во изминатите неколку години, токму поврзани со велешката топилница.

Да заклучам Владата има информации, Владата го следи проектот и Владата смета дека приватизацијата и успешниот тендер кој завршува на 11 мај во велешката топилница може да ја дозаокружи успешната инвестициона активност која се случува во овој дел од индустријата на Република Македонија, затоа што по рестартирањето на Бучим кој ќе биде на 6 мај, по отпочнувањето веќе со работа на скопскат топилница, по извесното рестартирање на САСА, заокружено со се она што ќе го имаме со Тораница и со Злетово до септември о.г, останува од овој индустриски сегмент да се реши позитивно и судбината на Велешката топилница.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе,

Господине Петров дали сте задоволни или имате дополнително прашање.

Повелете господине Петров.

**Каме Петров:** Со оглед на фактот дека стануваше збор за постапка и слично, побарав писмен одговор. Меѓутоа, морам да кажам дека сум апсолутно задоволен со ваквото посебно

експресно реагирање на Владата и особено на премиерот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Петров.

Второто прашање беше упатено до министерот за финансии.

Има збор министерот за финансии господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Со оглед дека прашањето беше поставено за конкретен предмет со конкретни документи кои беа цитирани кои јас на памет не можам да ги знам сите, се разбира, ќе доставиме писмен одговор.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре.

На второто прашање господине Петров ќе добиете писмен одговор.

Третото прашање е упатено до Министрството за земјodeли и до Министерството за финансии, истовремено.

Ќе одговори министерот за финансии господинот Поповски.

**Никола Поповски:** Се плашам дека ако го дадам одговорот усмено, пратеникот Каме Петров нема да биде задоволен затоа што одговорот ќе биде во поинаква насока отколку тенденцијата на прашањето. Значи проблемите се лоцираат на погрешно мето, кон централната власт. За да ја избегнеме таа ситуација, ќе доставам писмен одговор.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре,

И на ова прашање господине Петров ќе добиете писмен одговор од Министерството за финансии.

Следен за поставување на пратенички прашања, по распоредот, е господинот Илија Србиновски.

Повелете господине Србиновски.

**Илија Србиновски:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Имам три прашања до Владата на Република Македонија, па со оглед што има многу министри, ќе се одредат тие кој ќе одговори на овие прашања.

Првото прашање е следното:

Би сакал да се обратам до целата нација во врска со некои работи што се случуваат секојдневно низ целата држава.

**Слободан Најдовски:** Господине Србиновски, да работиме по деловникот. Прашањето треба да го адресирате до кого е. Поставете го прашањето и дадете образложение за да знаеме кој да ви одговори.

**Илија Србиновски:** Еве првото прашање нека биде до Министерството за внатрешни работи.

Задоволни сте?

**Слободан Најдовски:** Не е во прашање дали сум јас задоволен или не сум. Има Деловник за работа на Собранието. Се знае, поставете прашање, дадете образложение за да може Владлата да ви одговори.

**Илија Србиновски:** Се обраќам до целата нација во врска со некои работи.

(реакции во салата)

Што саката сега ви кажав првото прашање е упатено до Министерството за внатрешни работи.

**Слободан Најдовски:** Јас го прифаќам вашето инсистирање господине Србиновски, но, поставете го прашањето, да има образложение и врз основа на тоа да може да ви одговорат, да добиете квалитетен одговор. Во ваш интерес е тоа.

**Илија Србиновски:** Прашањето гласи, што се презема и колку е направено за подобрување на општата безбедност на граѓаните на Република Македонија.

Би сакал да се обратам до целата нација во врска со некои работи што се случуваат секојдневно низ целата држава. Се работи за безбедноста на граѓаните на државава.

Македонија не е ни од далеку пристојно место за живеење, а исто така да не речам воопшто ниту безбедно место за живеењње. И покрај секојдневните примери за таква небезбедност, власта очигледно нема ниту желба ниту волја, а вереојатно ни капацитет да се соочи со овој предизвик. Работата оди до таму, сето тоа да се прогласува за судбина и не се презема ништо проблемот да се намали, ако веќе не може комплетно да се реши. Луѓето не се безбедни на улица, на работно место, не се безбедни ниту во своите домови. Затрупани работници на работно место, судбина. На среде Скопје застрелана матурантка, судбина. Пожар во населба Железара со изгубен живот на младо момче, судбина. Пожар во Кисела Вода со 4 жртви од кои две млади иднини на државата. Една од нив и моја сограѓанка, судбина. Секој ден губење на животи по патиштата на државата, судбина. Секој ден пукотници по улиците на македонските градови, со непотребно губење воглавном на млади животи, судбина.

Во цивилизираните општества власта во соработка со граѓаните, ако ништо друго се обидува да влијае на таа судбина. Овде нема обид, нема акција, нема добра волја, да се решат или барем да се ублажат последиците од насочување, без никакво претходно делување. Катастрофи се случуваат никаква поука од тоа не се извлекува.

Губењето на животи за власта е само статистика, но за оној на кој тоа ќе му се случи тоа е се. Поради тоа се чувствувам обврзан кон луѓето на оваа држава, од оваа говорница да повикам на одговорно дејствување, посветеност и истрајност во спроведувањето на сите мерки на безбедност, во секое време, на сите места, во оваа држава. Тоа е првото прашање.

Второто прашање се однесува до Министерството за внатрешни работи.

Деновиве во медиумите проструи информација за извршени набавки во РЕК Битола, без претходно објавување на Тендер. Зделката била вклучена со приватна пекарница за набавка на леб, за потребите на тамошниот ресторан. Истата била вредна приближно 100 илјади евра. За ваков вид набавки, според законот за јавни набавки е предвидено распишување на тендер, но тоа во случајот не е доследно спроведено. Имено, на фирмата “Јаса” која го добила тендерот во 2002 година

и требало да испорачува леб за вработените во рудникот за јаглед Суводол, од април 2002 до мај 2003 година. 4 месеци пред истекот на договорот, без образложение и било забрането да ја врши набавката, а на нејзино место и е овозможено на друга фирма да ја врши оваа дејност за потребите на РЕК Битола, без претходно да распише нов тендер. До распишувањето на нов тендер поминале 9 месеци временски период за кој фирмата која без правно вршела набавки во битолската подружница на Електростопанство, се здобила со материјална корист од приближно 100 илјади евра.

Третото прашање, вообичаено стално го поставувам до Владлата, сега нека биде до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, меѓутоа може да биде тоа и до Министерството за финансии. Имено се работи за следното:

Се работи за една стратешка култура во Република Македонија, а тоа е пченицата.

Ако речеме дека сега во рок од три месеци треба да се прибере ова лебно жито, на Република Македонија и требаат 300 илјади тони пченица. Имено, ако произведува Република Македонија 150 до 200 илјади тони пченица, какви мерки презема оваа Влада за оваа стратешка култура, пченицата, што ќе преземе, дали ќе преземе еднаш, откако постои 2,5 години како Влада, дали ќе даде една сигурност за реколтата пченица која сега за два - три месеци треба да пристигне, дали ќе даде еднаш една заштитна цена, дали ќе има една сигурност за понатаму за да може земјоделецот и понатаму да ја засејува оваа култура. Зошто, ако ни треба производство од 300 илјади тони пченица, да не можеме да го постигнеме тој максимум ние како држава. За да ја постигнеме таа количина, дали Владата еднаш ќе даде стимул за оваа култура, затоа што се работи за една стратешка култура кога пченицата, кога беше ВМРО на власт беше 13 денари. Откако дојде оваа Влада, веќе поминаа две ипол години, нема никакво размислување за оваа култура и се подолу и подолу оди цената на пченицата. Од 13 денари паднаа на 10, на 8, на 7 денари, и Република Македонија еден ден ќе се доведе во ситуација да купува пченица во вредност од 16 денари.

Што ќе преземе Владата конкретно за оваа култура.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Србиновски,

Првото прашање е за министерот за внатрешни работи.

Има збор министерот за внатрешни работи господинот Љубомир Михајловски.

**Љубомир Михајловски:** Јас не знам господинот пратеник од каде ги влече овие сознанија. Да го цитирам ако може - луѓе кои не се безбедни, затрупани лица, пожари во згради, губење на животи.

Јас на кратко ќе ви кажам што се случува со криминалот во државата за да не бидат само паушални зборувања, да ви кажам една статистика што МВР ја води по службена должност.

Во однос на тоа дека луѓето гинат по улиците, да ви кажам најкратко дека во Македонија во периодот за 4 месеци, до 26 април се случени 12 убиства, 12 се расчистени. Значи, ако продолжи овој тренд имаме убиства некаде околу 30-тина што за разлика од другите години, не зборувам за кризниот период, значи оној период редовен во живеењето на граѓаните на Република Македонија, кога имало 60 и повеќе убиства во годината. Имаме намалување на сторени кривични дела убиства. Тоа го поткрепуваме со податок дека барем 50% ќе паднат од крвните деликти. Тоа е едно.

Второ, добро е што овие убиства, најголемиот дел од нив, не се со мотиви од ниски побуди. Значи, често пати се работи за семејни кавги и така натаму, мотиви кои се вообичаени за оваа средина, значи немаме заради против правно стекнување имотна корист, етнички итн. Во проценти криминалот бележи големо опаѓање. Имаме делови во Македонија каде опаѓањето е дури до 40%, да не зборувам за Скопје, каде тешките кривични дела се во пад од 28%. Така што јас незнам. Ако сакате ќе ви кажам и други бројки, за ефикасноста на полицијата. Тоа се мерки, што ви ги кажувам, што се преземени за расчистување на криминалот. На пример во текот за три месеци, лишени од слобода се 265 лица кои сега се во затвор за кои се распишувани потерници. Одкриени се 49 случаи за недозволена трговија со дрога итн. Поднесувани се кривични пријави за разни злоупотреби за вкупно 93 сторители. Така што верувајте, ако се однесува до МВР, прво да ви кажам една не етика за сите припадници на МВР кои вложуваат големи напори за стабилизирање и намалување на криминалот. Значи една неблагодарност, не спрема министерот туку спрема сите припадници на МВР кои деноноќно вложуваат напори, работат преку времено, работат во тешки услови за работа, во ризични акции. Значи, многу непринципиелно и некоректно е да се шират информации овде во Парламентот.

Околу пожарите што ги спомнавте, полицијата, во своите рамки што сега ќе бидат на ниво на локалната самоуправа, меѓутоа, досега има надлежност во локализирање и гаснење на

пожарите. Во сите овие случаи каде се предизвикани пожари, задача на полицијата е да ги гасне пожарите. Значи полицијата не е таа која може да ја подигне свеста на граѓаните. Многу други институции треба да ја подигнат свеста на граѓаните. Таму каде намерно се предизвикани пожарите, лицата се лишани од слобода односно се преземени репресивни мерки.

Тоа што го кажувате дека катастрофи се случуваат, јас незнам да ви кажам, фала му на бога, и на се што се случува, катастрофа во Македонија немаме, ве цитирам што рековте катастрофи се случуваат.

Сакам да кажам дека вкупниот број на извршени кривични дела во Република Македонија е во опаѓање, а драстстично е зголемен процентот на реализирани кривични дела, што значи дека полицијата си ја обавува редовно својата работа на целата територија на Република Македонија.

Ако други бројки ме интересираат, можам исто да ви ги кажам.

**Слободан Најдовски:** Господине министре ви благодарам на одговорот. Дали пратеникот Србиновски е задоволен од одговорот, или има некое дополнително прашање.

**Илија Србиновски:** Делумно сум задоволен, меѓутоа, она што го реков јас да не се нарече се само судбина. Значи ако добро се преземат мерки и постои истрајност во спроведување на мерките за одговорност, така ќе биде. Меѓутоа, не смее да се нарече се, само судбина и готово.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Србиновски.

Второто прашање исто така е поставено до МВР.

Збор има министерот за внатрешни работи господинот Михајловски.

**Љубомир Михајловски:** Министеството за внатрешни работи доколку има сознанија, еве можеме да извршиме контроли и ќе ве известиме сите, за злоупотреби во врска со тендери што се распишани. Вие го знаете ставот на Министерството дека за сите сторители, зборувам за сите граѓани на Република Македонија, преземаме мерки и ќе преземаме. И во овој случај ако има, го имате мојот збор дека и овде ќе се изврши контрола и ако има основ ќе се преземаат мерки.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре,

Господине Србиновски дали сте задоволен од одговорот.

**Илија Србиновски:** За овој случај не можам да бидам задоволен затоа што не може да ми одговори дали е вистина или не е. Значи министерот не е задоволен со оваа работа.

Барам писмено да ми одговорите.

**Слободан Најдовски:** Право е, господине Србиновски, на министерот дали ќе ви одговори писмено или усмено. Тој ви одговори, во овој момент усно, а ако имате нешто дополнително, ќе си поставите прашање на наредната седница.

Третото прашање е поставено, сега незнам до кого да го насочам, до Владата, до Министерството за земјоделие, до Министерството за финансии. Така и вие рековте.

Има збор заменик министерот за земјодели господинот Санде Џабазовски.

**Санде Џамбазовски:**Благодарам потпретседателе,

Културата пченица е култура која е најзастапена по однос на посеаните површини во Република Македонија и таа е застапена на над 100 илјади хектари. Меѓутоа, во однос на добиените количини производство, не е на прво место, бидејќи има многу други култури кои даваат многу поголеми количини по единица проект.

Пченицата е производ кој не ги задоволува потребите на Република Македонија. Таа ги задоволува некаде 50% од домашните потреби а 50% се увезува пченица од други земји дали од ЕУ, или од трети земји. За таа цел Република Македонија има склучено договори за слободна трговија и по склучениот договор со СТО, може околу 80 илјади тони да увезува без царина, се со цел да не влијае врз зголемувањето на производите од пченица односно лебот и другите производи.

Пченицата во поранешниот период имаше заштитна цена и имаше премија по килограм продадена пченица.

Со пристапувањето на Република Македонија во СТО, со тој договор е предвидено да нема заштитни цени на пченицата и на другите култури во Република Македонија, што значи дека заштитна цена пченицата нема да има во 2005 година. Меѓутоа наша проценка е, очекуваме дека цената на пченицата која е 10 денари плус 05 денари транспортни трошоци, а оваа цена на пченицата не е од минатата година, туку таа е дури од 1993 година, што значи дека оваа година очекуваме дека ќе остане истата цена, односно дека мелничарско-пекарската индустрија ќе ја откупи пченицата најмалку по оваа цена по која што се откупуваше и досега. Тоа е наша проценка.

Значи, тоа не е ниту заштитна цена, ниту гарантира некој за таа работа, туку наша проценка дека по толку ќе се откупува.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство секоја година прави програма за подршка на земјоделско-прехранбените во зависност од расположливите финансиски средства кои што ги има во Буџетот за таа намена. Затоа за 2005 година не е предвидено неповратни буџетски средства за подршка на пченицата, туку е предвидено за други производи за кои што ние сметаме дека во дадениот момент со расположивите средства ќе можат да дадат свои поттик во развојот на производите како што е кај јачменот, пченката, шекерната репка и сончогледот од растителното производство, а додека од сточарското производство има многу други мерки кои што се подржуваат од програмата.

Во Министерството се прават анализи за сите земјоделски култури каде што може да се види оправданоста на поддршката на секоја култура од страна на Буџетот. И покрај тоа што многу долг период пченицата имаше премија, од нашите анализи се покажа дека премиите не дадоа свој допринос во зголемвуање на производство на пченица ниту по единица на производ, ниту по единица површина ниту пак како вкупна количина на производство.

Со направените анализи на сите производи каде ќе може да ја видиме оправданоста за поддршката кои производи треба да се подржуваат од страна на Буџетот, за 2006 година ќе има нова програма, секоја година носиме програма кои производи ќе се поддржуваат од страна на Буџетот.

Многу пати се споменува дека пченицата е стратешки производ и така натаму. Знаете, пазарна економија нема дефиниција за стратешки производ бидејќи пазарна економија е слободно, и стратешки производ е оној кој што пазарот го бара. Треба да се одгледуваат такви производи кои што пазарот ги бара. Пченицата како и сите други култури се екстензивни култури и треба да најдеме начин како помалку да се одгледуваат на површини кои што се под систем за наводнување бидејки се многу малку доходовни и тие треба да се одгледуваат само на површини каде што не можат да се одгледуваат други производи, а тоа е надво од системот за наводнување. Додека, под систем за наводнување треба да се одгледуваат само житни култури во функција на плодоред на површината. Што значи дека, пченицата нема заштитна цена, пченицата оваа година нема да има премија, нема да има ниту наредните години, претпоставувам, премија, но бидејки ние преминавме од премирање на производите во подршка по единица површина, меѓутоа за оваа година нема да има ни по единица површина средства. За 2006 година зависно од расположливите средства, во зависност од оправданоста на производите, по направените економски анализи ќе видиме како тоа ќе биде кога ќе предложиме.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џамбазовски.

Господине Србиновски дали сте задоволен од одговорот или имате дополнително прашање.

Има збор пратеникот Илија Србиновски, повелете.

**Илија Србиновски:** Благодарам почитуван потпретседателе, јас токму затоа го поставив прашањето за пченицата како стратешка култура. Јас ако се интересирам за другите култури ќе поставев такво прашање, меѓутоа, сакам да направам една споредба, една разлика. Или не е способна оваа Влада, или не знае што е пченица, незнам зошто не го прифати сериозно проблемот, не се зафати за оваа култура. Поминаа двеипол години, кога беше минатата Влада, се знае пченицата колку се плаќаше, 13 денари плус превозот, а сега дојде оваа Влада на валст, не вака, не така, 8 денари, 9 денари. Како да бидам задоволен.

Второ, нема никаква субвенција за пченицата, ја исклучија пченицата, сосема. А, кога велиме дека е стратешка култура, тоа е вистина за Република Македонија. Уште оваа цена ако се намали пченицата да дојде, 8, 9 денари, замислете до каде ќе ни оди државата со ваква цена.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Србиновски. Има збор заменик минситерот, господинот Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Јас само накратко ќе кажам, дали претходната власт или оваа власт поддржувала повеќе или помалку и кога била пченицата поскапа или поефтина, јас колку што знам со пристапувањето на Македонија во Светската трговска организација, односно договорот го потпишуваше претходната власт и таму е кажано дека заштитна цена не може да има на пченицата. Така да, не е добро сега да префрлуваме дали оваа или онаа власт. Јас зборувам дека тоа е така направено и ние мораме да се придржуваме според сите тие договори кои ги потпишуваме дали со Светската трговска организација, дали други критериуми кои што треба да ги запазуваме тоа мора да го правиме без оглед која влада и кој министер тоа го потпишал или го договорил. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џамбазовски.

На ред е за поставување на пратеничко прашање пратеникот Назми Беќири. Повелете господине Беќири.

**Назми Беќири:** Почитуван потпретседател, почитувани претставници на Влада, почитувани колешки и колеги.

Имам за поставување две прашања кои што се претходно проблеми на граѓаните и ќе поставам прашања до Владата на Република Македонија.

Првото прашање се однесува на несреќата во Сопот која што на сите ни е позната. Нормално сме изразиле сочувство за овие случаи, за ранетите кои што беа таму, меѓутоа оваа несреќа помина во случај, да кажам политички случај, судски случај, случај за проблемите на граѓаните од тој дел и на целиот тој простор.

По оваа несреќа од една изјава се покрена кривично обвинение кон голем број на лица и потоа почна и судската постапка. Луѓето зе заинтересирани и природно доаѓаат, бараат средби со нас, дури и со нивниот адвокат, но не знаеме што да им кажеме на истите, што да им одговориме. Мое прашање е и би било некој вид ангажирање на Владата на Република Македонија да се занимава со овој случај, да го набљудува од блиску и ангажманот истовремено да биде одговор за мене, затоа што и од изјавите на граѓаните со кривични обвиненија и од адвокатот и другите мислат дека ова е монтиран случај, процес и дека судот во Куманово не ги признава доказите, сведочењата кои што се појавуваат таму, и одлучува така како што сака.

Значи, одговорот го барам написмено, господине потпретседател.

**Слободан Најдовски:** Се извинувам господине Беќири, до кого е упатено прашањето.

**Назми Беќири:** Прашањето е поставено до Владата на Република Македонија, се говори за судовите, а судовите нели се независни, па прашањето е упатено до Владата.

И, вторито случај, господине потпретседател, е во однос на еден ист ваков проблем, меѓутоа малку е полесен, и повторно прашањето е до Владата на Република Македонија, а се однесува на изградбата на местото на кризата кое што не беше нарпавено со план како што беше претходно испланирано. Како доказ на тоа дека овие работи не се завршени, привршени и враќањето на лицата кои беа натерани да го напуштат тоа место, иако Парламентот се занимаваше со таа работа, во основа со тоа се занимаваше друштвото Зора, тие се пожалиле до нас, ние имавме Комисија и кога велам ние мислам на Парламентот, нормално, значи се занимавал со тие работи, и имаше одговори, а тоа време имавме и некој вид на полемика и овде говоревме за тоа дека не беа опфатени сите делови кои што имаа ваков проблем, значи изградбата и враќањето не беа завршени во многу места и во делови во Куманово, воопшто не се почнати обновите, во селата кои што ги набројав. Меѓутоа, тука беше кажано дека немало барања, дека не биле поднесени барања, меѓутоа овие луѓе немаат оформено некое посебно друштво.

По оваа изјава што беше дадена тука, тие луѓе кои што ги имаа овие проблеми ги слушнаа нашите разговори и тие се обратија до нас со разни барања. Сеуште немаат оформено, основано некое друштво, за заштита, за одбрана на нивните интереси, меѓутоа се обратиле до нас, нормално се обратиле и до Парламентот, сигурно и до Владата. Значи, овој број не е мал и сигурно тие барања стигнале до администрацијата во Парламентот и затоа јас барам одговор за тоа колкав е бројот на овие луѓе кои што имаат вакви пробелми и дали ќе се оформи некоја адекватна, соодветна комисија за да ги набљудува уште еднаш овие делови и овие луѓе кои што имаат вакви пробелми, кои што не стигнале да се вратат во своите домови и чија што обнова не е направена и за деловите кои што не биле опфатени во таа обнова.

Ова прашање бидејки е малку општо јас го поставувам до Владата на Република Македонија и одговорт го барам во писмена форма.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Беќири. Вие барате писмен одговор, а право е на Владата како ќе одговори.

Првото прашање е поставено до Владата. Претседателот на Владата господинот Бучковски, вели писмено ќе го добиете одговорот, по однос на првото прашање.

Второто прашање исто така е до Владата на Република Македонија.

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Ќе добиете одговор во писмена форма.

**Слободан Најдовски:** По однос на второто прашање ќе добиете писмен одговор.

Следен за поставување на пратенички прашања е пратеникот Марјан Ѓорчев, повелете.

**Марјан Ѓорчев:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитуван господиен премиер, господа министри на Владата на Република Македонија.

Јас ќе поставам три прашања. Првото рпашање е до Владата на Република Македонија, второто до Министерството за транспорт и врски и третото до Министерството за финансии.

Првото прашање се однесува на преземањето на мнозинскиотпакет на акции од страна на фирмата М-6 во Кавадаречката фирма АД Винарска визба-Тиквеш со цел да Владата прекусвојата второстепена комисија за приватизација ги испита мотивите и целите на незаконското работење на Комисијата за хартии од вредност во Република Македонија, која што дозволила на штета на малцинските акционери преземање на мнозинскиот пакет во АД Винарска визба-Тивеш. Имено, за што се работи, образложение.

Со цел да се избегне ризикот од сукцесивно стекнување на акции во акционерските друштва во Република Македонија беше донесен Закон за преземање на акционерските друштва. Во тој Закон за акционерски друштва беа предвидени начините, условите за купување на хартиите од вредност преку јавна понуда за откуп која што се прифаќа од страна на Акционерското друштво со писмена изјава за прифаќање на акциите, под контрола на берзата и со согласност на Комисијата за хартии од вредност. Јавната понуда се упатуваше и се упатува според Законот на сите иматели на хартии од вредност од регистерот, значи кои што се во Акционерското друштво Тиквеш во односната ситуација и во јавната понуда се дефинира цената по која што се купуваат хартиите од вредност од страна на понудувачот за преземањето на мнозинскиот пакет. Во конкретниот случај кога се работи за АД Тиквеш се направени три големи погрешки.

Прво, АД Тиквеш иако беше котирана организација, преземена е без јавна понуда, Винарската визба - Тиквеш.

Второ, АД Тиквеш иако не е загубар имаше одредени олеснувања, би рекол елиминирање на одредени долгови со дисконт 70% денарски долгови би рекол во некои преговори за нормално функционирање на АД Тиквеш што дополнително ја усложнува ситуацијата околу трансформацијата за преземањето на акциите од страна на М-6, на мнозинскиот пакет.

И, трето, цената на акцијата, номиналната цена на акцијата на Тиквеш, која што велам, не е фирма загубар и која што нормално работи со

помош и на Владата на Република Македонија за одредени долгови кои што ги има АД Тиквеш, изнесуваше 50 евра по една акција или вредност од 10 милијони 558 илјади евра, 206 илјади акции, 50 евра или 3 илјади денари по една акција, а беше продадена во договор со менаџерскиот тим Тиквеш и со понудувачите, повторувам без јавна понуда, без некое објаснување, зошто цената на акцијата се продаде само по  илјада денари, имајќи предвид дека со тоа се нанесува голема штета на малцисннките акционери, а тоа се вработените кои што се тешко оштетени затоа што АД Винарска визба Тиквеш е градена со тудот токму на вработените и во своето 50-ет годишно работење многу значело за Кавадарци.

Ова е многу битен момент за да може да се испита преку Второстепената комисија за приватизација одговорноста на сите лица, пред се од Комисијата за хартии од вредност и да се побара објаснување кои биле мотивите да се овозможи вакво незаконско преземање на мнозинскиот пакет на акции од страна на фирмата М-6 од Акционерското друштво АД Винарска визба-Тиквеш, тоа е првото прашање.

Второто прашање до Министерството за транспорт и врски. Согласно законот за градежно земјиште се предвидува начинот за купување на градежно земјиште во државна сопственост кое е под владение односно се наоѓа во владение на приватни и физички лица, дворни места, имоти на правни физички лица кои што се евидентирани во Катастарот , а се во државна сосптвенсот, кои што се во владение на тие правни физички лица. Јас знам дека има Уредба за изградено градежно земјиште и за неизградено градежно земјиште, зелените површини, на кој начин, како, по која постапка, по која методологија и по кои цени можат тие да се понудат на луѓето или претпријатијата кои што владеат со тоа градежно земјиште на закупување односно приватизирање на тоа градежно земјиште во државна сопственост.

Постапката е целосно запрена. Јас имам една информација од повеќе претпијатија во Република Македонија, Жито-Скопје, физички лица и ред други, би рекол, учесници во сето тоа, правни и физички лица и барам да ми се одговори на што се должи ваквото доцнење? Зошто проблемите не се разрешуваат, ако веќе постои Закон, ако веќе постои Уредба, зошто тогаш дворните места на луѓето или претпријатијата, правните лица не им се дозволи по таа методологија која што е пропишана во Уредбата, по цени, тоа земјиште да им биде продадено, како што впрочем се случи со една друга уредба со други претпријатија во Република Македонија. Едноставно на што се должи доцнењето и дали има некоја пречка во реализирањето на одредбите на Законот за градежно земјиште. На тоа се однесува прашањето.

И третото прашање е до Министерството за финансии, а се однесува и до Второстепената комисија на Владата на Република Македонија за процесот на денационализација. Мој впечаток е, барем од она што јас го имам досега осознаено дека и во првостепената постапка, а особено во второстепената постапка каде што се утврдуваат, да речеме, каде што настанува разрешување на евентуално спорна ситуација околу вредноста на денационализираниот имот или градежни објекти на оние лица на кои што треба да им се врати тој имот, исто така има едно огромно доцнење и едноставно ништо не се движи тука.

Деанционализацијата е многу битен момент за Република Македонија, сопственоста е основна манифестација на капиталистичкиот продукционен однос, а тој однос се базира на приватна сопственост.

Оттука многу е битно ние да се покажеме не само декалративно туку и со факти дека ние тој процес ќе го доведеме до крај. Чинам дека тој процес некаде е запрен. Јас го знам тој случај на имателот на хотелот  “Македонија” во Битола, во центарот на Битола кој што неоправдано, еве стои пред Второстепената комисија за решавање на проблемите во споровите од денационализацијата, она што се должи, ете, бавноста во разрешувањето на ваквите ситуации кои што подоцна ќе иницираат исти постапки и пред македонските судови и пред меѓународните судови, кои што можат да донесат големи штети во однос на определувањето на вредноста на тие објекти или имоти кои што можеме  во една нормална, би рекол, второстепена владина процедура, па и доколку молчи  администрацијата да се прифати како таква процедура, да се реши во интерес на државата Република Македонија и во интерес на граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ѓорчев.

Првото прашање е до Владата на Република Македонија.

Има збор претседателот на Владата господинот Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** Благодарам потпретседателе,

Би било непринципиелно претседателот на Владата од име на Владата да се изјаснува пред Второстепената владина комисија. Ќе ја чекаме одлуката и тогаш може да спориме со одлуката на Владата или со констатациите кои ги изнесе пратеникот Ѓорчев.

Значи, ќе ја сочекаме одлуката, па ако таа не биде доволна писмено ќе одговориме затоа што во поинаков случај би ја прејудицирале одлуката.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе,

Господине Ѓорчев дали сте задоволен или имате дополнително прашање.

Задоволни сте од одговорот на прашањето.

Второто прашање е до Министерството за транспорт и врски.

Има збор заменикот министер за транспорт и врски господинот Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Што се однесува до реализација на предметите за кои пратеникот поставува прашање тие се одвиваат низ динамичен процес во подрачните единици на Министерството за транспорт и врски, меѓутоа, не е толку едноставно од проста причина што изискува донесување на одредени имотно-правни проблеми, а потоа синхронизација со процесот на денационализацијата и слично.

Доколку пратеникот го преформулира прашањето во смисла да побара написмено податок на примени и реализирани предмети, ние ќе бидеме во можност да го доставиме одговорот.

**Слободан Најдовски:** Пратеникот е тој што го формулира прашањето, господине заменик министер ако вие можете да одговорите, во ред.

Господине Ѓорчев дали сте задоволен од одговорот на прашањето или имате дополнително прашање.

**Марјан Ѓорчев:** Го почитувам укажувањето на господинот заменик министер во интерес на тие кои ме овластиле да го поставам ова прашање значи тие правни и физички лица ќе ги набележам во писмена форма и ќе го поднесам за да може да се одговори до каде е постапката за зачувување на тие спорни имоти и предмети.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ѓорчев. Сметам дека ова прашање е завршено, а вие како ново прашање во писмена форма ќе си доставите за конкретните случаеви.

Третото прашање е до министерот за финансии.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Со оглед дека согласно Законот Министерството за финансии е првостепен орган, јас ќе се воздржам во коментарите до тој степен затоа што Второстепената комисија е надлежна над министерот за финансии и не можам да ја коментирам.

Во врска со денационализацијата ако нашиот колега Ѓорчев тоа не го свати погрешно со неговите констатации, да цитирам она што успеав на брзина да го фатам, дека ништо не се движи, дека недостасуваат факти, дека процесот е запрен, ќе кажам неколку работи.

Прво, година во која најголема денационализација во Македонија е извршена по број на предмети и по емитувани обврзници за денационализација и по физички вратен имот од година 2004. После неа по број на решени предмети, по број на вратен имот во вредност и по висина на надомест изразен во обврзници втора рекордна година е 2003. Значи јасно е дека секоја наредна година процесот на денационализација се одвива побрзо од претходната. Дали се одвива со доволна брзина е прашање за кое секој од нас може да извлече сопствена процена. Јас лично ќе кажам од тоа што можеме да го видиме, дека процесот на денационализација се одвива толку отежнато заради бројот на институциите кои, согласно Законот, се инволвирани во целиот процес и постапката која често се одвива токму заради таквата поставеност на Законот, бавно. Меѓутоа, тоа е повеќе објективен отколку субјективен проблем на Република Македонија како држава.

Јас презентирав податоци за тоа како се одвива процесот на денационализацијата во моето излагање за Буџетот на Република Македонија тоа постои во Собранието со податоци за годишни, месечни, неделни предмети по висина, по број каде го аргументирав тоа што сега го кажав дека најголема денационализација е 2004 година, пред неа 2003, што значи дека процесот се одвива со забрзано темпо.

Системски законот е поставен така и не само овој закон, туку и Законот за управна постапка каде се решава второстопената постапка во Република Македонија да имаме 11 комисии за денационализација во првостепена постапка, тоа е одлука на министерот за финансии, може да има и 20, може да има и 5, зависно од начинот на кој ќе се организира, меѓутоа, второстепената постапка е само една жалбена комисија на ниво на Влада.

Со оглед дека се работи за илјадници решенија кои се слеваат од сите 11 комисии во текот на сите изминати 4 години на денационализација кон Второстепената комисија, Второстепената комисија по природата на нештата станува тесно грло каде не можат да стигнат на сите 11 првостепени да одговорат со една Второстепена комисија особено што луѓето и во првостепената и во второстепената не се професионално ангажирани.

Дополнителен проблем е што во Република Македонија е создадена ситуација да процесот на денационализацијата се одвива со една временска дистанца од прилика 45 до 50 години после процесот на извршена нацинализација и во меѓувреме денационализацијата се одвива со значително поголем број на луѓе кои се загатнати од денационализација отколку од тие што биле загатнати од национализацијата. Значи секој национализиран предмет сега има три, четири, ако и тоа колено биолошки е заменето,осум, десет наследници. Верувајте дека 90% од првостепените решенија кои ги решаваме завршуваат со жалбена постапка од некој од странките до Второстепена заради нивните меѓусебни односи на наследници, дали има право, дали нема право, што значително го отежнува процесот кај Второстепената комисија.

Вистинскиот одговор и оваа Влада и претходната и некоја наредна треба да го бара на начинот на кој тој проблем може да го решава во второстепената постапка.

Сега јас не сакам да се изјаснувам за второстепената жалбена комисија затоа што, согласно Законот, министерот за финансии, условно речено, е поттчинет на второстепената комисија, меѓутоа, мојот личен впечаток е дека токму тука настанува тесното грло. Едноставно инката во второстепена е многу мала за да може да ги обработува сите предмети, а жалбената

постапка навистина е огромна. Практично нема решение на првостепена која некој не ја обжалува. Или некој од наследниците или некој од оние кои сега располагаат со имотот или правобранителот и тоа многу ни ја успорува постапката.

За да го решиме тоа, можеме да размислуваме на големо ангажирање на голем број на луѓе професионално да се бават, тоа се времени работи, меѓутоа до сега ни една влада за ни една второстепена постапка не го направила. Господинот Ѓорчев бил член на Влада, жалбените постапки во второстепените се на некој начин тесно грло. Тоа е проблем и со постапките од денационализацијата.

Што се однесува до првостепената постапка за која јас сум одговорен, ве уверувам дека имаме напредок и тоа е презентирано и може да се земе стенограмот од тука, може да се влезе и на ВЕБ сајтот на Министерството за финансии каде што тие податоци се презентирани. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре,

Господине Ѓорчев дали сте задоволни од одговорот на прашањето или имате дополнително прашање.

Има збор пратеникот Марјан Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Во делот на она што го искажа министерот за финансии јас сум задоволен од работењето на 11-те првостепени комисии, меѓутоа, навистина, затоа го поставив прашањето конкретно за конкретен објект кој за време на национализацијата биле 4 куќи претворени во Хотел "Македонија" и сега постои во Битола, предмет е на правен промет во дадениот момент, а сепак луѓето кои се директни наследници, се работи за двајца директни наследници, не можат да си го остварат своето право и да го докажат тоа што е право на оние што го стекнале со Законот за денационализација.

Нешто мора да се направи тој процес да се забрза инаку оди во бескрај. Тоа е мојот коментар за второстепената постапка.

**Слободан Најдовски:** Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Јас не се осврнав на конкретниот случај кој беше елабориран затоа што и од самиот пратеник не беше кажано дека таа постапка е веќе жалбена во второстепена две ипол години каде јас немам надлежност. Нашето е завршено поради искажувањето пред две ипол години, а во второстепена ги работат по редослед на поднесување. Тоа е нешто за што зборував дека е тесно грло во овој процес. Ќе го видиме случајот уште еднаш, во секој случај.

**Слободан Најдовски:** Следен за поставување пратенички прашања е пратеникот Благој Голомеев, ќе имаме време да ги постави своите пратенички прашања, а потоа ќе дадеме пауза.

Повелете господине Голомеев.

**Благој Голомеев:** Благодарам господине потпретседателе, почитуван премиер, членови на Владата на Република Македонија.

Јас имам две прашања, бидејќи случајно третото прашање беше идентично со она што господинот Ѓорчев го постави околу денационализацијата, можноста или барањата на граѓаните за забрзување на тој процес.

Јас не знам колку ќе бидат задоволни од одговорот на министерот Поповски, меѓутоа, сигурно дека одговорот беше аргументиран и објективен.

Моето прво прашање од овие две што ми преостанаа ќе го адресирам до Владата на Република Македонија, бидејќи се работи за еден проблем кој го тишти еден поширок регион од Истониот дел на Република Македонија, а тоа е патната инфраструктура.

Би ја запрашал Владата дали има намера малку посериозно да се позанимава со проблемот околу патната инфраструктура во Источниот дел на Република Македонија кој, најблагоречено, е несоодветен за времето во кое живееме имајќи го во предвид интензитетот на сообраќајот кој во последно време, со приближувањето на Бугарија кон Европската Унија наскоро ќе стане полноправен член со динамизирањето на економските активности огромен број на шлепери се движат во тој дел од регионот, посебно тесно петно станува делот помеѓу Штип и автопатот север-југ.

Тука според Генералниот урбанистички план е предвидено тој патен правец да се модернизира од Штип до месноста наречена Крива Круша и да се избегне наплатната рампа кај Велес, тоа е едната варијанта, а другата варијанта или друго идејно решение е она да се поврзе Миладиновци - Свети Николе - Штип бидејќи на таа делница се слева целокупниот сообраќај од Источниот дел на Република Македонија, а условите во кои се одвива тој сообраќај се повеќе од загрижувачки.

Некаде во јули 2003 година Собранието расправаше по иницијатива на 20 пратеници од овој дел од Источниот дел на Република Македонија за разрешување на проблемите со патната инфраструктура и тогаш донесовме заклучок да и сугерираме на Владата во приоритетите да го постави со укажување на финансиска и техничка документација и постепено отпочнување на разрешување на овие проблеми, а имајќи го предвид фактот дека полека, но сигурно ќе се движиме кон Европската Унија кон земја кандидат претендираме на отворање на комерцијалните фондови, се прашувам и самиот дали имаме доволно квалитетни проекти, а ова би требало да биде еден од таквите со кои ќе можеме едноставно квалитетно и ефикасно да искористиме голем дел од тие средства.

Тоа е првото прашање.

Второто прашање е кратко и би го насочил до Министерството за транспорт и врски, ми се чини дека тука е таа надлежност. Имено, беше

покрената постапка за донесување на Правилник за сообраќајна сигнализација на патиштата на територијата на Република Македонија. Целта беше синхронизација на тој дел со она што претставува европско искуство или европска регулатива, меѓутоа, очигледно дека некаде е дојдено до застој, па би прашал до каде е изготвувањето на тој Правилник и кога се очекува истиот да биде донесен. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Голомеов.

Јас реков дека ќе имаме пауза, но изгледа ќе имаме време да одговориме на првото прашање.

Првото прашање е до Владата на Република Македонија, а тука е господинот Владо Бучковски, претседател на Владата.

**Владо Бучковски:** Пред два месеци кога беше извесно дека ќе дојде дивидендата од Телеком ветивме дека дел од проектите кои ќе ги поддржиме ќе бидат инфраструктурни во Источна Македонија. Независно дали на 11-12 мај кога е најавен бордот на директори ќе ја донесе Одлуката за ветените 42,4 милиони или не, Владата не отстапува од своите намери да започне во Источна Македонија со градење на патот Струмица - Радовиш, па да продолжи поврзувањето како што беше ветено пред два месеци.

**Слободан Најдовски:** Благодарам претседателе,

Господине Голомеов, дали сте задоволен од одговорот на прашањето или имате дополнително прашање?

**Благој Голомеов:** Се надевам дека оваа оптимистичка изјава на премиерот ќе се преточи во реалност и дека постепено, но забрзано ќе почне да доаѓа до разрешување на проблемите со патната инфраструктура во Источниот дел на Република Македонија, посебно потенцирам на патниот правец Штип - автопат - Север - Југ. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Второто прашање е до Министерството за транспорт и врски.

Има збор заменик министерот господинот Кошутиќ.

Ќе завршиме ли за кратко?
**Дејан Кошутиќ:** Мошне кратко, ќе ја фатима паузата.

Министерството за транспорт и врски во соработка со ГТЗ го изработи Предлог правилникот за хармонизација на сигнализацијата, согласно европските регулативи и во тек е соработка со колегите од надлежниот сектор во Министерството за внатрешни работи, така што верувам дека мошне брзо заедно со нив ќе бидеме во можност да се донесе тој правилник.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Кошутиќ.

Господине Голомеов дали сте задоволен од одговорот на прашањето или имате дополнително прашање?

**Благој Голомеов:** Задоволен сум од одговорот, се надевам дека ќе се забрза постапката и дека наскоро ќе го добиеме тој правилник кој е потребен на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Голомеов.

Сега објавувам пауза до 14,00 часот.

Продолжуваме во 14,00 часот.

Благодарам.

(Пратениците отидоа на пауза во 13,00 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,03 часот)

**Слободан Најдовски:** Предлагам да почнеме со работа.

Ги повикувам пратениците кои се пријавиле за поставување пратенички прашања, истовремено и претставниците на Владата и министерствата да продолжиме.

Според редоследот што го имаме утврдено, следен за поставување пратенички прашања е господинот Хисни Шаќири.

Господинот Шаќири не е присутен.

Нареден е пратеникт Сприо Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Добро, прво сакам да кажам дека денеска е голем празник, Велики четврток и ја користам можноста на православните христијани да им ги честитам престојните празници Воскресението Христово. Денеска е денот кога не би требало да се расправаме воопшто и немам намера. Јас ќе ги поставам прашањата, одговорите нема да ги коментирам, се надевам дека наредниот пат повторно ќе дојдеме во ситуација да разговараме. Гледам дека и поголем дел од Владата и претставниците на Владата ги нема, но тука е заменикот министер за транспорт и врски.

Првото прашање, бидејќи дебатиравме неколку дена и во однос на она што значеше Закон за железници и трансформација на железницирте, уште еднаш јавно ќе ве запрашам да кажете за што, колку и каде Владата предвидела да инвестира според Акциониот и Бизнис планот од 2003 до 2009 година? Дали тое е Коридорот 8, Коридорот 10, патниот правец Битола-Кременица и колку километри или метри железничка пруга се направени од 15.09.2002 година до денеска и каде? Тоа е првото прашање.

Второто прашање е до Владата-Дали последната финансиска контрола на работењето на трговските друштва во Битола се применуваше селективно и дали изборот на градовите е случаен? Колку и кои продавници и фирми се затворени, а колку не и покрај тоа што добиле кривични пријави или пак имало неправилности во нивното работење? Дали е начин при затворањето на дуќаните во него да останат и купувачи, дури и странски државјани? Мислам дека мораме да водиме сметка при функционирањето, сигурно дека сите сме за

почитување на Законот, но Законот мислам дека треба да важи за сите подеднакво.

Последното прашање до Министерството за економимја, дали дефинитивно 15 милиони долари што беа предвидени за Електро-стопанство на Македонија, конкретно за РЕК-Битола од рускиот долг дефинитивно нема да се користат за тоа или пак Владата има некои други планови за кои што ние не знаеме, можеби пренамена на истите средства за Електро-стопанство или за РЕК-Битола, затоа што според извествувањата од Владата што ги добиваме, приватизацијата е многу блиска и мислам дека овие средства веќе доцнат во она што требаше да значи претприватизационо уредување на Електро-стопанство на Македонија и прилагодување за продажба?

Ова се моите три прашања. Мислам дека одговорите ќе ги слушнам.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Првото прашање е до Министерството за транспорт и врски.

Има збор заменикот министер за транспорт и врски господинот Дејан Кошутиќ.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Одговорот би го поделил во три дела, односно господинот Мавровски може во писмена форма да добие преглед за инвестирањата во инфраструктурата во изминативе пет години.

Второ, што се однесува до идното финансирање во инфраструктурниот и транспортниот дел на Македонски железници, во дебатата во изминативе неколку дена околу донесување на Законот за транформација и првата фаза од Законот за железници, беа спомнувани одредени компоненти апроксимативно од претсојниот заем за што сме во преговори со Светска банка. Официјалните, секако, ќе бидат презентирани, јас сум оптимиста по успешните преговори со Светска банка.

Трето, што се однесува до идните планови во делот на железничкиот сообраќај, во Законот за железници што ќе биде во втора фаза верувам до крајот на мај, почетокот на јуни во Собранието, како обврска на Владата, на Министерството за транспорт и врски и идната агенција за железнички сообраќај се предвидува изработување на национална стратегија, каде што како едни од главните компоненти ќе бидат и идните планови за инвестирање во делот на железничкиот сообраќај.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Кошутиќ.

Господине Мавровски дали сте задоволни од одговорот на прашањето или имате дополнително прашање?

**Спиро Мавровски:** Кажав дека нема да коментирам. Благодарам, се надевам дека во мај-јуни сите овие одговори господинот заменик министер ќе може да ги потврди.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Без разлика што вие не сакате да коментирате, согласно Деловникот, јас морам да ве прашам.

Второто прашање е до Владата на Република Македонија. Имаше неколку прашања. Владата може да одбере на едно да одговори или на сите.

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија господинот Владо Бучковски.

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Прашањето на пратеникот Мавровски најдобро е да го дадеме во писмена форма, затоа што дел од информациите што го интересираат, вчера беа изнесени на ПРЕС конференција на Управата за јавни приходи, каде што заменик директорот на Управата за јавни приходи и директорот на подрачната единица во Битола имаа посебна ПРЕС конференција заради последните случувања за даночната евазија во Битола. За да нема шпекулации околу селективниот карактер, она што беше изнесено на вчерашната ПЕРС конференција ќе го преточиме во писмена информација каде што ќе го увериме пратеникот дека ниту Управата за јавни приходи до сега имала селективен пристап, ниту ќе има во иднина.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Господине Мавровски дали сте задоволен од одговорот или имате дополнително прашање?

**Спиро Мавровски:** Да, благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Третото прашање е до Министерството за економија. Немаме претставник од Министерството за економија. Ќе добиете писмен одговор на вешето поставено прашање.

Следен за поставување пратеничко прашање е Селвије Салиу.

Повелете госпоѓа Селвије, јас се извинувам госпоѓа или госпоѓица.

Повелете.

**Селвије Салиу:** Ви благодарам господине потпретседател.

Денеска ќе поставам две прашања.

Првото прашање е до министерот за финансии. Станува збор за денационализација на една недвижност која со Одлука на Основниот суд во Гостивар со Одлука број 2103000 му е вратена на едно семејство од Гостивар. Во согласност со оваа Одлука , Комисијата за денационализација има одлучено позитивно, носејќи Одлука со која се дозволува надоместок преку обврзници. И покрај тоа надоместокот сеуште не е остварен, додека во меѓувреме е склучен договор за

продажба на овој недвижен имот од претставник на Министерството за финансии со едно друго лице што се јавува како купувч. Конкретно прашањето е следно:

Зошто Министерството за финансии има овластено одредено лице за да го продаде овој недвижен имот без да ја заврши постапката за надоместок?

Се надевам на ова прашање Министерството ќе ми одговори писмено.

**Слободан Најдовски:** Продолжете, рековте имате две прашања.

**Селвије Салиу:** Второто прашање е до Министерството за труд и социјална политика.

Едно долго време граѓаните кои работеле надвор од земјава, чекаат пензии, ги имаат исполнето сите услови за пензија, одкако ги имаат исполнето условите за пензија, се жалат дека документите што ги имаат доставено во соодветното Министерство, имаат долго време како нивната документација е во тој соодветен сектор. Овие појави побудуваат сомнеж или пројавуваат дилема и кај населението и кај нас, како пратеници.

Конкретно, зошто Министерство не презема мерки за отстранување на овие аномалии, управни аномалии, иако верувам дека ова како аномалија е позната подолго време во Секторот за кој што говорам.

Зависи дали претставникот на Владата ќе ми одговори, зависи колку е подготвен да ми одговори на ова, дали ќе одговори писмено или усмено ќе одговори за овој проблем, бидејќи станува збор за подолг проблем во однос на нашите граќани.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓице Салиу.

Првото прашање е до министерот за финансии. Министерот за финансии не е моментално тука. Ќе добиете писмен одговор.

Второто прашање е до Министерството за труд и социјална политика.

Има збор заменик министерот за труд и социјална политика господинот Самка Ибраимовски.

Повелете господине Ибраимовски.

**Самка Ибраимовски:** Благодарам господине претседателе.

Го слушнавме излагањето на пратеничката. Морам да кажам дека една од причините поради што се доаѓа до застој кај осигуреникот кој работел надвор од државата, потврдувањето на стажот од државата каде што осигуреникот работел треба да се потврди и таа постапка оди малку поспоро, бидејќи осигуреникот треба да го верифицира стажот во странската држава. Додека не се верифицира стажот од странската држава, односно осигуреникот каде работел, постапката не може да оди понатаму, односно да продолжи постапка за пензионирање на лицето кое дало документи. Тоа е една од причините.

Но, мислам дека ќе го имаме предвид излагањето на пратеничката со сугестија за забрзување на постапката и ќе собереме сили, односно странското оделение каде се води осигуреникот, односно сите осигуреници ќе ја забрзаме постапката. Нормално, тоа не зависи од нас, тоа зависи од техничките причини каде што осигуреникот претходно работел.

Единствениот застој за државните осигуреници е само околу потврдата на странската држава што треба да го верифицира стажот на осигуреникот. Во наредниот период ќе ја имаме предвид оваа сугестија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ибраимовски.

Госпоѓо Селвије, дали сте задоволни од одговорот или имате дополнително прашање.

**Селвије Салиу:** Делумно сум задоволна, бидејќи граѓаните нагласуваат дека проблемите не се во државите каде работеле, туку проблемите се овде, во нашата администрација, односно во администрацијата одговорна за овие работи.

Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Силвије.

**Самка Ибраимовски:** Само да се надоврзам ..

**Слободан Најдовски:** Момент, додека ви дадам збор, ќе причекате.

Има збор министерот за труд и социјална политика, господинот Самка Ибраимовски.

Повелете господине Ибраимовски.

**Самка Ибраимовски:** Мислам дека бев јасен. Токму тоа, се работи за потврдување на стажот од страна на државата каде работел осигуреникот. Од тие причини доаѓа до некој застој. Меѓутоа, ако е во нашето Министерство, односно во Фондот за пензиско осигурување, затоа реков дека ќе ја имаме предвид сугестијата на пратеничката и во наредниот период ќе ги анулираме сите тие недостатоци што се од страна на нашето Министерство.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ибраимовски.

Нареден за поставување пратенички прашања е пратеникот Ефтим Манев.

Повелете господине Манев.

**Ефтим Манев:** Благодарам господине претседателе.

Првото прашање мислам дека треба да биде кон министерот за економија или за финансии, еден од двајцата, кој ќе може, ако не би барал да го одговори претседателот на Владата, премиерот.

Скоро цел април месец имаме доста пишувања во сите весници и електронски медиуми во однос на Договорот на менаџерскиот тим во ЕСМ, кој има склучено договор да во случај на продажба на ЕСМ, доколку менаџерскиот тим биде отпуштен од купувачот, да тие имаат склучено таков договор да стекнат некакви парични средства. За

кои парични средства се зборува дека паѓаат на товар на самата фирма и ќе бидат пресметани во самата вредност, оној кој ќе ја купи , поефтино.

Таквото нешто доаѓа и од Државната комисија за антикорупција која сметам дека тој Договор е штетен и е упатено посебно барање до Надзорниот одбор на Компанијата, бидејќи тој го одобрил таквиот Договор, да биде поништен како противзаконит.

Вчера, првиот човек на ЕСМ, Панде Лазаревски одговори дека Договорот бил во согласност со законите и дека тоа било шпкулација на новинарите. Сметам дека Државната комисија за антикорупција не можеме да ја сметаме дека би постапила така, како што тој кажа.

Од Владата барам да бидам известен до колку можете и на оваа седница какви се тие договори кои што се потпишани, каква е нивната висина, на парите и средствата што треба да ги добијат со овие менаџери и на кои износи е пресметувана, бидејќи се зборува дека тие имаат плата од скоро 2000 евра месечно. Сето тоа е една забуна како кај мене и на поголем број граѓани на Република Македонија па во тој дел барам Владата, како надлежна за таквиот случај да ја каже вистината дали постои противзаконитост или сето тоа е во некоја законита или рална состојба направено. Тоа е едното прашање.

Второто прашање, до истите министерства или премиерот, исто се однесува на истата фирма, заклучен е Договор..

**Слободан Најдовски:** Господине Манев и двете прашања ги поставувате до тројца министри.

**Ефтим Манев:** Гледам дека тука е премиерот. Инаку, ако премиерот одлучи да овласти некој, тоа е друго.

**Слободан Најдовски:** Ако го поставите до Владата, премиерот може да овласти друг да одговори.

**Ефтим Манев:** До Владата, бидејќи мислам дека имаат компетенции двете министерства, сепак го псотавува до премиерот.

Второ прашање: На 18 април 2005 година во весникот “Време” имаше напис дека ЕСМ има склучено Договор, дали со тендер или без тендер не знам, со фирма Британска ЕСТ за увоз на електрична енергија од април оваа година па до април наредната година, во вредност од некаде околу 80 милиони евра, за која фирма Британските надлежни органи имаат поведено постапка или е осомничена таквата фирма дека работела против правно, правејќи злоупотреба и корупција во минатото, и тоа на подрачјето на Балканот, особено во Босна и Херцеговина и Српска Краина, каде што ги помагала воените злосторници со парични средства што ги остварувала, па во тој дел би сакал да ми биде одговорено од Владата, ако сега располага со такви податоци или да ги прибере, ако е направено такво нешто, сметам дека или Владата да оцени дали таквиот Договор нема да биде штетен за Република Македонија. Поради тоа што силовите рефлектираме и бараме, по сите можности, да бидеме поприфатливи за Европската унија. Тоа е една фирма која што со такво нешто е осомничена, и не знам, сигурно дека ќе има голема штета за Република Македонија.

Тоа е второто прашање.

Третото прашање е до Министертвото за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Повеќе пати се одговара од ова Министерство, кога се работи за земјоделството дека во Република Македонија владее пазарно стопанство, што е неспорно и дека Министерство нема никакви ингеренции во земјоделието. Тогаш дали би било Министерство исклучиво само така да постои формално. Јас мислам дека треба да биде поинаку и барам да ми се одговори, бидејќи во Република Македонија околу 20% од населението се занимава со земјоделие и истите луѓе се недоволно организирани и немоќни своите производи да ги пласираат на пазари, особено надвор од Република Македонија и голем дел од производите остануваат во Република Македонија и на нивите, со тоа што од година во година некогаш се јавува хиперпроизводство, некогаш опаѓа таквото производство поради немање на пазар.

Би сакал да ми се одговори дали ова Министерство преку Владата размислува и подготвува услови за создавање на агро берза, која во доволна мера е покажана како успешна, имајќи ја предвид холандската берза, имајќи ја предвид полската берза, кои што се и тоа како корисни за тие држави и обезбедуваат храна на поголем дел во Европа. Дали Република Македонија размислува за отворање на берза или друга форма на организирање, каде што целокупните земјоделски производи би оделе на пазар преку таа берза и би ги организирале производителите да знаат што да произведуваат, колку и каков производ. Исто така, таквата берза би се грижела и за увозот, непотребниот увоз во Република Македонија.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Манев.

Првото прашање е упатено до Владата на Република Македонија.

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Владо Бучковски.

Повелете господине претседателе.

**Владо Бучковски:** Благодарам потпретседателе.

Заради интересот кој го имаше јавноста за менаџерските договори и шпекулациите дека менаџерските договори се склучени меѓу Владата на Република Македонија и менаџерите на Електростопанство на Македонија, Владата ги направи достапни договорите кои беа потпишани од страна на Надзорниот одбор на Електростопанство на Македонија и Менаџерскиот тим на Електростопанство на

Македонија и беа доставени до Антикорупциската комисија. Според првичните согледувања од страна на Антикорупциската комисија, договорите се согласно новиот закон за трговски друштва, но има една забелешка: евентуално можат да се косат со моралните и етичките принципи. Тоа е она што го има како информација Владата. Се друго дополнително, собирајќи ги дополнителните информации, може да ги направиме да бидат достапни на пратеникот Ефтим Манев.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Господине Манев, дали сте задоволни од одговорот на прашањето?

**Ефтим Манев:** Задоволен сум, меѓутоа, би сакал да ми бидат доставени таквите договори да ги видам, тоа што го кажа премиерот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Манев.

Второто прашање исто така е до Владата на Република Македонија.

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Владо Бучковски.

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Благодарам.

Врз основа на јавниот повик за избор на партнер за Електростопанство на Македонија за увоз на дополнителни количества на електрична енергија во висина од отприлика 80 милиони евра, на тендерот на кој биле пријавени 8 фирми, според информациите кои ги има Владата, кои веројатно на утрешната Прес конференција ќе бидат изнесени во јавноста, имаат добиено 7 фирми како партнери на Електростопанство на Македонија за дистрибуција и увоз на дополнителна електрична енергија. Дали меѓу нив се наоѓа и дотичната фирма, за која колегата кој е правник вели дека има основани сомневања или не, ќе сочекаме и ќе видиме, а може ако не ја слуша Прес конференцијата на Електростопанство на Македонија Владата да побара преку Министерството за економија одговор на ова прашање и да го доставиме во писмена форма.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Господине Манев, дали сте задоволен од одговорот на прашањето?

**Ефтим Манев:** Задоволен сум.

**Слободан Најдовски:** Ви благодарам.

Третото прашање е упатено до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Има збор заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Санде Џамбазовски.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам господине потпретседателе.

Апсолутно се согласувам со констатацијата на господинот пратеник дека земјоделството како гранка е многу значајна во Република Македонија, бидејќи околу 18 до 20% учествува во бруто домашниот производ, толку отприлика учествува во извозот, толку отприлика учествува во бројот на вработените итн.

И уште повеќе тоа што 40% од населението живее во рурални средини, кои професионално егзистираат или дополнително се занимаваат со земјоделска дејност.

Поради сето тоа, Владата на Република Македонија односно преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство води посебна грижа и сметка за развој на земјоделството бидејќи тоа има огромно значење во целокупната економија на Република Македонија.

За таа цел, Владата на Република Македонија за 2005 година има издвоено од Буџетот средства, цирка околу 600 милиони денари, кои средства се директно за поддршка на оние кои произведуваат примарно производство и тоа се неповратни средства.

Покрај овие средства, уште отприлика толку средства од Буџетот на Република Македонија се издвојуваат за изградба на капитални објекти, а се разбира овие средства се пропратении и со кредити, дали од Светската банка или од Меѓународниот монетарен фонд за создавање услови и изградба на капитални објекти, како што се брани и системи за наводнување, инфраструктура, кои директно влијаат врз развојот на земјоделството, што значи околу 85% од вкупниот буџет на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се користи, има развоен карактер и се користи исклучиво во таа насока за подобрување на условите за производство, односно за зголемување на земјоделсткото производство.

Што се однесува до конкретното прашање за формирање на агро берза, морам да кажам дека агро берзата е формирана 1992 или 1993 година, а таа агро берза се уште функционира меѓутоа мора да признаам дека не сме задоволни од сегашната функција на агро берзата. Затоа имаме направено одреден проект кој што проект ќе предвиди како да се реорганизира берзата, се со цел да и се помогне во информирањето на земјоделците каде можат и како можат да ги пласираат своите производи.

Со оглед дека имаме многу раситнето земјоделство, земјоделци кои што имаат просечно по два и пол хектара површина или мали сточарски фарми, посебно пласманот е отежнат бидејќи тоа мало производство тешко се пласира. Затоа ја поддржуваме акцијата на здружување на индивидуалните земјоделски производители во здруженија, во задруги каде што ќе можат да го здружат своето производство и можат да бидат подобар партнер во однос на продажбата на своето производство. Покрај директната поддршка која Министерството односно Владата

го дава за развој на земјоделството, имаме многу индиректни поддршки, како што е Програмата за здравствена заштита на животните каде што со средства на Буџетот се заштитува здравствената состојба на животните, Програма за здравствената заштита на растенијата каде што им се помага на земјоделците во однос на заштита на растенијата а со тоа дава гаранција за многу подобар принос по единица површина или единично грло.

Во Владата на Република Македонија преку Министерството постои Агенција за поттикнување развој на земјоделството каде што има единствена функција да дава бесплатни совети на земјоделците што е тоа што е економски оправдано, што е тоа што повеќе би одело на пазар, полесно би можело да го пласираат и можат да произведуваат поквалитетни производи. Што значи дека со оваа а не е само оваа, има и други мерки кои што бараат многу повеќе време да се образложат. Сметам дека Министерството не само што е надлежно, не само што размислува и работи на стварање на одредени предуслови за поголем развој на земјоделството туку и понатаму ќе се грижи во таа насока и зависно од расположливите средства кои што може републиката да ги издвојува ќе прави секоја година Програма за поддршка за развојот на земјоделството.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џамбазовски.

Господине Манев дали сте задоволни од одговорот на поставеното прашање или имате дополнително прашање.

Има збор господинот Манев.

**Ефтим Манев:** Тоа што го кажа земеникот министер мислам дека е така. Неспорно е.

Јас бев пратеник во првиот Парламент. Тогаш е формирана агро берзата, но тоа што го кажа тоа е вистината. Таму има вработени  5, 10, 15 луѓе не функционираат. Тие постојат самите за себе и не чувствува земјоделието нешто во тој дел. Јас би апелирал без разлика тоа што го кажа дека е тоа квалитет позитивно е, да се притисне што повеќе, мора некоја Влада да го направи или некое Министерство, што повеќе нашите земјоделски производи тоа што е вишок да има пазар надвор каде треба да отидат, не да останувaат неприбрани од полето или фрлени. Мора да има таква институција, тоа е берзата или друга форма. Трговија за надвор обавезно, што сметам дека тоа треба да го направи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Исто така заштитата на земјоделството. Треба да се грижи Министерството, увоз, порадикално, млечни кризи. Млеко колку сакаме, млеко се увезува, месо се увезува. Сето тоа треба да го обезбедиме дома. Јас би го поддржал Министерството само во тој дел да биде поцврсто, посигурно и да успее во тоа што го зборува, да не биде само на збор.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Манев.

Продолжуваме со поставување на пратенички прашања. Господинот Хисни Шаќири.

Повелете господине Шаќири.

**Хисни Шаќири:** Ви благодарам господине заменик потпретседател.

Уште на почетокот би сакал да ги поздравам членовите  на Владата на чело со премиерот, членовите кои се присутни и не слушаат за проблемите што го имаат населението воопшто тој проблем.

Имам само две прашања.

Првото прашање го упатувам до Владата.

Јас сакав да го решам тој проблем преку мое сопствено ангажирање, дирекно со Владата, а се говори за откупот на тутунот од кризната зона во 2003 година. Отприлика тоа време се правеше откупот и се создаваат услови такви какви што се создаваа. Тогаш излезе една фирма која се нарекуваше ДЕМА ТАБАК и направи откуп на одредено количество на тутун, почнувајќи од општина Липково и од кризните зони, па дури до Скопје некаде.

Прашање кое што за тоа време на некој начин се остава да се реши нешто, меѓутоа со самиот факт што таа фирма не беше во состојба и до ден денес не е во состојба да им ги исплати парите на тие субјекти и овој проблем уште не е решен. Јас сум се обидел уште во времето на господинот Бранко Црвенковски кога беше премиер, при крајот на 2003 година ова прашање да го затвориме, но не успеав иако имаше расположение во тоа време премиерот за решавање на овој проблем.

Потоа продолжив разговори, контакти и со господинот Хари Костов и сум иницирал неколку пати како проблем, не сум сакал да го поставувам како пратеничко прашање, затоа што знам дека многу пашања не се решаваат на овој начин, но повеќе сум барал објаснувања. И покрај објаснувањата сум барал овој проблем да се реши и надмине.

Количеството на откупениот тутун е околу 200 тони, меѓутоа во пари тоа е околу 110 милиони и нешто денари.

Мене ми е јасно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, дефинитивно има изјавено уште кога беше министер господинот Славко Петров дека не може да го реши овој проблем. Значи тутунот е сместен во Тутунскиот комбинат Куманово, и жртва од сите овие калкулации се производителите на тутун.

Во времето кога е произведен тој тутун се знае во какви околности, со таква историска традиција која што ја има Тутунскиот комбинат Куманово и денес тие не функционираат.

Значи секогаш ова прашање било во надлежностите на Тутунскиот комбинат Куманово и затоа лично ме интересира дали има можности

и каква форма и каква формула има за затворање на ова прашање, 10 милиони и 800 илјади денари. Знам дека има и други проблеми Министерството, знам дека сите проблеми со кои се соочува Владата сега се толку тешки во споредба со овој проблем, меѓутоа понекогаш и малиот проблем кога не се затвара, кога не се решава предизвикува исто така неправилности, нарушувања. Можеби не предизвикува такви нарушувања во такви мерки како големите проблеми, меѓутоа секогаш луѓето бараат решенија и чукаат на врата таму каде што можат да го затворат ова прашање. Значи, би имал желба Владата во рамките на можностите да изнајде решение и овој проблем да го затвори.

Користам една прилика, еден момент кој можеби не е многу оправдан за надминување на проблемот, меѓутоа не ми е целта да ја алармирам ситуацијата, немам намера состојбата да ја направам многу позначајна пред граѓаните и пред јавноста, меѓутоа навистина ме интересира решението на проблемот. Затоа прашањето го упатувам до Владата и од Владата барам одговор било во писмена форма, или усмено.

Ова население чека одговор од 2003 година и одговорот би сакал да биде во функција на решавање на проблемот. Јас сум оптимист и останувам со надеж дека овој проблем набрзо ќе се затвори и ќе се реши не со ова одоговлекување кое било досега.

Второто прашање го упатувам до Министерството за образование. Бидејќи министерот не е присутен ова прашање го поставувам и барам одговор во писмена форма.

Ме интересира до каде успеало Министерството за образование околу признавањето на дипломите кои се дадени на студентите кои дипломирале на Тетовскиот универзитет.

Пред некое време, пред локалните избори таму имаше еден акт на кој се повика еден број на студенти, каде што беа присутни и министри и заменици министри, беше присутен и претседателот на Парламентот, навистина тоа беше момент кој што колку и да е ги заслужува сите тие структури.

Земени се дипломите, протоколирани, се знае дека Универзитетот во Тетово денес функционира како Државен универзитет имајќи го за основа Законот кој е донесен тука и колку што знам јас поминати се сите процедури кои што се предвидени со закон и на многу места, во многу општини заводите за вработување не гледаат за оправдано да направат евидентирање на тие дипломи во работничките книшки. Овој проблем е актуелен.

Барам одговор од Министерството за образование, наука и спорт бидејќи тие студенти бараат Министерството да им се обрати со еден запис. Зошто Министерството за образование не го направило тоа досега? Тоа е прашање на кое навистина треба да има одговор.

Очекувам одговорот да биде во писмена форма.

Ова прашање го поставувам со единствена намера ова прашање веќе да не остане терет на поединци, да не остане терет на струдентите кои години со ред, веќе една деценија ја доживуваат оваа работа која ја доживееја.

За таа среќа и радост што ја постигнаа, некогаш можеби доцна, меѓутоа, и покрај се заслуга за сето тоа има оваа Влада која затвори едно прашање, да не се малтретираат, преку разните шалтери овие студенти кои успеаа да добијат диплома од Универзитетот во Тетово кој денес е државен универзитет.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шаќири.

На првото прашање ќе одговори заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам потпретседателе,

Проблемот е познат, бидејќи е малку постар, во однос на тутунот од Липковскиот и Тетовскиот крај.

По законот за тутун секој оној кој сака да произведува тутун, покрај другото треба да склучи и договор со откупно претпријатие односно претпријатие кое преработува тутун, за да може да го произведе.

Со оглед на околностите кои тогаш беа такви какви што беа, тоа го кажа и самиот пратеник, овие производители не склучија договор со претпријатие кое ќе им го откупи тутунот. И покрај тоа, имајќи ги предвид околностите кои ги имаше тогаш, ние се обидовме да посредуваме да може да се откупи и тој тутун од комбинатот Куманово. Тутунскиот комбинат во Куманово беше во една лоша финансиска состојба и тој не можеше да се нафати да го откупи тутунот туку се најде една фирма “Дема табак” која склучи договор со Здружението на тутунопроизводителите од Липковско дека ќе го преземат тутунот и ќе го платат на одложено време. Меѓутоа, за жал, оваа фирма не најде сили да го плати тој тутун и тој тутун сеуште стои во Тутунскиот комбинат во Куманово. И покрај сето тоа Министерството прави посебни напори во однос на лобирање, како да се реши овој проблем, бидејќи како проблем постои, тежи, тој треба да се реши, бидејќи тие луѓе што го произведоа тутунот, живеат од тој тутун и бараме начин како тој проблем да се реши. Ние правиме напори во однос на лобирање кај другите тутунски комбинати, и покрај тоа што нема договор, да им дадеме дозвола да можат да го откупат тој тутун, за да можат да го платат на производителите. Имаме еден мал проблем, бидејќи тоа е тип на тутун и технологија за преработка на таков тутун има само Куманово, другите немаат технологија за таков тип тутун да преработуваат. Меѓутоа, и покрај тоа, веќе разговаравме со некоку компании за да можат да го преземат односно да го откупат тој тутун. Јас се надевам, не ветувам, се надевам дека ќе се најде начин, еве читаме дека

тутунскиот комбинат во Куманово веќе почна нешто да работи, ако можеме да најдеме некоја друга компанија која ќе помогне во тој дел, да го откупи тој тутун за да може да им се плати на луѓето кои го произведоа.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џамбазовски.

Господине Шаќири дали сте задоволни од одговорот на прашањето, или имате дополнително прашање?

**Хисни Шаќири:** Јас би сакал само да му заблагодарам на заменик министерот. Мислам дека целиот пристап на заменик министерот околу оваа проблематика беше исклучително на ниво и сметам дека тоа беше конструктивен пристап и повторно ќе ви кажам ми дава надеж заменик министерот, со самиот факт што вели дека ќе се ангажираме и мислам дека овој ангажман сега ќе биде малку посериозен и овој проблем и сите оние проблеми кои се јавуваат како пречки, ги имам предвид. Многу пати го имаме разговарано тоа прашање на ниво на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Меѓутоа уште еднаш ќе кажам дека Министертвото се има предадено и има речено, ние не можеме да го решиме овој проблем. Значи, се обиделе проблемот да го пренесат во Владата. Затоа длабоко сум убеден дека тоа прашање, оваа елаборација што ја направивме, мислам дека и Владата ќе има предвид со каква форма, дали тоа ќе биде Прилеп или друг комбинат, ќе се обиде таа сума на пари ќе најдат можност да ја испратат, затоа што не е голема сума на пари, додека пак пропагандата што е направена на терен е многу тешка и со овој проблем сериозно се соочуваме.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шаќири.

За второто прашање немаме претставник од Министерството за образование. Одиме натаму со поставување на пратенички прашања.

Следен за поставување на пратеничко прашаање е пратеникот Никола Камчев.

Повелете господине Камчев.

**Никола Камчев:** Благодарам господине потпретседателе,

Јас сакам да поставам две прашања.

Првото прашање го поставувам до Владата и прашувам дали до овој момент во Република Македонија има утврдено најниска плата .

Причината за ова мое прашање е што во Здравствениот дом Радовиш, се создаде една ситуација на блокирање на сметките по правосилни извршни судски одлуки на општинскиот суд од Радовиш, потврдени од Апелациониот суд во Штип дека хигиеничарите треба да имаат најниска плата која ќе биде како основица за плаќање на придонес за инвалидско и пензиско осигурување, или 65% од просечната плата исплатена во Република Македонија, за претходниот месец. Се блокираат заради тоа сметките и Здравствениот дом дојде во ситуација со месеци да не може да земе плата.

Уште еднаш го повторувам прашањето до Владата на Република Македонија, дали до овој момент во Република Македонија има утврдено најниска плата.

Второто прашање е до министерот за финансии.

Со измените на Законот за здравствена заштита, аптеките кои беа и во состав на јавните здравствени организации, се продадоа на аукција. Аптеките достигнаа цена скоро 10 пати повисока откоку почетната цена. На пример во Радовиш на аукција почетна цена на аптеката беше околу 25.000 евра, а достигна цена од 220 илјади евра. Таа аптека бидејќи беше во состав на Здравствениот дом Радовиш, до 2002 година направила некои долгови во висина од 3 милиони денари, по основ на тоа што земала лекови, ги продавала во слободна продажба со некои маржи до 20-30%, не платила ни една фактура и останала должна на веледрогериите. Со камати сега овој долг е некаде од 7 милиони денари. Ни малку повеќе од еден милион евра.

Дали има можност, бидејќи тие средства земени од аптеките кои се продадоа, отидоа во буџетот на Република Македонија, дали има можност од тие средства да се подмират побарувањата на аптеките кои беа во состав на јавните здравствени организазции, бидејќи не чесно е, аптеките ги направиле долговите, се зедоа пари за нив, отидоа во Буџетот, а останаа должни јавните здравствени организации. Со тоа, практично одредени здравствени организации кои се помали здравствени домови, ќе потпаднат под една ситуација да се стават под принудна управа, да се ликвидираат, или да не можат да ја обавуваат својата функција за која се создадени.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Камчев.

Првото прашање е до Владата на Република Македонија. Ќе одговори министерот за финансии, господинот Никола Поповски. Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Владата е запознаена со причините заради кои прашањето е поставено, во врска со Здравствениот дом Радовиш. Владата не е задоволна од начинот на кој тој проблем се разреши. Меѓутоа Владата исто така е свесна дека судските одлуки за нас се извршни и не можеме да ги коментираме ниту пак размислуваме поинаку. Тоа е факт кој го прифаќаме како таков. Тоа создаде ситуација во која имаше блокади, исплати и финансиски нестабилности во Здравствениот дом во Радовиш.

Што се однесува до најниската плата, Владата на Република Македонија, во текот на вчерашниот ден односно денеска, претпоставувам, законот за работни односи го достави до Собранието на Република Македонија и внатре има одредби кои, се надевам дека некаде до средината на мај

Парламентот ќе го разгледа законот во првата фаза, во кој се регулира најниската плата, во системот на законот и други договори и акти кои ќе произлезат од законот, пред се колективните договори и општите и грандските и поединечните, кои се зацртани во законот и Владата ќе биде еден од оние социјални партнери кој ќе инсистира на спроведување на одредбите кои ќе ги донсе парламентот на предлог на Владата и после тоа на колективните договори кои ќе ги потпише во име на државата. Да се спроведува, инсистираме многу цврсто, тоа што ќе се договори таму со другите социјални партнери, во врска со најниската плата и тоа ќе биде една од корисните работи на новиот закон кој го предлагаме, во врска со работните односи. Значи, во таа реформа, тоа што сакаме да го заштитиме е дека цената на трудот има минимални граници испод кои нема да може да се исплаќа.

Сега господине Камчев не останува ништо друго освен да се донесе законот и ова наше уверување, да ве увериме дека ќе биде така. Значи бараме малку време, а ние ќе инсистираме тоа да биде на начин кој ќе го договориме сите заедно, зборувам сите во општеството.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре.

Господине Камчев дали сте задоволни од одговорот на прашањето, или имате да поставите дополнително прашање.

**Никола Камчев:** Од одговорот на министерот за финансии констатирам дека до ден денешен нема утврдена најниска плата во Република Македонија.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Камчев,

Има збор министерот за финансии, господино Никола Поповски, сеуште по однос на прво поставеното прашање.

Повелете министре,

**Никола Поповски:** Има, меѓутоа, системот не обезбедил тоа да се спроведува од страна на сите, најчесто од страна на работодавачите. Инаку, има. Меѓутоа, не се спроведува. Некои од колективните договори не се во правна сила, настаната е, да речам комплексна ситуација и затоа новиот закон тоа ќе го разреши. Премиерот на Република Македонија имаше средба на највисоко ниво со синдикатите, пред некој ден, и со нив се договори дека тоа ќе биде едно од полето на интереси и на синдикатот и на Владата, а да се надеваме и на работодавачите за ситуацијата да се доведе во ред. Тоа е една од работите заради која Владата инсистира реформа на работната сила, пред се преку законот за работни односи, што побрзо да се донесе. Токму од овие причини кои господинот Камчев ги наведе. Една од многуте е дека и тој дел не функционира што сакаме да го доведеме во ред. Инаку постои, меѓутоа не функционира. Постои.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Поповски.

Немате право господине Камчев, еднаш имате право на дополнително прашање.

По однос на второпоставеното прашање, има збор министерот за финансии господинот Никола Поповски.

Повелете господине министре.

**Никола Поповски:** Господинот Камчев кажа дека е направена неправда. Тоа би го сфатиле дека е во наводници кажано затоа што Законот за приватизација, не само на аптеките, туку сите приватизации кои од 1993 година, до денес, во различни сектори во државата се одвиваат, се одвиваат на принципот дека приходот од приватизација е приход на државата. Приходот на државата се остварува преку приход во Централниот буџет на државата. Тоа е најнормална појава во сите држави во светот.

Фактот што се оставени загуби, а се реализира приход од страна на државата, од приватизација, ако ги видиме конкретните бројки, особено бројките на приватизацијата во Радовиш, е позитивен биланс затоа што нивото на приватизационите приходи по основ на таа аптека се повеќе кратно поголеми од обврските кои аптеката ги оставила во здравствениот дом. Меѓутоа дејностите се приватизираат сегментарно, да речеме во овој случај, аптеките надвор од здравствените домови, а не и здравствените домови и целиот проблем сега настанува во односите помеѓу различните фондови на државата на централно ниво. Значи останува загубата во здравствениот фонд кој ги финансира здравствените институции, иако по наше видување не би требало да останува, затоа што тој закон, одамна беше јасно дека ќе се носи и требаше долговите да се измируваат, а приходот е на Централната власт, што значи дека државата како Република Македонија, нема негативно салдо од таа приватизација. Има позитивно салдо, а проблемот е на распределбата на средствата помеѓу централната власт на ниво на буџет, или во овој конкретен случај Фондот за здравствено осигурување, што е нешто што во рамки на Владата постојано го разгледуваме. Ние сме свесни на пример и сите знаеме дека здравствениот фонд има огромен дефицит и порано, историски, и во овој момент, што повторно централната власт бара решение тој да се покрие. Автономно, нема да можат тоа да го направат. Во тие сложени односи се обидуваме да ги нивелираме односите помеѓу фондот и централната власт. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Поповски.

Господине Камчев дали сте задоволни од одговорот на прашањето, или имате да поставите дополнително прашање.

Има збор пратеникот Никола Камчев.

**Никола Камчев:** Од одговорот на министерот сум задоволен, меѓутоа, последиците на

одговорот ќе се видат тек во работата на здравствениот дом Радовиш кој, најверојатно треба под итно да се ликвидира, заради тоа што не може да ја обавува својата функција без материјални средства, бидејќи тие пари кои сега ќе бидат, по пат на судски извршувања, најверојатно земени, за една година, тогаш не може ниту да функционира, ниту плати да се исплаќаат.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Камчев,

Има збор министерот за финансии господинот Поповски.

**Никола Поповски:** Ние сме свесни дека во јавниот здравствен сектор постојат бројни проблеми, пред се изразени преку повисоки раходи отколку приходи и традиционални дефицити. Меѓутоа, тоа нема да биде доволен факт за Владата, за да ликвидира некои од здравствените установи. Ако дојде до згаснување, евентуално на некои здравствени установи, тоа нема да се случи заради тоа што имаат блокирани сметки или дефицити, туку заради тоа што Владата и овој Парламент во соодветни процедури, тоа ќе го одлучат. Инаку во одредени моменти дека се јавуваат блокади и на институциите од јавниот сектор, е нормална појава во Република Македонија, затоа што постојано имаме такви ситуации. Меѓутоа, повторувам, тоа нема да значи дека ние ќе дозволиме да се ликвидира таа здравствена установа.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Поповски.

Следен за поставување на пратеничко прашање е пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

Повелете господине Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:**

Првите две прашања ги упатувам до МВР.

Барам министерот за внатрешни работи да ми достави целосна информација во поглед на престојните активности на граничната полиција и нејзиното преземање на. . .

**Слободан Најдовски:** Господине Трендафилов, се извинувам што ве прекинувам.

Ако барате информација, знаете како е по процедура. Ако поставувате пратеничко прашање, поставете го за да може да ви одговори.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Јас ќе го поставам на крај прашањето.

Ја барам инфорамцијата како предуслов за да не продолжам со шпекулации откако ќе го поставам прашањето. Ме разбирате?

**Слободан Најдовски:** Јас добро ве разбирам, но да расчистиме една работа. Друго е по Деловник барање на информација и се знае која е процедурата за да побараме инфорамција, а друго е поставување на пратеничко прашање. Поставете пратеничко прашање.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Ајде тогаш вака ќе направиме.

Има гласини дека МВР односно граничната полиција не е во состојба соодветно да одговори на претстојната активност, а тоа е нејзиното преземање на северната граница, од повеќе причини. Затоа би сакал министерот за внатрешни работи, затоа што станува збор за обемна и сериозна содржина на одговорот, претпоставувам дека ќе биде тоа по писмен пат, да ги демантира, да ги потврди, или во било каква друга форма да ги тргнеме овие шпекулации кои, како се доближува денот на преземањето, се се погласни и погласни.

Второто прашање е исто до Министерството за внатрешни работи.

Против колку лица досега МВР покренало обвинение, а се осомничени за подметенување и палење на куќи на македонците во Арачиново.

Третото прашање е до Министерството за транспорт и врски.

Колку диви споменици претежно од тетовско, гостиварско и од Танушевци, така наречени спомен обележја, уништи во периодот, особено откако се донесе законот за спомен обележја. Тоа се тие три прашања:

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Трендафилов.

Првото прашање е до министерот за внатрешни работи.

Има збор министерот за внатрешни работи, господинот Љубомир Михајловски. Повелете, господине министре.

**Љубомир Михајловски:** Бидејќи не работиме со шпекулации, господине пратеник, Министерството за внатрешни работи е целосно подготвено да ја преземе северната граница и северната граница ја преземаме на 7 мај оваа година, што се поклопува со празникот на Минисерството за внатрешни работи. Ова е да ги отстраниме шпекулациите.

**Слободан Најдовски:** Господине Трендафилов дали сте задоволен од одговорот на поставеното прашање или имате дополнително прашање.

Повелете има збор господинот Ѓорѓи Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Информациите кои што јас секако ги нареоков шпекулации, но бидејќи министерот ја злоупотребува таа моја намера и јас ќе зборувам дека имам инфорамции кои тврдат дека вие сте примиле 230-240 курсисти, со некаква експресна обука кои ќе бидат вклучени во рамките на обезбедувањето на северната граница, токму во граничната полиција. Дали е тоа вистина или не?

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Трендафилов. Имате дополнително прашање, има збор минситерот за внатрешни работи, господинот Љубомир Михајловски. Повелете господине Михајловски.

**Љубомир Михајловски:** Човечките ресурси што ќе ја покриваат границата се од составот на Министерството за внатрешни работи и човечките ресурси што ги преземаме од Министерството за одбрана. Тоа е по однос на првото прашање.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Михајловски. И, второто прашање исто до вас. Има збор министерот за внатрешни работи господинот Михајловски. Повелете господине Михајловски.

**Љубомир Михајловски:** Прашањето е против колку лица имаме покренато обвинение. Министерството за внатрешни работи не покренува обвинение. Обвинението го покренува обвинителството. Тоа е за овие куќи што се запалени во Арачиново. Во обвинителството треба да ви дадат одговор колку обвиненија се покренати.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Михајловски.

Господине Трендафилов дали сте задоволен од одговорот на прашањето или сакате да поставите дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ѓорѓи Трендафилов, повелете.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Јас се чини бев во заблуда, очекував прво некого да приведете, а да соберете докази, па да ги претставите пред обвинителството. Колкумина вие ги приведовте и за колкумина пред обвинителството побаравте да се покрене кривична пријава затоа што намерно палат куќи на македонци. Не се сеќавам колку се 16 или 17. Вие тоа треба да го знаете подобро од мене, бидејќи доста добро ги знаете законите.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Трендафилов, има збор минситерот за внатрешни работи господинот Љубомир Михајловски. Повелете господине Михајловски.

**Љубомир Михајловски:** Ова прашање сега што го поставувате е сосема различно од она првото. Бидејќи не ги знам бројките на памет ќе добиете писмен одговор.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Михајловски.

Третото прашање е до Министерството за транспорт и врски.

Има збор заменик министерот за транспорт и врски господинот Дејан Кошутиќ. Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Одговорот пратеникот ќе го добие во писмена форма.

**Слободан Најдовски:** Одговор на третото поставено прашање ќе добиете во писмена форма.

Збор бара господинот Јани Макрадули, координатор на пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз на Македонија.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, бидејки во салата има 4 претставници на опозицијата, а комплетната Влада на чело со премиерот е овде, барам пауза од 15 минути да утврдиме дали опозицијата има намера да поставува прашања. Бидејќи денеска е празник, како што самите рекоа ние би се повлекле и би ја завршиле седницата ако тие се спремни на тоа.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Објавувам пауза од 15 минути. Координаторите нека се договорат, па да не известат.

Благодарам.

(Паузата започна во 15,10 минути)

По кратката пауза седницата продолжи со работа во 15,20 часот.

**Слободан Најдовски:** Ве молам продолжуваме со работа, седнете си на место, бидејќи започнуваме.

Со оглед на тоа што координаторите на пратеничките групи не постигнаа договор, она што го предлагаше господинот Макрадули, со оглед на верскиот празник, да завршиме, тие не постигнаа договор, продолжуваме со работа.

Следна за поставување пратенички прашања е госпоѓата Цветле Јаневска.

**Цветле Јаневска:** Благодарам потпретседателе, почитуваниот премиер не е тука, почитувани министри.

Ќе го искористам своето деловничко право и ќе поставам две прашања.

Првото прашање генерално го поставувам до Владата за што според содржината на прашањето во одговорот ќе се најдат повеќе министри, согласно своите надлежности, пред се, министерот за локална самоуправа, министерот за транспорт и врски, министерот за финансии, а можеби ќе има работа и за министерот за внатрешни работи.

Инаку прашањето го поставувам на барање на граѓаните на селската населба Луково кое произлезе од контактите во канцеларијата на пратеникот.

Селската населба Луково која беше во состав на поранешната најголема по територија општина Луково е ридско-планинска населба со сурови климатски услови, со оскудни природни ресурси за развој и за живеење.

Луѓето од овој крај побудуваат восхит како и понатаму опстојуваат и се борат зо тешкотииите за основна животна егзистенција, а сепак не ги напуштаат своите родни огништа.

Притоа, еден од најголемите проблеми кој ги мачи е проблемот на нерешеното водоснабдување. За разрешување на овој проблем правени се обиди на два наврати, но без соодветен континуитет и што е најважно без завршница.

Уште од 1997 година започната е изградба на водовод со средства од Министерството за урбанизам, сегашна аналогија на Министерството за транспорт и врски. Изградбата е започната согласно главна изведбена техничка документација и работите на изградба на водоводот се изведувани постапно во зависност

онака како што достасувале средства од Министерството. Тие се преведувани директно на изведувачот по доспеани и контролирани ситуации за завршените работи.

Од предвидените работи со тој главен изведбен проект се изведени голем дел од ископите, положено е црево за главната водоводна мрежа, изградени се неколку попатни пречистителни станици и каптажа.

Во 2000 година Комисија со претставници на министерствата за финансии и локална самоуправа излегла на терен и констатирала дека изведените работи за 22 илјади денари повеќе од вкупниот износ на предвидените работи со проектот кој изнесува во вредност од 18,5 милиони денари.

Вредноста на чинење на повеќе изведените работи не им е исплатена на изведувачот А.Д. "Илинден" од Струга, а од која овој изведувач се откажал во прилог на населението.

Во 2001 година тоа е втор наврат, општината Луково сега со новоизбраната локална власт сега од редовите на ВМРО-ДПМНЕ наместо дотогашната СДСМ, учествувајќи со неколку проекти успева да издејствува од тогашната влада одобрување проект - изградба на водоснабдителен систем во оваа селска населба.

За овој проект кој веќе бил во фаза на градба се одобрени средства во висина од 250 илјади германски марки и тоа од средствата од продажба на "Телеком". Што се случува? Наместо да се продолжи изградбата на водоводот од таму до каде се стигнало и во тој контекс да се дадат работите на истиот изведувач од нашиот крај, така забележуваат граѓаните, се воведува нова фирма приватно претпријатие "Енергомаркет" од Скопје. Започнуваат да се прават нови ископи надвор од основниот проект, се поместуваат нови траси дури паралелни со веќе изведените на многу микро локации по два пати е поставувано црево за водоводната мрежа. Едноставно напуштен е стариот проект, а не се знае со кој проект е вршена изградбата без надзор и контрола. Изградени се два базени и неколку пречистителни станици сега во долниот дел од селото, но сето ова никој не знае дали и колку може да биде новоизграденото компатибилно и во функција со веќе изграденото.

Во последните четири години се менувани многу изведувачи и многу надзори и како резултат на сето тоа се нема увид дали извршените работи кореспондираат со некој и кој проект, а средствата, за жал, се потрошени. Но, дали за оваа намена не е утврдено за што не е извршен технички преглед ниту пак коалогација на изведените работи.

Но, едно е сигурно и после 8 години од започнатата градба на водоводот селската населба Луково и понатаму останува без вода за пиење.

Прашањето е дали може да се возобнови процесот на изградба на водоводот како приоритет и во разумно кус рок во селото Луково, респектирајќи дека одредена водоводна инфраструктура и одредени придружни капацитети се изградени, да се активирраат соодветните министерства во доменот на своите надлежности, да се направи техничко скенирање на поставената водоводна мрежа и придружните објекти, а потоа и пресек на дополнителните потребни финансиски средства да се изнајдат извори за истите и да се заврши работата. Но, во исто време да се направи, сугестија е, финансиска контрола на ненаменско потрошените средства и извршителот да се изведе пред лицето на правдата.

Ова се со цел граѓаните на село Луково да се обезбедат со вода за пиење за што овие граѓани фанатици за зачувување на родните огништа тоа го заслужуваат.

Второто прашање го поставувам до министерот за транспорт и врски, присутниот заменик. И ова прашање произлегува од непосредниот контакт со граѓани во канцеларијата на пратеникот. Се работи за недозволиво молчење на администрацијата. Имено, жителот од селската населба Драслајца Струшко води постапка за обезбедување потребни согласности за изградба на бензинска пумпа во непосредна близина на селската населба.

Патот за стекнување на потребните согласности е изоден за време од три години долг период, додавам, и сега се наоѓа во завршна фаза. Ги има добиено сите документи пропишани со закон за изградба на ваков инвестиционен објект. Потребно е уште да се добие последната согласност од Министерството за транспорт и врски, а тоа е одобрението за градба за што без овој документ граѓанинот не може да отпочне со градбата ниту пак да аплицира за добивање соодветни банкарски средства. Одобрението за градба никако да му биде испоставено ниту пак некое известување дали се исполнети сите услови или е потребно уште нешто.

Замолена како пратеник да помогнам во оваа крајна фаза од постапката, јас се вклучив, но и по сите мои заложби не добив можност да исконтактирам со министерот со образложение дека тој е постојано зафатен. Бев насочена кај шефот на Кабинетот, па кај државниот секретар, па пак кај шефот на Кабинетот и еве тоа трае веќе 60 дена, а ниту јас ниту граѓанинот воопшто немаме добиено известување дали постојат причини за неиздавање на овој документ.

Јас би го замолила заменикот да земе обврска и по разгледување на предметот под број кој се наоѓа во Министерството да ми даде одговор за случајот, а што е најважно истиот да се реши. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Јаневска.

Првото прашање е до Владата. Претставник на Владата во овој момент нема, ќе добиете писмен одговор на прашањето.

Второто прашање е до заменик министерот за транспорт и врски господинот Дејан Кошутиќ. **Дејан Кошутиќ:** И пратеничката кажа да

преземам обврска така што ќе биде известена од моја страна до каде е со предметот.

**Слободан Најдовски:** Значи, Министерството за транспорт и врски ќе даде писмен одговор.

Продолжуваме со поставување пратенички прашања.

Следна за поставување пратеничко прашање е госпоѓата Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван господине потпретседателе, претставници на Владата,

Првото прашање е до Министерството за образование и наука, но не знан дали има претставник од Министерството?

Прашањето е следното:

Многу пати до сега Министерството за образование и наука јасно го декларира својот став за деполитизација на образованието. Од 12 април  оваа година преку подрачните единци на Министерството за образование и наука до училиштата се доставени писмени известувања со кои се известуваат, наводно сите просветни работници и сите граѓани на Република Македонија кои се заинтересирани да следат обука за менаџери кои сакаат да добијат лиценца после полагањето за да можат да конкурираат за директори сите да се пријават и да можат да следат ваква обука. Наместо тоа, писмото - известување заедно со обрасците кои се дадени се стигнати до директорите поставени од оваа владеачка гарнитура и фактички тие се тие кои ќе ја следат обуката за полагање и стекнување право со лиценца.

На тој начин она што се декларираше дека ќе работиме на деполитизација на образованието се потврдува токму спротивното, значи се дозволува само на кадрите кои се поставени како директори во основните и средните училишта од оваа владеачка гарнитура да им биде достапно полагањето на лиценца во образованието.

Токму заради тоа, бидејќи е направена дискриминација кон сите оние просветни работници и граѓани во Република Македонија кои сакаат да следат ваква обука и тие да имаат право да полагаат за лиценца и утре друг ден да имаат можност да конкурираат.

Моето прашање е до Министерството за образование и наука како се планира да се создадат услови за конкурентност и квалитет на пазарот на трудот кога еве гледаме од друга страна се воведува монопол. Како тоа ќе биде исправено од страна на Министерството, бидејќи е спротивно на уставното начело за еднаквост односно под еднакви услови на секој граѓанин му е достапно секое работно место во државата.

Второто прашање е до Владата на Република Македонија, согласно правилата на Европската Унија Република Македонија започна со издавање на нови патни исправи во кои личните податоци на граѓаните се напишани на македонски јазик, но со латинично писмо при што постои разлика во пишувањето на одредени букви од македонскиот јазик, тоа се буквите Ж,S,Ѓ,Ќ,Ч и Џ, така што при поднесување на апликација за виза за ЕУ Шенген земјите потребно е да постои целосна идентичност на податоците на личното име и презиме на граѓанинот со гарантното писмо и другите документи кои се доставуваат во прилог на апликацијата, а кои документи потекнуваат од земјите членки на Европската Унија.

До нашата пратеничка група се обратија повеќе граѓани, кои се пожалија дека поради новонастанатата ситуација во која нивните имиња се напишани со овие букви, согласно новата терминологија и поради различното толкување на буквите не можат да го докажат својот идентитет со оној во документите кои потекнуваат од Европската Унија.

Од страна на амбасадорите во односните земји истите лица се упатуваат да го решат проблемот во Министерството за надворешни работи или Министерствот за внатрешни работи од каде со допис би требало амбасадите да бидат известени за новонастанатата ситуација, но и од двете министерства добиваат одговор дека ако е доставено барањето до едното министерство, да речеме до Министерството за надворешни работи, тие ги препратуваат до Министерството за внатрешни работи и обратно значи се префрла топката од едното министерство до другото.

Прашањето гласи која од наведените институции е надлежна за таквите известувања и зошто до сега тоа известување не е дадено и зошто поради ваквите административно-технички проблеми се дискриминирани граѓаните на Република Македонија.

Третото прашање е до Министерството за внатрешни работи.

Во пограничните дебарски села Џепиште и Отишани кои се наоѓаат на самата граница со Република Албанија за неполни месец и половина се случија напади врз имотот и безбедноста на граѓаните од овие две села.

Имено, криминални групи кои доаѓаат од другата страна на границата вршат напади врз имотите и безбедноста на населението. Од тие причини населението е принудено да се самоорганизира за да го зачува нивниот имот и нивната безбедност, што е обврска на државата, согласно Законот и Уставот на Република Македонија да се гарантира безбедноста, имотот и слободното движење на населението.

Пред три години  во селото Џепиште имаше полициска станица каде полицијата успешно ги извршуваше своите задачи за безбедноста на границата, имотот чувајќи ја и границата и имотот на населението од овие две села спрема градот Дебар.

Со повлекувањето на полициската станица од село Џепиште по доаѓањето на власт на коалицијата на СДСМ и ДУИ загрозена е безбедноста и имотот како и слободното движење на насселението. Затоа и родителите од селото Отишани се загрижени за нивните деца, а имаат над 150 деца кои учат во Основното училиште во село Џепиште. Со право бараат организиран

превоз за нивните деца до самото училиште само заради безбедноста односно чувството, загрозеноста за безбедноста и животот на нивните деца.

Прашањето кое го поставуваат граѓаните на селото Џепиште и Отишани, замолена сум од граѓаните од селата да го поставам следното прашање: Министерството за внатрешни работи да објасни која беше причината за дислокација на полициската станица од дебарското село Џепиште, како и да одговори што презема за повторното активирање на полициската станица во тоа село, значи таа да профункционира до моментот на преземање од страна на граничната полиција. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Првото прашање е до Министерството за образование и наука, но претставник од Министерството немаме, ќе добиете писмен одговор.

Второто прашање беше до Владата, имавте три четири потпрашања или прашања, па дали некој од Владата од присутните министри сака да одговори? (Нема)

И на ова прашање ќе добиете писмен одговор.

Третото прашање е до министерот за внатрешни работи.

Повелете господине министре, имате збор.

**Љубомир Михајловски:** Околу изградба, тактика и настап на полицијата ќе се согледуваат, госпоѓата пратеник што кажа, состојбите во наредниот период, многу брзо, во наредните денови дотолку повеќе што и западната граница треба да ја преземеме така што верувам дека денеска не можам конкретно да го дадам одговорот, не би бил прецизен, да не шпекулираме, ќе ви дадам писмен одговор во детали околу состојбата што ја кажавте да ги видам и согледувањата од терен околу настаните што ги опиша пратеничката.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре.

Наредниот пратеник за поставување прашања е госпоѓа Наташа Биковска.

Повелете госпоѓо Биковска.

**Наташа Биковска:** Благодарам потпреседателе, почитувани присутни министри и заменици.

Ќе поставам две пратенички прашања. Едното е до министерот за финансии и второто до министерот за транспорт и врски, присутен е заменикот.

Согласно членот 55 од Законот за персонален данок на доход кој гласи: Други приходи во смисла на овој закон се сметаат и приходите што ги остваруваат физичките лица а кои не се оданочени или не се иземени од одданочување со овој закон.

Откупувачите на шумски плодови, како правни субјекти се обврзани да плаќаат персонален данок на доход за физичките лица собираши на шумски плодови. Во општина Берово постои правен субјект, односно даночен обврзник кој се занимава главно со откуп на диви печурки, претежно за извоз, врз кој на 8.04.2005 година е извршена контрола на сите јавни давачки. Од констатираните состојби, управителот на оваа фирма реагира на наодот од Записникот кај ставката “Персонален данок по други основи”. При тоа тврди дека посочениот член од Законот другите инспектори во другите регионални дирекции од Управата за јавни приходи не го толкуваат така, што би значело дека откупувачите на шумски плодови во цела Македонија немаат обврска за плаќање на истиот данок. Според сознанијата, никој не го барал тоа од нив. Дури ни беше презентирано дека од конкурентски фирми што постојат повеќе од 10 или 15 години на истиот регион никој до сега кај нив не утврдил дека оваа обврска за персонален данок на доход по други основи, што не значи дека сето тоа што го наведов е и точно.

Со сиот респект, почит и целосна подршка кон работењето на Управата за јавни приходи, а со цел да се исклучи евентуален селективен пристап на инспекторите, водејќи се од Уставното начело дека пред Уставот и законите сите граѓани се еднакви и дека владеењето на правото и Законот важи за сите подеднакво, без исклучок, а имајќи предвид дека сумите што се пресметуваат како обврска за персонален данок се енормно високи, а да го исклучиме аспектот на нелојална конкуренција, прашувам дали правните субјекти, откупувачи на шумски плодови кои се бават со оваа дејност на територијата што ја опфаќа регионалната Диорекција на Управата за јавни приходи под чии надлежности е и општина Берово, ја платиле посочената даночна обврска согласно член 55 од Законот за персонален данок на доход.

Бидејќи претпоставувам дека одговорот ќе го добијам во писмена форма, а со оглед на тоа дека во нашата држава оваа дејност е прилично доходовна, постојат сосема мал број на правни субјекти што го користат природното благо, шумски плодови и лековите растенија, би сакала да го добијам податокот за сите фирми во Република Македонија како ја подмириле својата даночна обврска по овој основ, барем за последните две години наназад. А, се надевам дека на одговорот ќе претходи толкување на член 55 од овој Закон од страна на Министерството за финансии за правните субјекти што се занимаваат со откуп и зивоз на диви односно шумски плодови и лековити растенија.

Второто прашање е до министерот за транспорт и врски. Од страна на АД “Берово-транс” во октомври 2003 година е поднесено барање за добивање дозвола за меѓународна линија Берово-Благоев Град, а во прилог на барањето доставени согласности од градоначалниците на околните општини Пехчево и Делчево, се разбира вклучително и Берово.

Во октомври 2004 година ова барање е обновено од страна на раководителот на АД “Берово-транс”

сум информирана дека надлежната Комисија за меѓународен сообраќај при Министерството за транспорт и врски го одобрила барањето, но постапката не е завршена со верификација од Кабинетот на министерот.

Моето прашање е дали министерот е запознаен со овој предмет, кога би имало услови да го потпише одобрението за “Берово-транс” за меѓународна линија Берово-Благоевград, затоа што покрај интересот на 50 семејства што егзистираат од оваа фирма, би потенцирала дека премногу се заинтересирани и граѓаните од целиот регион, од аспект на трговска размена, образование и туризам, со оглед на престојниот летен период.

Ви благодарам за вниманието.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Биковска.

Првото прашање е до Министерството за финансии.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Толкување на членот 55 нема потреба да даваме, тој е јасен и ние го применуваме така како што Собранието го донело.

Персонален данок плаќаат, треба да плаќаат и ќе плаќаат оние кои се бават со откуп на шумски плодови.

Министерството за финансии, заедно со органите во состав на Министерството законите ги спроведуваат подеднакво на целата територија на Република Македонија .Не правиме различно толкување, ниту различен пристап зависно од тоа дали некој се наоѓа во Берово или во Струга, во Гевгелија или во Тетово. Секаде подеднакво ги применуваме законите и така ќе продолжиме.

Во врска со барањето да ги дадеме податоците за сите во последниве години кои што се бават со таа дејност, дали, колку итн. плаќале по овој основ даноци, неколку пати сум кажал во Собранието дека тие податоци, согласно законите, не ги доставувале. На тој начин Министерството за финансии, како и сите други институции ги штитат информациите на даночните обврзници. Само да потсетам дека даночни обврзници во Република Македонија се сите физички и правни лица по разни основи. Дека, зависно дали од нас ќе се побара за конкретен случај, освен тоа со закон не е неопходно, не ги даваме податоците, да не се доведеме во позиција да ги даваме податоците на секој кому му требаат за разни основи. Тоа е на некој начин пропишано. Што значи дека таа обврска не можеме да ја исполниме.

Последното од неколкуте потпрашања во тој контекст, можно е некој кој се бави со таа дејност да не плаќал персоналец. Не исклучувам. Меѓутоа, тоа можело да се случи само по два основи: Тој да не плаќа, тоа правно лице да не плаќа и едновремено Управата за јавни приходи да не дошла во контрола и тоа да го утврдила. Тој не плаќа. Меѓутоа, јас на таквите им препорачувам да се молат на оној Бог на кој веруваат да не им дојде Управата за јавни приходи. Затоа што ако им дојде ќе им наплати со камата за сите месеци и години наназад за кои не платиле. Тие ќе си пресметаат после дали било добро што плаќале или не. Што значи дека ние ригорозно го спроведуваме тој заокн.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Поповски.

Госпоѓо Биковска дали сте задоволни од одговорот на прашањето или имате дополнително прашање?

Има збор госпоѓа Биковска Наташа.

Повелете госпоќа Биковска.

**Наташа Биковска:** Во целост се согласувам со она што го кажа министерот на кој начин и како функционира целокупното Министерство за финансии со сите свои одели. Затоа кажав дека изразувам респект, почит и целосна подршка кон она како ги спроведува законите Министерството за финансии.

Но, сакајќи да докажам дека тоа е така ги побарав податоците и еве сега повторно искажувам дека се согласувам со она што го кажа дека така функционираат во тој дел. Еве го повлекувам тој дел од прашањето.

Она што останува како одговор како работат инспекторите и она што рековме дека некои треба да се водат на Бога ако не платиле таков данок, да се надеваме дека во иднина ќе го почитуваат тој член од Законот. Сметам дека е некоректно, она што го наведов, во насока на нелојална конкуренција, оној кој е предмет на инспекција, а оној кој не платил данок да функционира и понатаму. Јас имам верба во инспекторите од Управата за јавни приходи и ја подржувам нивната работа во целост. И до сега сум задоволна, особено од нашите во Берово и целата регионална Дирекција од Струмица.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Биковска.

На второто прашање, поставено до Министерството за транспорт и врски ќе одговори заменикот министер за транспорт и врски, господинот Кошутиќ Дејан.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** На ова прашање ќе добиете писмен одговор.

**Слободан Најдовски:** На прашањето ќе се одговори писмено.

Продолжуваме со поставување на пратенички прашања.

Следен за поставување е господинот Михајло Георгиевски.

Повелете господине Георгиевки.

**Михајло Георгиевски:** Благодарам.

Дозволете да ги поставам моите три прашања:

Првото прашање е до господинот премиер и до Владата.

По повод 60 годишнината од формирањето на Првата Македонска Влада, организиранатa прослава од страна на сегашната Влада на Македонија изобилуваше со недостатоци на многу важни моменти од блиското минато на државата. Реализаторите на овој проект, посветен на 60 годишнината изоставиле одредени настани што и не се баш небитни, бидејќи целата светска јавност беше информирана за нив.

Првиот од нив е атентатот на првиот Македонски претседател господинот Киро Глигоров што се случи за време на владеењето на премиерот Црвенсковски и за кој виновниците уште не се најдени. Дали е само случајно изоставен овој настан или на тој начин некој сака да го избрише од историјата и да премине во заборав?

Вториот настан е од времето на Владата на Љубчо Георгиевски кога Македонија ја потпиуша Спогодбата за стабилизација и асоцијација, што беше основа Македонија да ја поднесе Апликацијата за членство во ЕУ, а истовремено беше поздравена од сите политички партии. Дали овој настан е изоставен за да не и се препише на Владата во која што мнозинството го има сега опозиционите партии.

Третиот битен, а изоставен настан е бегалската криза што се случи на Македонија во 1990 година, кога над 300 илјади жители од Косово, бегајќи од тамошниот терор, преминаа на територијата на Македонија, а голем дел од нив сеуште се наоѓаат и немаат намера да си заминат.

Моето прашање гласи - кој е виновникот за овие изоставени, но важни моменти, од историјата на Македонија и на каков начин ова ќе биде санкционирано?

Второто прашање е до министерот за култура.

Неодамна во печатените медиуми се појави информација за скандалозна негрижа за културното археолошко наследство. Имено, на локалитетот "Вила Зора", кое се наоѓа во околината на село Кнежје, кај Свети Николе на место каде се наоѓа главниот град на големото раноантичко кралство на Пајонците се распаѓа. Коските на античкиот град Пајонци, меѓу кои најверојатно и на нивните кралеви, чии гробови потекнуваат од времето седмиот до вториот век пред нашата ера зјаат отворени и незаштитени, исто како и другите пронајдоци на локалитетот.

Пред неколку години  група на археолози го виделе тој локалитет и пронашле значајни наоди: железни лампи, керамика и др. Денеска се е отворено и незаштитено. Бесценети ќерамички садови лежат по полињата, а кучињата влегуваат по гробовите и ги јадат коските.

Моето прашање гласи зошто овој локалитет не е заштитен како споменик на културата и зошто Министерството за култура не ја преземе својата обврска за негова заштита.

Третото прашање е за министерот за внатрешни работи.

Семејството на Драги Николовски, како раселени лица од скопското село Арачиново се сместени во домот "Здравско Цветковски" од каде за брзо време треба да се исели. Се поставува прашањето каде ќе заминат тие, бидејќи на 15 април оваа година останаа без својот дом во кој, речиси 4 години после воениот конфлит во 2001 година не живеат. Нивниот дом изгоре од непознати причини. Пожарот се појавил во една од собите и се проширил во другите простории, при што мебелот бил целосно изгорен и причинета е материјална штета проценета на околу 3 илјади евра.

Според Министерството за внатрешни работи причините за пожарот се непознати, како за овој, така и за останатите 15 запалени куќи на Македонци во село Арачиново од 2001 година па до денес.

Моето прашање гласи до кога ќе се дозволува оние кои учествуваат во палењето на куќите на македонците во село Арачиново да шетаат на слобода, неказнети и на кој начин МВР планира да ги заштити останатите неизгорени куќи?

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Георгиевски првото прашање е до Владата, а ќе одговори министерот за култура господинот Благој Стефановски.

Повелете господине Стефановски.

**Благој Стефановски:** Благодарам.

Бидејќи во печатот често пати бев споменувам како човек задолжен од Владата за прославата 60 години Македонска влада, и овој пат можам да кажам дека сите нешта што беа предвидени на таа прослава беа дадени на одговорни институции и поединци тоа да го прават.

За она што се случуваше на филмот, што требаше да оди како пропратен дел беше задолжена Кинотека на Република Македонија заедно со Македонската радио телевизија да направат еден документарен фил од 2,5 минути за секој претседател на Влада и да ги селектираат тие најбитни моменти за секој претседател на Влада, без разлика дали тоа траело шест месеци или четири години или осум години. Колку што се сеќавам најмногу имаше 10 години еден претседатле на Влада. Тоа е дадено на стручна екипа. Никој не цензурирал, никој не ги бирал тие.

Зошто не е атентатот? Јас можам да одговорам, после гледањето на филмот, претседателот Глигоров, сметам дека тој дел ги засега деловите на претседатели на Владата, а атентатот на претседателот Глиговор и авионската несреќа на вториот наш претседател господинот Трајковски исто така не беше прикажано, што значи дека претпоставувам кога ќе дојдеме на таа тема такви филмови ќе се прикажат.

Третиот дел, тоа што е бегалската криза, исто тука може повторно да го интерпретирам, зошто тоа го правеле, инаку најдобро треба да одговорат луѓето кои го правеле тој филм.

Претпоставувам дека тоа е дел каде што последни бевме влезени, немавме никакво учество ни удел, дека тоа ја засегна Македонија, тоа е сигурно. Не знам зошто тоа би го припишале на таа Влада и на премиерот на таа Влада господинот Љубчо Георгиевски. Ако видовте дека во тоа време на тие две ипол минути беше прикажано дека прв пат Македонија доби Европски првак во ракомет за тоа време, значи немаше никаква тенденција, како што некои сакаат да налепат дека сме селективни, т.е. екипата што го спроведуваше.

Во делот на книгите беше Архивот. Таму работеа специјалисти. Претпоставувам дека имало и таму некакви грешки, меѓутоа сигурно на оние кои ќе прават 70 години и филм и сето тоа ќе им биде полесно.

Во делот на изложбата, тоа го правеше Музејот на Македонија заедно со НУБ "Климент Охридски".

(зборување во салата)

Ај, ве молам ако сакате не коментирајте. Може после да поставите прашање. Не ве слушам, ама непријатно е. Темата е доста суптилна и непријатна.

Значи, немавме никаква лоша намера. Ако тоа прозвучи така?! Ние дадовме на одговорните институции. Тие се тие најодговорни институции. Во тие институции има и непартиски и партиски. Ако имале таква работа, тогаш треба да зборуваме дека нема професионалност. Тогаш можам да го разберам тоа. Јас сметам дека, ете, нашата рака како Министерство за култура и јас како министер апсолутно не допирала до некаква селективност.

Околу делот толку. Ако почитуваниот пратеник, ние секогаш имаме добри разбирања, ако постави некои, можеме во писмена форма точно да кажеме кои се луѓето кои стојат. За книгата точно стојат, за филмот, не знам, бидејќи тоа беше и без тон прикажан, требаше да оди во позадина на она што ќе беше илострација на музичките нумери и во делот на промоцијата на книгата.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стефановски.

Господине Георгиевски дали сте задоволни од одговорот на прашањето или имате да поставите дополнително прашање?

Има збор пратеникот Михајло Георгиевски.

Повелете господине Георгиевски.

**Михајло Георгиевски:** Да ви кажам право и не ссум баш задоволен од ова што ми се кажа. Треба некој да сноси одговорност за таа работа. А кој е одговорен, тој што ја креирал. Мора да има одговорност. Да не се прикаже моментот на потпишување декларација за асоцијација и стабилизација на Македонија со ЕУ, тоа е пропуст. Ајде, за претседателите, атентат, тоа е тоа. Но Договорот, што е фундамент за нашето живеење, за нашето зачленување во ЕУ, мислам дека нема оправдување. Треба санкции на она што го правел. Министерот треба да искаже, место хонорар, да им одбие на тие што го правеле тоа. На некој начин да се санкционира. Тоа е работа на министерот. Тој не може се да следи. Тие што го правеле, тие што го рецензирале, тие да сносат одговорност. Да се направи некој нов филм, некое дополнување, некакво извинување. Не елошо ако нешто се корегира инаку, тоа ќе остане во историјата. Моментот на 60 годишнината е голема и значајна работа.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Георгиевски.

Вклучете го министерот Стефановски.

**Благоја Стефановски:** Се согласувам со пратеникот дека тој дел за кој сега говориме, за потпишувањето на асоцијацијата треба. Дел од тимските материјали веќе ги нема и во македонска, се согласувам. За мене тој пропуст како човек, како казна тие не добивале хонорари за таа работа за тој филмски материјал, меѓутоа јас обрнав внимание и за мене исто е делот на потпишувањето.

Покрај ова кога ќе се прави за претседателите на Република Македонија документарен филм неизбежно е и тие детали кои што се трауми за Република Македонија, и едниот и другиот се стари, се договоривме и треба да бидат земени во предвид.

Во делот на ова претпоставувам, не знам, не можам да интерпретирам на луѓето кои што го работеле зошто не е кризата, но го интерпретирам јас на свој начин, можеби тоа е дел во кој што апсолутно ние само последиците ги сносевме. Зошто би го ставиле тоа на едно место, тогашниот премиер.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стефановски.

Второто прашање исто така е поставено до Министерството за култура.

Има збор министерот за култура господинот Благој Стефановски.

Повелете господине Стефановски.

**Благој Стефановски:** Такви теми ни се отвараат деновиве и за жал знае и почитуваниот пратеник Михајло Георгиевски дека и други поменици не се до крај заштитени. Тоа е работа кој што треба да не загрижува, иако на Кокина опсерваторија е 2800 години ние ја вклучивме и во УНЕСКО, се вклучивме и со некакви средства за истражување, бидејќи за тоа треба и проекти.

Денес во делот на тоа како Министерството за култура функционира е на годишните програми институциите и поединците се јавуваат со програми и за тие програми треба да се бараат и средства, без разлика дали се тоа дел за згрижување, истражување или дел за заштита.

Тоа е делот од професионалноста што тој проблем овие две години не е земен предвид. Тој проблем е цели 40 години. Тоа е делот на ова за

кое што јас кажав и делумно тешко се одлучувам да ставам менаџери кои што се во овој современ дух во такво суптилно дело на кое што во Македонија каде и да копнеш имате дел на некоја цивилизација, што е значајно за нас како Република Македонија. Сметам дека тоа треба да се прави и овој пат јас ќе барам од таа институција која е задолжена, Заводот за тој локалитет, меѓутоа еве одевме и во Румунија и тие имаат за жал многу мала сума со која заштитуваат дел од културното наследство. За жал ние мора да бараме и други извори, она што го говорев, и овој Парламент треба да се стави во функција на заштита на деловите, како што говорев на пример за Англија. Таму цела добивка на лотарија на Република Англија се дава за заштита на културното наследство. Во Италија Министерството е само за заштита на културните добра и архитектурата. Таа е сериозна тема, а ние немаме до крај стручни да говориме за тие теми, археолози кои тоа ќе го стават на соодветен начин. Ние носиме експерти и од УНЕСКО, имаме сега и такви делови и на обука, меѓутоа има средства. Тоа е голем период но за жал не сме до крај подготвени. Тоа е дел во кој што учеството сега и во Европската унија во делот на културата, професионалноста, функционалноста на археологијата треба на еден висок степен да се изградува и можеби треба да се бараат нови кадри. Не можат кадрите кои што се бавеле на начин на кој што мислеле дека е соодветен, тој не е соодветен начин и треба да се примаат нови начини, она што е применлово во Европа. Не значи ако тој дел го заштитиме како и некои други локалитети каде што се потрошени пари да се градат и да се доградуваат, не значи дека е тоа заштита. Можеби тоа е поштетно отколку ова на овој начин. Тоа во овој момент за жал е во Европа како што беше во еден период во деловите на иконите и други културни блага, кое што беше дел на меѓународната мафија, денес е археологијата сигурно дел кој што е предмет на таков криминал. Сигурно ќе се соочиме, тоа е делот на Интерпол кој што трагаат.

За жал тука се препоставува дека дури и наши луѓе учествуваат кои што се можеби некои од овие институции, што би било уште потрагично. Меѓутоа таа тема е многу поширока и се согласувам дека тоа треба да се заштити и на најсоодветен начин. Факт е во делот од нашите архиолошки ископини се наоѓаат и во многу музеи или надвор од државата во приватните музеи и тоа е делот кој што ние како мала земја го плаќаме. И во УНЕСКО законот кој се најавува десетина години дека ќе се донесе, да се вратат на пример археолошките нешта кои што биле најдени на местото од каде што потекнуваат без разлика дали е тоа дел на некоја империја, или на големите царства но да се врати, на пример ако било од Охрид, ако било од Свети Николе, од тој дел да се враќаат. Тешко е тоа заради суптилната тема која што ги засега можеби и големите држави. Тоа сеуште не е донесено. Јас сметам дека тоа е најголемиот дел на цивилизациска придобивка и тогаш можеби ќе спадне таласот на овој дел на криминал, кој што е евидентен на овие делови и на овие простори денес.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министер.

Господине Георгиевски дали сте задоволен од одговорот на прашањето или сакате да поставите дополнително прашање.

Има збор пратеникот Михајло Георгиевски.

Повелете.

**Михајло Георгиевски:** Од искажувањата на министерот добив убедување дека ќе вложи напор и овој локалитет да се заштити т.е. да се ипрати од надлежните институции да се заштити како овој локалитет така и на другите каде што навистина ситуацијата е критична.

Во таа смисла можам да кажам дека сум задоволен од неговата акција што ќе ја преземе во таа смисла.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Георгиевски.

Третото прашање е упатено до министерот за внатрешни работи.

Има збор господинот Љубомир Михајловски, министер за внатрешни работи на Република Македонија.

Повелете господине министер.

**Љубомир Михајловски:** Благодарам. Јас сметам дека на дел од прашањето би било добро да одговори претставникот на Министерството за труд и социјална политика, бидејќи дел од тоа прашање е за него, а во делот што се однесува за Министерството за внатрешни работи, бидејќи прашањето е поставено до кога ќе се дозволува да горат куќите Министерството за внатрешни работи не дава дозвола да горат куќите.

Такви мерки превзема Министерството за внатрешни работи, превзема оперативни мерки за заштита на куќите и граѓаните во споменатото место, како и за откривање на сторителите после извршени вакви кривични дела.

Истото прашање го имав и од пратеникот, господинот Ѓорѓи Трендафилов, на него ќе му одговориме писмено, па ќе имате во бројки колку се сторени, колку се откриени и пријавени вакви злочини.

На другиот дел на прашањето ќе одговори претставникот на Министерството за труд и социјална политика, за конкретната личност што прашавте.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Михајловски.

Како дополнение на одговорот збор има заменик министерот за труд и социјална политика господинот Самка Ибраимовски.

Повелете господине Ибраимовски.

**Самка Ибраимовски:** Благодарам господине потпретседател.

Како што рече министерот Михајловски внатрешно раселените лица се под наша ингеренција односно под Министерството за труд и социјална политика. Ние водиме грижа околу внатрешно раселените лица. Меѓу тие дерегистрирани лица се наоѓа и Драги Димитриевски. Тој е дерегистриран од причини што ја има продадено својата куќа за 9 илјади евра на лицето Риза Н од Скопје. Поради тоа сите тие што ги имаат продадено куќите ние ги дерегистрираме и од тие причини е дерегистриран и Драги Димитриевски.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ибраимовски.

Господине Георгиевски дали сте задоволен од одговорот на прашањето, или имате да поставите дополнително прашање.

Има збор пратеникот Михајло Георгиевски.

Повелете.

**Михајло Георгиевски:** Не сум задоволен. Не ми се кажа какви акции ќе преземе Министерството за внатрешни работи за спречување на ова немило зло.

Второ на Драги Николовски куќата му е запалена. Пред тоа дали ја продал, таа е негова куќа кога фигурира дека е негова, значи дека е негова и не знам сега како ја продал, таму-ваму. Таа куќа е изгорена. Тоа е проблемот. Сега тој човек што ќе прави.

Друго, полицијата треба да ги открива злочинците и треба да ги кажува - денеска го откривме тој и тој што ја запали таа и таа куќа и го даваме на судството да го суди, да го затвора. Таа работа полицијата треба да ја прави. Ние досега не слушнавме, не видовме дека еден човек е фатен и предаден на судење. Тоа го барам јас од полицијата, да иницира, да открие. Тоа е нивна работа. Затоа ние данок плаќаме на полицијата, да ги открива тие злочинци, а вака ништо не правиме.

Инаку ова што кажа министерот дека ќе даде одговор во писмена форма ќе го прочитаме, ќе го видиме, меѓутоа ќе дојде после 5 месеци, кој знае кога, а битно е сега да каже, да даде убедување дека ќе преземе акција за откривање. Тоа е што се очекува сега. Инаку, понатаму ќе се појават и други запалувања, и други побуни, и други немири и случаи, а полицијата е таа што треба да открива и да казнува, како и да ги дава на суд.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Георгиевски.

Да не настане некоја збрка вие споменувате Николовски презиме, заменик министерот за труд и социјална политика спомнува Димитриевски.

(Пратеникот Михајло Георгиевски реагира од место и не се слуша).

Па, вие ако велите Драги Николовски, тогаш заменик министерот објаснува за Драги Димитровски.

(Михајло Георгиевски од место - тоа е друг. Драги Николовски ...)

Има збор заменик министерот за труд и социјална политика.

Молам да внимаваме со споменувањето на имиња и презимиња на личности со цел да не им нанесуваме штета на нивниот дигнитет.

Повелете господине Ибраимовски.

**Самка Ибраимовски:** Благодарам господине потпретседателе.

Затоа јас прашав дали се работи за Драги Димитриевски или Драги Николовски.

Драги Николовски не е дерегистриран од Центарот. Беше направена една грешка и сега е вратен повторно во Центарот односно во домот каде што е сместен.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Значи сега е во ред, ја исправивме грешката.

Продолжуваме понатаму.

Следен за поставување пратенички прашања е пратеникот Иван Анастасовски.

Повелете господине Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван потпретседател.

Господа министри, заменици, колеги пратеници,

Јас денес ќе го искористам моето право и ќе поставам три прашања кои доаѓаат како иницијативи од здруженија на граѓани, група граѓани, пензионирани работници од Министерството за внатрешни работи.

Едното е иницијатива на општина Старо Нагоричане, Советот на општина Старо Нагоричане и градоначалникот.

Првото прашање ќе го поставам преку Владата, сега овде надлежностите според она што јас го имам се поделени до Министерството за внатрешни работи и Министерството за образование. Значи тука има поделба на надлежности.

Со донесување на новиот закон за безбедност во сообраќајот од 17.06.2004 година во членот 30 се отежнува работата на функционирањето на авто школите, бидејќи во поставениот рок од една година кој е даден со овој член од законот, за кој треба да се усогласат истите со законот тие сметаат дека не можат за тој краток временски период да најдат и да едицираат такви кадри кои во моментот во Македонија се многу дефицитарни.

Исто така напоменуваат дека со тој закон се обесправени во однос на другите образовни институции. Голем проблем им претставува и тригодишното работно искуство неопходно за обавување на функцијата претседавач и испитувач во теоретскиот дел во Комисијата. Со примена на ваквото законско решение тие тврдат дека ќе бидат принудени да отпуштаат дел од вработени односно без тие да имаа шанса да се дообразуваат.

Моето односно нивното прашање е во правец на тоа дали е можно Владата преку овие две ресорни министерства кои се надлежни од оваа област да им излезат во пресрет на здруженијата на авто школи. Значи да се направи измена на членот 30 од Законот за безбедност во сообраќајот, со што тие бараат да се пролонгира рокот за усогласување кој сега е во период од една година, а истекува за месец дена, како што сум јас информиран.

Значи за да би добиле законски уште една година пролонгирање на тој рок за да можат да ги дообучат и едуцираат потребните кадри. Тоа е прашањето до ресорните министерства за внатрешни работи и образование.

Второто прашање е од група граѓани пензионирани работници во Министертвото за внатрешни работи.

Од пензионираните работници од Министерството за внатрешни работи на 7.09.2004 година и до претседателот на Собранието е покрената иницијатива за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување во делот на осигуреници со посебни должности и овластувања од Министерството за внатрешни работи во кое се презентирани и причините за тоа.

Значи оваа група, оваа категорија на луѓе прашуваат кои активности се преземаат од надлежните институции по барањето за нивната иницијатива се со цел да се изнајде соодветно решение за ублажување на социјалниот статус на оваа категорија осигуреници од Министерството за внатрешни работи, кои се пензионирани после 1.01.1994 година.

Согласно одредбите од тој закон, со кој е направен превид кој испродуцира негативни последици по нивната социјална сигурност.

Истите овие граѓани кои ја доставиле оваа иницијатива и до претседателот на Собранието и до пратеници, одговорот ако е можно децидно го бараат во писмена форма. Така е наведено во иницијатива и јас би замолил ако може тоа да се испочитува и одговорот да се даде во писмена форма.

Третото прашање е иницијативата на општина Старо Нагоричане односно на градоначалникот и Советот на општина Старо Нагоричане кое веќе е конституирано, има одржано своја седница и на својата прва конститутивна седница ги има донесено заклучоците за она што претставува нивни проблем. Со тоа покажуваат колку даваат значење на проблемот кој сакам овде да го истакнам.

Општина Старо Нагоричане се наоѓа на североисточниот дел од Република Македонија. Со новиот Закон за територијалната поделба, таа е една од поголемите општини со 451 км2 и една од најкарактеристичните работи е тоа што еколошки истата е најчиста.

Значи со изготвување на акционен план за управување со цврст отпад и физибилити студии за североисточниот регион на Република Македонија советот на општина Старо Нагоричане едногласно донесе одлука со која енергично се спротивставува на планот за изградба на регионалната депонија на местото Бела Земја, каде што КИК "Куманово" има добиено концесија за наредните 30 години да врши ископ на цигларска земја. Значи, до ова место кое го напоменав пред малку се наоѓаат куќи каде што живеат отприлика 1000 жители и тука се објаснува што точно таму се наоѓа, не би сакал во тоа да навлегувам и во сите тие детали, едноставно да го скратем сето она што се нивни заклучоци, сето она што е нивна констатација, на советот на општина Старо Нагоричане, би сакал да упатам прашање до надлежното министерство дали може да излезе во пресрет на барањата односно на заклучоците на советот на општина Старо Нагоричане по однос на таа регионална депонија, која е една од трите области каде што е предвидена и оваа. Тоа место да се заобиколи. Едноставно тоа е барањето на советот на општина Старо Нагоричане.

Би бил благодарен ако може на тоа усмено да се одговори, ако не може и во писмена форма да се одговори.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Анастасовски.

Првото прашање е упатено до Министерството за внатрешни работи и до Министерството за образование.

Господине министре, Михајловски ќе одговорите, или во писмена форма ќе дадете одговор.

Има збор министерот за внатрешни работи, господинот Љубомир Михајловски.

**Љубомир Михајловски:** Ќе одговориме писмено.

**Слободан Најдовски:** Ќе добиете одговор во писмена форма на ова прашање.

Второто прашање исто беше упатено до Министерстсвото за внатрешни работи и тука пратеникот рече дека може и писмено да се одговори.

Има збор министерот за внатрешни работи, господинот Љубомир Михајловски, повелете.

**Љубомир Михајловски:** Законот е донесен минатата година и има еден период од една година за прилагодување на овие институции што ги кажа пратеникот. Меѓутоа, ќе одговориме писмено, зза да можете да помогнете на тие школи што ги кажувате и да делувате од ваша страна. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Значи, ќе добиете одговор во писмена форма на ова прашање.

Третото прашање, исто така, пратеникот предложи дека може во писмена форма да се одговори, но тука е и заменик министерот за човекова околина, господинот Матовски.

Молам, господине Матовски, имате збор.

**Драгољуб Матовски:** Мислам може да се одговори и усмено на прашањето, бидејќи навистина се работи за студија која го опфаќа решавањето на проблемот за депонирање на источниот дел на Републиката.

Би сакал да ја искористам оваа можност да информирам дека согласно студијата за разрешување на отпадот во Македонија, Македонија е поделена на 5, поточно 6 зони заедно со Скопје. Тука треба да се направат депонии за собирање на отпадот, а воедно по тоа да следи и предуслов како фабрики за рециклирање на истиот или негово согорување во зависност од интересот на инввеститорите и можностите на општините на државата во наредниот период. Но, секако, прво треба да се направи отпадот во државата да се собере, да не биде целата држава депонија, како што сега го имаме тоа во овој момент. Точно е, студијата е во завршна фаза и токму во овој дел треба да има две депонии. Едното место од локацијата е во Старо Нагоричане. Пратеникот добро укажа дека се работи за место каде што се употребува за ископ на цигла, за правење земја за цигли, што доволно говори дека е тоа простор на глинено земјиште кое е водонепропустливо и испитувањата кои што се направени во овој регион говорат дека во делот на она што значи подземни води геолошки, геотермински, сите оние испитувања што изискуваат за поставување на вакви депонии, согласно домашните и надворешните експерти, бидејќи во оваа студија се користат искуствата на експертите од надвор, говорат за идеалноста на ова подрачје околу можноста да се направи депомија. А, фактот дека оваа општина е една од околошки почистите неминовен, но и факт е дека оваа општина зазема исклучително голема површина, како што и укажа пратеникот и нормално е на една ваква голема површина, покрај сите овие можности, еве се наоѓа едно вакво подрачје каде што буквално е идеално за правење на депонии од овој карактер. Тоа што, впрочем, го кажуваат и експертите.

Морам да укажам дека секогаш во Републиката кога настанува проблем околу создавањето на депонии и разрешувањето на проблемите, пред се, од отпадот секогаш имаме јавни критики од сите. Сите говорат зошто е тоа така, но кога ќе се побара и најдобра експертиза и кога ќе се понуди најсоодветното решение, за жал, отпорот на населението е секогаш присутен. Според тоа, во овој момент не би сакал да дадам одговор дали Министерството ќе преземе активности за дислоцирање на решението, за тоа решение зборувам, не за депонијата, но бидејќи таа сеуште не е направена, меѓутоа, бидете сигурни дека Министерството како и другите министерства, мора некогаш да биде доследно и да ги искористи сите оние најадекватни услови што ги пружа одредено подрачје во државата за правење на соодветен капацитет. Овде се говори за капацитет на депонија за заштита токму на целата држава и на целиот простор. Според тоа, во делот од можните три локации, точно една ењ оваа, сигурно студијата ќе го разгледа и ова барање, подетално ќе се разгледа и ефектот, бидејќи ние досега имавме направено консултации со населението, со сите релевантни чинители, кои треба да го одлучат ова и на крајот на краиштата општината е таа која треба да го донесе решението. Јас се надевам дека со една поголема јавна дебата на овој проблем,дека и овој проблем ќе биде разрешен во интерес на целиот регион. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине заменик министер.

Господине Анастасовски, дали сте задоволен од одговорот на прашањето или сакате да поставите дополнително прашање.

Има збор пратеникот Анастасовски Иван.

**Иван Анастасовски:** Оној дел кој јас не сакав да го читам и да ви одземам внимание, се гледа дека заменикот има познавање од тоа, всушност, тоа требаше јас да го прочитам она што е до мене упатено како пратеник. Значи, само би апелирал да остане на она што го кажа заменикот и се надевам дека заедно ќе го разрешиме овој проблем.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор заменик министерот за животна средина господинот Матовски.

Повелете господине Матовски.

**Драгољуб Матовски:** Секако дека во овој прв дел од Проектот е физибилити студијата, а потоа следува вториот дел од Проектот каде што треба нормално да имаме програма и се за разрешување и проект. Ние и понатаму ќе бидеме во контакт со месното население и органите. Се разбира дека во делот на она што значи јавно информирање, во овој дел ќе биде максимално запазен. Верувам дека ќе најдеме разбирање со населението.

**Слободан Најдовски:** Следен за поставување на пратеничко прашање е господинот Аднан Ќахил.

Повелете господине Ќахил.

**Аднан Ќахил:** Благодарам,

Би ги поздравил господата министри, ценети пратеници.

Јас ќе поставам три прашања, но гледам дека господинот министер за образование го нема, а и претставник од тоа Министерство, ќе се откажам од тоа прашање, писмено ќе го доставам накнадно и ќе очекувам писмени одговори. Другите двајца министри, претставници од екологија и од земјоделство и водостопанство се тука и прашањата се упатени до нив.

Првото прашање е до Министерството за екологија и животна средина. Имено, бев сведок, а и сите вие бевте сведоци на бомбастичните најави во новините дека околу Скопје, околу Аеродромот Петровец се гради нуклеарна депонија. Имено, ова што излезе во “Вест”, а и потоа одговорите од министерот за екологија до нив и протестите на селаните, покажа дека нешто

сепак постои. Мислам дека овој проблем во врска со нуклеарната депонија е многу сериозен проблем, за да може толку едноставно да се помине преку тоа, едноставно би требало, ако веќе се прави нуклеарна депонија, за тоа да има поширок консензус таа нуклеарна депонија да се прави онаму можеби каде што би требало да има услови за тоа, а сигурно не во близина на еден главен град, во близина на населено место, во близина на селско подрачје. Јас едноставно сум зачуден од фактот и од објаснувањето дека министерот за екологија не ги известил граѓаните за да не бидат вознемирени. Токму ова прашање, моето прашање е во таа насока, што е во тоа вистина, дали таков проект постои и до каде со тој проект. Ако е тоа вистина, врз основа на кои законски нормативи и врз основа на што е донесен таков проект и што се мисли понатаму да се прави во врска со таа депонија.

Понатаму, едно подпрашање, ако се мисли да се направи депонија во смисла на, како што објаснуваа во новините од Министерството за екологија и животна средина, демек требало да биде таа депонија за громобрани, такви материјали кои зрачат, јас само да ги потсетам дека една таква депонија во "Искра" Куманово ќе постои и мислам уште на едно место, само би требало да проверам документ каде е тоа точно. Ако веќе се прават громобрани, треба да се види тој проект за нуклеарна депонија како изгледа. На крај, чекам одговор и мислам дека разни депонии имаат разни проекти, разни начини на заштита. Ако се образложува дека ќе се прави депонија за таа намена, а се прави депонија, се копа длабоко со намера да се стават зидови, обложени зидови со олово од 30-тина сантиметри, сигурно таа депонија не е за материјали кои радиоактивно зрачат, од громобрани и слични материјали. Би бил пресреќен кога претставникот на министерот за животна средина би ми одговорил во врска со ова прашање. Би напоменал дека ова е апсолутно многу сериозно прашање, за да ние преминуваме тек така и да не добијам одговор, особено ние пратениците, бидејќи сме народни пртставници.

Второто прашање е упатено до министерот за земјоделство, водостопанство и шумарство. Имено, јас ќе повторам едно прашање што веќе го поставив на 25.12.2003 година, а се работи за материјал и генетски модифицирани семиња и материјал произведен од генетски модифицирани семиња. Добив еден одговор, но прашањето е толку актуелно и толку секојдневно што и во весниците постојано излегува на виделина демек ние користиме храна, користиме семиња кои потекнуваат од такви генетско модифицирани семиња и материи кои веќе се користат. И тогаш кажав а и сега ќе кажам дека во Полска се укажа и се покажа дека стоката, добитокот користат таква храна, а ние увезуваме месо од тие земји. Понатаму, во "Вест" имаше напис и во Македонија имаме материјали кои се увезени или се дојдени на нашите трпези на ваков или онаков начин, каде што директно и индиректно се користат генетски модифицирани семиња и материјал. Моето прашање е упатено и и тогаш и сега, бидејќи тогаш добив материјал како одговор дека немаме таква законска регулатива, до каде е со таа законска регулатива во врска со генетско модифицираните семиња и материјали. Дали има намера Владата тоа да го интензивира, за да добиеме еден таков закон, модерен европски зазкон. Уште повеќе, ние аплилциравме во ЕУ, а ќе се сложите дека во ЕУ топ тема и топ закони се оние со заштита на животна средина и заштита на самиот човек. А, употребата на генетски м одифицирани семиња и материјал кој потекнува од тие генетски модифицирани семиња, директно ја загрозува и околината, човекот и човековото здравје. Значи, уште еднаш ќе повторам, би сакал да дознам до каде е со законската регулатива во врска со генетски модифицираните семиња, при увозот, при извозот и при користењето и што се прави за нивната анализа и што се прави за откривање на она што се вика нелегална трговија во врска со вакви семиња и увоз на вакви семиња. Затоа што, гледаме дека инспекцијата во други области е многу ажурна и на терен, а што прави инспекцијата во овој домен, за да открие дали во Македонија на илегален начин се увезени такви материјали и семиња. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ќахил.

Првото прашање е до Министерството за животна средина и екологија.

Има збор заменик министерот за животна средина и екологија, господинот Матовски.

**Драгољуб Матовски:** Првото прашање беше поставено за, би сакал да биде малку попрецизно, не за депонија, туку се работи за депо за складирање на средно и ниско радиоактивни дотрошени елементи. Должам по прецизен одговор, познавајќи го и соговорникот на прашањето, ќе се трудам да бидам што е можно попрецизен и без разлика на задоволството и незадоволството од одговорот, сум на располагање и воопшто како Министерство на оваа тема да поразговараме, бидејќи ценам дека навистина и едната и другата се од битен карактер. Министерството за животна средина навистина посветува посебно внимание и истите сака да ги разреши што е можно на најдобар начин. Факт е дека Македонија склучи договор, таканаречен Рамковен договор со Меѓународната агенција за атомистика во Виена, за која се обврзува да направи дирекција за ниски и средно активни истрошени радиоактивни елементи. Тоа е една работа. Втора работа е за истите да се направи едно централно депо за нивно складирање согласно светските нормативи за нивно собирање и ракување, бидејќи агенцијата ќе ја има таа обврска. Во владина процедура е веќе донесувањето на оваа дирекција и јас верувам дека во една од наредните седници ќе биде оформена дирекцијата. Обврската беше да се направи депо согласно извршената физибилити студија за овие елементи колку и како ги има во

Република Македонија. Од сите точно најголемата, да речам, зрачност што може да ја има е во радиоактивните громобрани кои некаде во студијата, не ме држете за збор, но има над 260 парчиња, од кои одреден дел се веќе извадени и дислоцирани, но над 200 се сеуште во функција. За жал, одредени од нив се наоѓаат во детски градинки и установи, кои што се така поставени како што се, дури и на дрвени столбови, па постои можност од одредена хаварија истите да паднат и да се направи поголема опасност од озрачување на млади деца и да не речам населението кое ќе биде во просторот. Секако, чекајќи да се направи дирекцијата, ние согласно ова Министерството погрена активности да види до каде е проблемот, бидејќи овој проблем би требало да се разрешува уште во 1992 година со донесувањето на законите за радиоактивно зрачење. Но, за жал од тогаш наваму, сеуште овој проблем не е разрешен. Единствено, во оние громобрани кои се вадени и се ставани во ЈУГ за заварување и во Железара е одредено депо. Она што говорите за Искра немам такво сознание дека има депо во кое се складирани на соодветен начин. Би сакал да бидам информиран доколку има можност, но морам да укажам дека двете депоа во кои се веќе складирани одреден број на вакви дотрошени радиоактивни елементи, ниско и средно, се во функција, но веќе се односно нивниот капацитет се ограничува, за да не може нови елементи да се складираат. Морам да кажам дека овие капацитети се доста стручно направени, што буквално нема никаква радијација односно зрачење од депоата. Впрочем во ЈУГ може да видите дека над депото горе со години се работи и за доказ е луѓето што работат на тој простор немаат никакви последици. Истото е и во Железара, но најновите светски нормативи во разрешувањето на овој проблем диктираат едни нови услови што ги диктира Меѓународната агенција за атомистика и за решавање на овие проблеми и ние согласно тој рамковен договор пристапивме на решавањето на проблемот.

Дел од разрешувањето на проблемот беше да се направи, согласно големината на ниски и средни радиоактивни елементи, да се направи тоа депо. Тоа депо е некаде, согласно потребите на Македонија 80 квадрати, ќе биде некаде во величина од 200 квадрати, една мала резерва и 20 квадрати манипулативен простор, каде што ќе бидат сместени и луѓето кои ќе треба да ракуваат со ова депо. Како пред малку кога реков дека еве за една депонија се крева реакција на населението, што е нормално, ние сакаме да го решаваме проблемот, ама не во мојот атар, да биде во другиот атар, што е нормална работа на реакција, бидејќи тука емоциите се големи, па и во друга насока на елементи на иритирање на населението, што не би сакал да го коментирам ова да го поврзам со прашањето од ценетиот пратеник, затоа што на оваа тема на неколку пати сме разговарале и секогаш е токму од делот на стручноста и експедитивноста, без никакви политички димензии на проблемот. Токму и затоа се трудам да одговорам типично професионално, така што има неколку илјади јонизациони јавувачи и сите тие согласно експертизата и согласно препораките на Агенцијата требаше да биде во простор кој е добро заштитен, а во овој момент во Македонија се оцени дека најдобро заштитени простори, сепак, сеуште се просториите кои што се во кругот на касарните. Тоа е една работа. Втора работа, грото на овие елементи се наоѓаат во централното подрачје во Скопје.

Делот на стручните кадри кои што ќе работат се концентрирани во Скопје и условот за една депонија покрај неколкуте понудени решенија што ги имаше Министерството, експертите од Светската атомска агенција се одлучија токму за локацијата во Чојлија, бидејки истата од извршените анализи за локација на објектот за складирање од можното влијание ги исполнија сите стандарди. Така што и консултантот, или експертот господинот Касаман кој беше генерален директор на МЕА кој беше на лице место се одлучи за оваа локација. Фактот дека депо од ваков карактер на Македонија и е неопходно е факт кој што и населението не го негира. Но, факт е дека во јавноста од недоволна стручност на одредени новинари, па можам да кажам на одредени барања малку на популистичко однесување, така што буквално беше спомнато ова нуклеарна, не можам точно да се сетам на терминот, но се говореше за нуклеарна катастрофа на просторот. Јас морам да укажам дека во Македонија нема нуклеарен отпад, за среќа. Така што не би требало да се прави паника и ова што е, се работи за ниско и средно радиоактивни дотрошени елементи таканаречени заварени кои и во допир со вода и друго, немаат можност за понатамошно имплицирање од поголеми димензии. Просторот кој што е одбран е затворен простор, одоздола апсолутно извршени се сите геомеханички истражни испитувања и покажуваат дека е идеален. Но, единствена работа беше со тоа што се наоѓа точно во близина на Аеродромот, она што значи летање и слетување на авиони. Имајки во вид дека грото на аеродромите се направени дури некаде во градови и слично, ние побаравме мислење и од Агенцијата за атомистика во Виена. Нивниот одговор беше дека авионските патеки се земаат во предвид при избор на локација само за нуклеарни централи, површински постојки за одложување и други типови на нуклеарни постројки и отпади. Но, за ваков вид на ниско радиоактивен отпад, апсолутно не е елемент кој што би требало ограничувачки. Се разбира доколку се има локација која можеби е многу подобра за да се избегнат сите ризици е најдобра, но во овој момент се констатира дека ова е локација која што навистина ги задоволува сите стандарди. Ние одржавма разговори со претставниците на месното население со градоначалникот, претседателот на Советот и нивните претставници, како и претставници на дел од поранешни експерти кои се занимавале со оваа област и кои впрочем се и почетници на овој проект. Сакам да укажам дека овој проект го

реализираме оваа година е почетокот на неговата реализација, да не кажам дека идеата за разрешување е токму пред 4, 5 години. И ние ценевме дека тука нема потреба од никакви политички импликации, проблем кој е почнат од некого, а е во интерес на државата должни сме да продолжиме и да го разрешиме и тоа го правевме. На тој состанок населението укажа, претставниците укажаа за една загриженост на населението од можноста за она што би можело да се случи. Укажавме заедно со експертите и луѓето од науката што значи ова. Но, верувајте, ние сме убедени и знаеме дека со еден почетен разговор тоа не може да се разреши и дека свеста на населението и на луѓето за едни вакви опипливи и горливи прашања навистина треба многу поголем период на разрешување. И во наредниот период ќе се потрудиме со луѓето да разговараме, да укажеме, а воедно доставивме и материјал, деновиве ќе ви биде пратен. Тие бараа да имаат записник од состанокот, мислење за влијанието на складот за радиоактивен отпад врз Аеродромот Петровец добиено од експертот за меѓународна агенција, копија од публикацијата на меѓународната агенција во која се наведени критериуми под кои треба да се задоволи локацијата за изградба на складот, мислења и препораки на експертот во врска со избраната локација, урбанистички проект за складирање на истрошениот материјал и елаборат за извршени геомеханички истражни работи и лабораториски испитувања на локацијата и елаборат за оценка на влијание врз животната средина од обејктот за безбедно и трајно складирање на ниско и средно радиоактивен отпад во касарната Чојлија во село Петровец.

Сите овие документи се направени, во дел од нив извршен е и превод и ќе им биде доставено до структурите на општината . Еве сега на истите јавно им се извинувам, затоа што оваа средба е одржана токму пред една недела. Но во интерес, да не експериментираме и сета оваа документација да им биде присутна, впрочем еве го тој материјал со сите овие документи ќе им биде пренесен на луѓето. Но, мислам дека можеби е една фалинка во овој дел, дали во делот на активностите, во делот на времето на изборите, во времето кога беше интензивна градба, дали требаше, или не, да се консултира населението. Гледајќи ја конвенцијата, да, гледајќи ја политичката димензија оценивме, не. Затоа што ќе добиеше сосема друга димензија проблемот и навистина ќе имаше многу негативна конотација. Според тоа, седиме и на одговорноста на она што сме го презеле, макар што во основа делот на раководењето и управувањето со оваа проблематика не припаѓа само на Министерството за животна средина и просторно планирање, секако тука одговорноста и обврските се на Министерството за здравство. Проектот го води во основа Министерството за образование и наука, бидејќи истиот поаѓа од научна перспектива. Јас во овој момент толку. Навистина можам да зборувам многу повеќе за проектот. Благодарам што бевте трпеливи.

**Слободан Најдовски:** Благодарам. Господине заменик министер ако вака одговараме, ќе успееме да одговориме само на неколку прашања. Но со оглед на сериозноста на прашањето навистина е интерес кој што е предизвикан и од јавноста и треба едно детално информирање.

Господине Ќахил, имате ли вие нешто дополнително да дообјасните, или да прашате.

**Аднан Ќахил:** Очигледно дека заменик министерот се потруди да не информира за сите аспекти на овој проблем и благодарен сум што укажа малку со подолго објаснување за проблемот. Имено, се согласувам во потполност со дадените искази и објаснувања, тоа е тоа. Но, би сакал да напоменам неколку работи што вие кажавте за онаа димензија, ќе почнам од политичката и стручната димензија. Токму тоа е проблемот.

**Слободан Најдовски:** Господине Ќахил ќе поставувате ли дополнително прашање, или не?

**Аднан Ќахил:** Да. Токму тука е проблемот заменик министре. Вие рековте тоа е депо, не е депонија. Точно. Ама во написите е напишано дека е депонија. Тука е проблемот, затоа и го поставив прашањето. Во даден момент депото може да прерасне во депонија и тоа е можеби со сплет на околностиве. Значи, она што јас би сакал дополнително да поставам прашање. Вие рековте, да, ние имаме договори со Институтот за атомистика, имаме обврски, имаме се. Но, се работи за ситуацијата дали требаше прво да ја формираме агенцијата за ова, па после ова да се направи и да се најде една локација која што ќе биде надвор од населено место. А очигледно дека вие сте понудиле неколку локации, па избрана е најдобрата.

Дополнителното прашање е, дали сте понудиле локација во ненаселено место. Ќе се сложите, ова се сигурно ниски и средни радиоактивни елементи. Но, секогаш има проблем и можност за озрачување на околината. Мислам дека, ако понудевте опција во ненаселено место да се направи тоа и мислам дека таа опција ќе ја прифатеа тие од меѓународниот Институт. Мислам дека во даден момент сте понудиле вие она што сте имале, а би требало да ја консултирате и јавноста пред да донесете вакви одлуки и како што рековте самиот дека во даден момент на политички околности не би требало вие да и објасните на јавноста, а по сите препораки на меѓународните институти би требало да го направите тоа. Токму тоа сакав да кажам. Не само вие, туку и сите ние треба да ја консултираме јавноста без разлика какви се импликациите во врска со ова. Значи, моето дополнително прашање е, дали направивте нешто повеќе за да понудите друго решение, друга локација?

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ќахил.

Повелете, господине Матовски.

**Драгољуб Матовски:** Ќе се трудам да бидам максимално краток. Депото нема можност за

никакво радиоактивно зрачење во просторот. За тоа еве, јавно ја убедувам јавноста, а истото ќе го потврдат и експертите и научниците од оваа област, од овој вид на ниско и средно радиоактивен отпад. Тоа е една работа.

Второ, тој е димензиониран за она што го има во Македонија и ништо повеќе. И според тоа нема никакви можности за негово проширување.

И трета работа, во целата законска регулатива која постои кај нас во делот на изградба и на вакви објекти, бидејќи ова е стара законска регулатива, никаде не постои никаква обврска во делот на информираноста. Но имајки го во вид значењето, потребата и потешкотијата, го уважувам барањето, го уважувам укажувањето на ценетиот пратеник дека можеби требаше едно, или друго, но се одлучивме за ова. Но, не значи дека за истата нема да биде информирано и населението. На крајот на краиштата, бидејки се работи за една ваква проблематика би бил благодарен доколку било кој од оваа област, бидејки има многу малку стручни кадри во државата, се понуди да помогне во тој дел во разрешување и во експертизи во тој дел секогаш сме на располагање и ќе бидеме навистина благодарни за нивното учество во разрешување на едни вакви пробелми.

**Слободан Најдовски:** Второто прашање е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Има збор заменик министерот за земјоделие господинот Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Ќе бидам многу краток. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство покрај залагањата за зголемување на количините на храна, се залага и за производство на квалитетна и здрава храна. Бидејки знаеме дека од квалитетот и од здравата храна зависи понатаму здравјето на луѓето. Во таа насока Министерството работи на повеќе закони од кои некои се веќе и донесени. Еден од тие закони беше на претходната седница, се донесе Законот за здравје на растенијата каде што се формира еден заеднички, односно интегриран фитосанитерен систем каде што стрикно ќе се контролира од семе па се до трпеза, комплетно храната. Покрај овој Закон има и други низа закони како што е Законот за органско производство и т.н. се во функција на добивање на здрава храна.

Во Република Македонија нема закон за модифицирана храна, бидејки и не се употребува. Постојат повеќе лаборатории каде што се испитува увезената храна, а посебно семињата на растително производство се увезуваа со сертификати за потеклото на храната, од која држава, со какво потекло, со каква здравствена состојба и т.н., што значи дека сме максимално заштитени во оној официјалниот дел, или во оној дел каде што легално се увезува храната и не само храната, туку и самите семиња од што се произведува и самата храна. За евентуално нелегален увоз на одредена храна која не е здрава, тогаш водиме посебно грижа преку нашите фитосанитарни и ветеринарни инспектори на границата. Јас мислам дека таква храна не се увезува во Република Македонија.

Што се однесува на законот, законот е во фаза на изработка заедно со Министерството за животна средина, заедно со Агенцијата за храна. Тој закон очекуваме дека во текот на оваа година ќе биде даден во една фаза во Парламентот.

**Слободан Најдовски:** Господине Ќахил, дали сте задоволен од одговорот на прашањето?

**Аднан Ќахил:** Не сум задоволен од одговорот, бидејќи се работи не за генетски модифицирана храна, туку се работи за генетски модифицирани семиња и материјал кој потекнува од генетски модифицирани семиња. Јас само ќе цитирам она што вие ми одговоривте, а рековте сега дека вашите лаборатории, или лаборатории кои што сте ги консултирале кои контролираат ваков материјал при увоз на семиња. А вие сте ми одговориле вака. Во постојниот Закон за семе и саден материјал не се третира проблемот на генетски модифицирани семиња. Потоа велите, според нашите сознанија во Република Македонија не постои овластена лабораторија за утврдување дали некои производи се генетски модифицирани. Како трето сте рекле исто така, во Република Македонија не постои закон, ниту друг законски пропис со кој се уредува прашањето во врска со увозот, пуштањето во промет, употребата и производство на генетски модифицирани организми и производи. Одговор сте дале вие пред 6 месеци. И јас ве прашувам ако овие работи не постојат, не постои лабораторија, не постои законска регулатива, како вие сте можеле да ги откриете и да ги анализирате тие работи? Едноставно вие сте обврзани, мислам дека сте обврзани со меѓународни договори што ние сме ги ратификувале и потпишале од страна на разни влади и овој Парламент. И е топ тема и најважна работа и во агендата стои кога аплициравме за членство во Европската унија ова да се контролира и генетски модифицирани семиња и генетски материи можеби дирекно не можат некогаш да се видат бидејки тие изгледаат како обични семиња, но треба да има софистицирани лаборатории овластени, макар и надвор од земјата кои ќе ги испитуваат тие материјали. Врз основа на вашите одговори јас констатирав дека такво нешто има, а вие ми одговоарате сега дека тоа нема. Бидејки тоа е секојдневие, бидејки тоа е многу важна работа дали на легален, или на нелегален начин се увезуваат тие семиња, тие семиња постојат во Република Македонија ви тврдам и би требало да обратите повеќе внимание и на тоа што побрзо да донесете законска регулатива каде што ова ќе биде обврзувачко и ќе биде во духот на модерен европски начин на живеење токму во овој домен.

**Слободан Најдовски:** Има збор Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** За секое увезено семе државата која го произведува и го продава дава сертификат во кој точно кажува дали е потеклото од генетски модифицирано семе. Што значи дека таа има обврска, а тие имаат и лаборатории и таа има обврска да даде точно какво е семето.

Што се однесува до лабораторија за испитување на генетски модифицирана храна, точно е дека ние во моментот немаме. Меѓутоа, имаме веќе набавено сега која треба да профункционира во рамките на интегриран фитосанитарен систем и тој дел ќе можеме да го регулираме во наредниот период. Меѓутоа, сертификат мора да има за увоз. Не е дозволен увоз на генетски модифицирано семе,или на генетски модифицирана храна. Реков дека законот се изработува, во фаза на изработка е и очекуваме дека до крајот на годината ќе биде во една фаза во Парламентот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џамбазовски.

Од пратениците кои што беа пријавени, тука е господинот Флоровски, но времето измина. Тој ќе постави прашање на наредната седница кога ќе се поставуваат пратенички прашања.

Пред да ја завршиме седницата, дозволете ми од мое и ваше име на православните христијани во Република Македонија да им ги честитам претстојните Велигденски празници, да им посакам здравје и среќа на сите. Истовремено на сите граѓани на Република Македонија им ги честитам Првомајските празници.

Ја заклучувам 96-та седница на Собранието на Република Македонија.

Ви благодарма за присуството.

(Седницата заврши во 17,00 часот)